**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1257

Скопје, 15 март 2022 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1257 ОД 15 МАРТ 2022 ГОДИНА


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научната област архитектонски конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет – Скопје (**доц. д-р Александар Петровски**)............7-18
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Енес Хамидовиќ, Александар Ристов, Марија Јовева, Мартина Пенева, Ана Марија Јовановска, Андреа Зајкоска, Теодора Богданоска, Наташа Темова, Јаворка Пуреовска, Андријана Рамнешова, Марија Трајковиќ**)............19-20

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Шпресим Салиу, Николче Коцевски, Александра Митева, Александар Алексовски, Елена Даскаловска, Андреј Томиќ, Драгана Петрушевска, Александра Лазарова, Јовче Мирчески**)............21-22
2. Исправка на техничка грешка во наслов на тема за докторска дисертација (**м-р Кирил Симеоновски**)............23

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Интеракција помеѓу обликот на лопатките од спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина при променлив број на вртежи**, од **м-р Филип Стојковски**, пријавена на Машинскиот факултет – Скопје............24-35
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Денис Ташевски**)............36

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Габриела Бушиноска Иванова**)............37-50
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научната област неврологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Татјана Делева-Стошевска**)............51-68
3. Реферат за избор на асистент по предметот **Гинекологија и акушерство** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Наташа Илиева, асистент-докторанд д-р Ева Созовска Белчовска, д-р Ненад Вргoвиќ**)............69-76

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Трајче Митровски, Даниел Павловски, Мирјана Бијељанин, Бранкица Крстева, Драгана Бојковска, Ивана Петрушевска, Анастасија Ѓороска, Марија Коцева, Александра Кедева, Ема Стојановска, Драгана Терзиќ, Нена Алексова, Викторија Ѓорѓиоска, Мартина Саздова, Ангела Минова, Натали Марковска, Софија Цинцаровска, Барбара Коршул, Ана Ладевска, Павел Коцарев**)............77-79

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Зоологија** од авторите **проф. д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ** и **ас. м-р Јелена Хиниќ** од Природно-математичкиот факултет – Скопје............80-84

2. Рецензија на ракописот **Практикум по зоологија** од авторите: **проф. д-р Катерина Ребок, проф. д-р Маја Јорданова, проф. д-р Ирена Тавчиовска-Василева, виш лаб. Лозенка Иванова** од Природно-математичкиот факултет – Скопје........................85-90
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Емилија Маневска, Јове Башоски, Стефан Јованов**)........................................................................91

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на висината на супраструктурата врз стабилноста на имплантите – метод на конечни елементи** од **д-р Тања Дејаноска**, пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје..................92-99
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на конусно зрачна компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациска терапија** од **д-р Теута Довољани**, пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје.............100-107
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Ридван Асани**)..........................................................................................................108
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**д-р Данчо Бизевски, д-р Ирена Стојанова**)..........................................................................109
5. Преглед на одобрени теми за изработка на стручни трудови (**д-р Јетон Незити, д-р Матеа Ципунова, д-р Теодора Тилевска**)......................................................110

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Максуд Крлуку**)..........................................................................................................111

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Деспина Ристова, Ангела Магдеска, Марија Ѓоргиева, Моника Настеска, Александар Толевски, Дарко Ѓорѓијоски, Десанка Маринковиќ, Ивана Табаковска, Симона Спиркова**)........................................................................................................112-113

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) педагогија (50500) и андрагогија (50524), научно поле: образование, на Филозофскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Елена Ризова**)........................................................................................................114-141
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика, на Филозофскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Антонио Јакимовски**)..............................................................142-158
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Поетиката на христијанскиот етос во беседите на Свети Јован Златоуст** од **м-р Кирче Трајанов**, пријавена на Филозофскиот факултет – Скопје ........................................................................159-163
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Слободан Танасковски, Мирјана Јованова, Викторија Сиљаноска, Филип Милошевски, Марија Стефановска, Мартина Трајковска, Викторија Петровска, Сашо Веновски**)..........................................................................................................164
5. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Игор Ефтимовски**)..........................................................................................................165

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија на учебното помагало **Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2, прво издание**, од авторката **Наташа Стојановска-Илиевска**.........166-173

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Благоја Новески, Магдалена Кузмановиќ**)....................................................................................174
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Борјана Стојкова**)..........................................................................................................175

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Вера Димитриева**)........................................................................................................176

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ема Лакинска**)..........................................................................................................177

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Реферат за предвремен избор на научен советник во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје (**проф. д-р Александар Литовски**)...........................................178-182

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 11-12.12.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научна област архитектонски конструкции – 20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118, на Институтот за височоградба при Архитектонскиот факултет и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 08-6/255 од 23.12.2021 година донесена на 6. седница одржана на 23.12.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет и д-р Димитар Папастеревски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научната област архитектонски конструкции, архитектонска физика и друго на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Александар Петровски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Александар Петровски е роден на 10.6.1984, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во гимназијата „Никола Карев“, природно-математичка насока. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирал во 2008 година, со просечен успех 8,98 стекнувајќи се со звањето дипломиран инженер - архитект.

Кандидатот активно се служи со англиски и пасивно со германски јазик.

Во учебната 2010/2011 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии по градежништво, конструктивна насока, на Градежниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил на 28.5.2013 година, со просечен успех 9,83. На 28.5.2013 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Влијанието на ориентацијата, обликот и застаклувањето врз енергетската ефикасност кај приземни објекти*.

Дисертацијата на тема: *Одржлив проектен менаџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради* ја одбранил на 15.3.2017 година, пред Комисија во состав: д-р Валентина Жилеска Панчоска, редовен професор на Градежниот факултет, д-р Лилјана Денковска, редовен професор на Градежниот факултет, д-р Огнен Марина, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, д-р Минас Бакалчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет и д-р Вахида Жујо, редовен професор на Градежниот факултет при Универзитетот „Џемал Биједич“. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На 21.6.2017 година е избран во звањето доцент по група предмети од обласата на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1147 од 1.6.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1014 од 1.9.2011 година, бр. 1062 од 1.10.2013 година, бр. 1105 од 15.8.2015 година и бр. 1147 од 1.6.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од

последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Кандидатот поседува овластување за изработка на проектна документација од област архитектура од Б – категорија, овластување за изработка на урбанистички планови, односно планер, потписник на планска документација, овластување за надзор на објекти од област архитектура од Б – категорија, овластување за изработка на проектна документација од област енергетска ефикасност од Б – категорија, сите издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Архитектонски факултет, кандидатот доц. д-р Александар Петровски изведува настава и вежби на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура по предметите: Архитектонски конструкции 1, Архитектонски конструкции 2 и Архитектонски конструкции 3.

Кандидатот постојано работи на унапредување и модернизирање на наставната содржина на предметите на кои е избран со вметнување на современи наставни содржини, технологии, материјали, системи и концепти. Со цел овозможување на современите сознанија на студентите на Архитектонскиот факултет, тој е автор на скрипта и пакет материјали по предметот Архитектонски конструкции 1. Доц. д-р Александар Петровски е коавтор на 2 скрипти за одржливи материјали за градење објекти и градежните објекти и аспекти на одржливост.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 12 магистерски труда и 1 докторска дисертација.

**Научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Александар Петровски има објавено вкупно 16 научни трудови од областа на архитектурата, од кои 7 научни труда во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), индексирани во Web of Science и Scopus, 1 труд индексиран во Web of Science и Scopus и 8 труда во меѓународни научни публикации.

Трудот со ред. бр. 6 во Образец 2 ги истражува можностите за имплементација на принципи за проектирање регенеративни објекти, анализирајќи го примерот на првиот регенеративен објект изграден во Шпанија. Трудот бр. 7 ги истражува најновите научни достигнувања во областа на колаборативни платформи за урбан дизајн и споделување ресурси во градовите. Со трудот бр. 8 се предлага научен метод за реставрација на историски објект и подобрување на неговата енергетска ефикасност. Овие три труда се објавени во списание со висок импакт-фактор IF=3.251.

Научните истражувања во областа на одржлива архитектура, предвидување на оцената на одржливоста на објектите, поставување метод за оцена на одржливоста на фасадите, како и примената на одржливи материјали, со акцент на производи од дрво и модифицирано дрво се објавени во трудовите со ред. бр. 9, 11 и 12, во списанија со импакт-фактор. Извршена е споредба и оцена на животниот циклус на материјалите, нивните емисии, притоа анализирајќи ги енергетските перформанси кои се постигнуваат во објектот со нивната примена. Трудот бр. 13 ја истражува перцепцијата на раководителите на изградба во однос на факторите кои придонесуваат за одржлива изградба. Трудот со ред. бр. 10 анализира перформанси на обвивката кај канцелариски згради преку студии на случај и е објавен во списание со висок импакт-фактор IF=7.147.

Трудовите со ред. бр. 14-21 содржат истражувања од областа на одржливоста на ниво на изградената средина, објектите, конструктивните склопови како фасадите и крововите, како и на ниво на материјалите. Тие се објавени во референтни меѓународни публикации со членови на научен одбор од три различни земји. Со трудот бр. 14 се истражуваат предизвиците по изградената средина предизвикани од климатските промени. Во трудовите бр. 15 и 17 се врши преглед, анализа и компарација на напредни софтверски алатки за параметричко моделирање, оптимизација на носивата структура на објектите и поддршка на архитектонскиот проектен процес преку употреба на генетички алгоритми и напредни математички модели. Во трудот бр.

16 се предложува модел за интегрирано проектирање на паметен мебел за лица во трето доба. Со трудот бр. 18 е извршена споредба на конвенционални и адаптивни фасади, како напредно конструктивни склопови кои нудат големи можности во создавањето одржливи објекти. Во истражувањето во трудот бр. 19 се моделирани различни сценарија за користење на деловни објекти и оцена на перформансите, потрошувачката на енергија и енвиронменталниот перформанс на поставените софтерски модели. Имлементација на напредни софтверски алатки, примена на оптимизациони модели и генетски алгоритми е направена во трудот бр. 20, кај студија на случај на фасада на спортска сала, која е проектирана според предложениот метод и постигнува високи одржливи перформанси. Анализа на конструкцијата и различни конструктивни склопови кај станбени објекти е извршена во трудот бр. 21, при што се анализирани и споредени мноштво конвенционални и одржливи материјали од аспект на животен циклус на материјалите.

Како коавтор учествувал во изработката на делови од книги во областа на одржливите и регенеративните објекти, односно за регенеративни системи: интеракции, алатки, платформи, мерки и практики, како и за реобмислување на одржливоста и преод кон регенеративна економија.

Бил рецензент на труд поднесен во списание со импакт-фактор, индексирано во Scopus.

Кандидатот одржал презентации на три реферати на научни собири, и тоа на Универзитетот во Фиренца, Универзитетот во Луцерн и Архитектонскиот факултет во Белград. Во изминатиот период, кандидатот реализирал 2 истражувачки студиски посети.

Доц. д-р Александар Петровски бил раководител на 1 национален научноистражувачки проект за развој на одржливи политики во градежништвото во РС Македонија. Учествувал како член во 3 меѓународни научни проекти.

Кандидатот бил ментор на 10 магистерски труда.

**<u>Стручно-уметничка дејност</u>**

Во рамките на стручно-уметничката дејност, кандидатот доц. д-р Александар Петровски е автор на 3 идејни архитектонски решенија и одговорен проектант на 16 архитектонски проекти за изведени станбени, деловни и индустриски објекти. Автор е на 8 идејни обликовни решенија за елементи од мебел и 7 изведени проекти за елементи за мебел во станбени и деловни простории. Учествувал на 1 архитектонски конкурс.

**<u>Стручно-применувачка дејност</u>**

Доц. д-р Александар Петровски активно е вклучен во стручно-применувачката работа.

Автор е на книга со анализа на изработка и донесување на политики во градежништвото.

Кандидатот е автор на 9 идејни архитектонски проекти за ентериерно уредување на деловни простории и кафетерии. Одговорен проектант е на 24 основни архитектонски проекти за административни, станбени, деловни, индустриски и угостителски објекти и ентериери.

Кандидатот, исто така, покажува активност во дејностите од поширок интерес за професијата и научната работа. Од 2021 година, доц. д-р Александар Петровски е избран за раководител на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Кандидатот доц. д-р Александар Петровски учествувал во изготвување и пријавување на 1 научен национален проект, а исто така активно е вклучен во работата на 4 комисии при Архитектонскиот факултет.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот доц. д-р Александар Петровски, во континуитет, позитивно е оценет со високи оценки преку анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет за наставно-образовната дејност на сите предмети во кои учествувал како доцент.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Александар Петровски. Кандидатот демонстрира академска и педагошка одличност, професионална етика и научен и стручен придонес во сите домени кои се предмет на оцена во овој Извештај.

Комисијата ги препознава и високо ги вреднува заложбите на кандидатот за интеграција на своите научноистражувачки, стручно-уметнички и стручно-апликативни достигнувања и знаења во наставно-образовната дејност и курикулумот на Архитектонскиот факултет во Скопје. Кандидатот демонстрира висок квалитет и посветеност во реализацијата на наставата на Архитектонскиот факултет, водејќи сметка за унапредување и осовременување на наставните содржини, вградувајќи ги најновите научни сознанија, практики и методи. Со неговата академска работа и достигнувања, особено со објавените научни трудови во меѓународни списанија со фактор на влијание, кои обработуваат широк опсег на научни теми, кандидатот придонесува во развојот на научната работа во областа на архитектурата и со тоа придонесува за академската афирмација на Архитектонскиот факултет, како и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Александар Петровски поседува научни, стручни, педагошки и етички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област архитектонски конструкции, архитектонска физика и друго.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, доц. д-р Александар Петровски да биде избран во звањето вонреден професор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Александар Атанас Петровски
**Институција:** Институт за високоградба, Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ
**Научна област:** архитектонски конструкции – 20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,98.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,83. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: архитектонски конструкции – 20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118.<br>Назив на научното поле: градежништво и водосопанство.<br>Назив на научното подрачје: техничко-технолошки науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: Sustainability<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: State of the Art in Open Platforms for Collaborative Urban Design and Sharing of Resources in Districts and Cities<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: Sustainability<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Implementing Regenerative Design Principles: A Refurbishment Case Study of the First Regenerative Building in Spain<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | ДА |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 3.3.1 | 1.Назив на зборникот: *Facade 2018*<br>2.Назив на меѓународниот собир: *Final conference of COST TU1403 “Adaptive Facades Network*<br>3. Имиња на земјите: Германија, Италија, Швајцарија<br>4. Наслов на трудот: Comparison of conventional and adaptive façades: Increasing application of adaptive facades in R. of Macedonia<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.3.2 | 1.Назив на зборникот: *The Proceedings of the 13th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems - SDEWES 2018*<br>2.Назив на меѓународниот собир: *the 13th Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems - SDEWES 2018*<br>3. Имиња на земјите: Германија, Италија, Швајцарија<br>4. Наслов на трудот: Design scenarios of the office building facade with regard to energy and environmental performance<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.3.3 | 1.Назив на зборникот: *IOP Publishing, 609(1), p. 012061. doi: 10.1088/1755-1315/609/1/012061*<br>2.Назив на меѓународниот собир: *IOP Conference Series: Earth and Environmental Science*<br>3. Имиња на земјите: Германија, Италија, Швајцарија<br>4. Наслов на трудот: Built Environment Challenges Due to Climate Change<br>5. Година на објава: 2020 | ДА |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент,<br>датум и број на Билтен: 1 јуни 2017, бр. 1147 | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Александар Атанас Петровски
**Институција:** Институт за високоградба, Архитектонски факултет – Скопје, УКИМ
**Научна област:** архитектонски конструкции – 20112, архитектонска физика – 20117 и друго – 20118

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна) | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2020/2021, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 2. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2020/2021, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 3. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, летен семестар 2020/2021 вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 4. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2020/2021, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 5. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2020/2021 вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 6. | Архитектонски конструкции 2, зимски семестар 2020/2021, вежби (2 часа x 4 групи) – I циклус | 3,6 |
| 7. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2019/2020 предавања (2 часа) – | 1,2 |
| 8. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2019/2020, вежби (2 часа x 4 групи) | 3,6 |
| 9. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, летен семестар 2019/2020, вежби (2 часа x 2 групи) – | 1,8 |
| 10. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар, 2019/2020, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 11. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2019/2020, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 12. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, зимски семестар 2019/2020, вежби (2 часа x 1 групи) | 0,9 |
| 13. | Архитектонски конструкции 3, I циклус, зимски семестар 2019/2020, вежби (2 часа x 2 групи) | 1,8 |
| 14. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2018/2019, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 15. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 16. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, летен семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 2 групи) | 1,8 |
| 17. | Архитектонски конструкции 3, I циклус, летен семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 18. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2018/2019, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 19. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 4 групи) | 3,6 |
| 20. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, зимски семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 21. | Архитектонски конструкции 3, I циклус, зимски семестар 2018/2019, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 22. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2017/2018, предавања (2 часа) | 1,2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна) | Поени |
|---|---|---|
| 23. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, летен семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 4 групи) | 3,6 |
| 24. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, летен семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 4 групи) | 3,6 |
| 25. | Архитектонски конструкции 3, I циклус, летен семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 26. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2017/2018, предавања (2 часа) | 1,2 |
| 27. | Архитектонски конструкции 1, I циклус, зимски семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 4 групи) | 3,6 |
| 28. | Архитектонски конструкции 2, I циклус, зимски семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 29. | Архитектонски конструкции 3, I циклус, зимски семестар 2017/2018, вежби (2 часа x 3 групи) | 2,7 |
| 30. | Консултации со студенти, летен семестар 2020/2021 (245 студенти) | 0,49 |
| 31. | Консултации со студенти, зимски семестар 2020/2021 (255 студенти) | 0,51 |
| 32. | Консултации со студенти, летен семестар 2019/2020 (238 студенти) | 0,476 |
| 33. | Консултации со студенти, зимски семестар 2019/2020 (342 студенти) | 0,684 |
| 34. | Консултации со студенти, летен семестар 2018/2019 (362 студенти) | 0,724 |
| 35. | Консултации со студенти, зимски семестар 2018/2019 (367 студенти) | 0,734 |
| 36. | Консултации со студенти, летен семестар 2017/2018 (371 студент) | 0,742 |
| 37. | Консултации со студенти, зимски семестар 2017/2018 (371 студент) | 0,742 |
| 38. | Подготовка на предавања по предметот Архитектонски конструкции 1 | 1 |
| 39. | Подготовка на вежби по предметот Архитектонски конструкции 1 | 0,5 |
| 40. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд, 12 кандидати | 3,6 |
| 41. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд | 0,7 |
| 42. | Интерна скрипта од предавања за архитектонски конструкции 1 | 4 |
| 43. | Интерна скрипта од предавања за одржливи материјали за градење објекти | 4 |
| 44. | Интерна скрипта од предавања за градежните објекти и аспекти на одржливост | 4 |
| 45. | Пакет материјали за архитектонски конструкции 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **91,102** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународен научен проект: COST CA 18204, – Dynamics of placemaking and digitization in Europe´s cities. | 5 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект: COST CA 16114, Rethinking sustainability towards a regenerative economy. | 5 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект: COST CA 18137, European Middle Class Mass Housing. | 5 |
| 4. | Раководител на научноистражувачки проект: Партиципативен и транспарентен развој на одржливи политики во градежништвото, 2018 | 6 |
| 5. | Ментор на магистерска работа, 10 кандидати | 20 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот. | |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 6. | Šekularac, N., Ivanović-Šekularac, J., **Petrovski, A.**, Macut, N. and Radojević, M. (2020) 'Restoration of a Historic Building in Order to Improve Energy Efficiency and Energy Saving—Case Study—The Dining Room within the Žiča Monastery Property', *Sustainability*. Multidisciplinary Digital Publishing Institute, 12(15), p. 6271. doi: 10.3390/su12156271, IF =3,251. | 6,75 |
| 7. | **Petrovski, A.**, Petrovska-Hristovska, L., Ivanovic-Šekularac, J. and Šekularac, N. (2020) 'Assessment of the sustainability of facade refurbishment', *Thermal Science*, p. doi: https://doi.org/10.2298/TSCI180705292P, IF =1,625. | 5,775 |
| 8. | Krstić-Furundžić, A., Vujošević, M. and **Petrovski, A.** (2019) 'Energy and environmental performance of the office building facade scenarios', *Energy*, 183, pp. 437–447, IF =7,147. | 12,11 |
| 9. | **Petrovski, A.,** Ivanovic-Šekularac, J. and Šekularac, N. (2019) 'Comparison of Wooden and Conventional Houses` Sustainability: Increasing Application of Modified Wood in R. of Macedonia', *Thermal Science*, 23(3), pp. 1943-1955. doi: https://doi.org/10.2298/TSCI180705292P, IF =1,625. | 7,7 |
| 10. | Zileska - Pancovska, V., Petruseva, S. and **Petrovski, A.** (2017) 'Predicting Sustainability Assessment at Early Facilities Design Phase', *Facilities*, 35(7/8), pp. 388-404, IS=1.97**.** | 7,97 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот | |
| 11. | Zujo, V., Zileska - Pancovska, V., Petruseva, S. and **Petrovski, A. (**2017) 'Construction Manager's Perception for Sustainable Construction Contributing Factors: Analysis using Support Vector Machine', *TEM Journal*, 6(2), pp. 391-399. doi: 10.18421. **(Scopus)** | 3 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од научен собир со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји | |
| 12. | **Petrovski, A**. and Petrovska-Hristovska, L. (2020) 'Towards Advancement of Tools for Buildings` Structure Optimization', in. International Conference on Science, Technology, Engineering and Management (ICSTEM), Bangkok: RW, pp. 19–23. | 2,7 |
| 13. | **Petrovski, A.** and Petrovska-Hristovska, L. (2019) 'Model For an Integrated Design of Smart Furniture for The Elderly', in. IASTEM Conference, Miami: IRAJ, pp. 27–32. | 2,7 |
| 14. | **Petrovski, A.** (2019) 'Optimization tools for assisting the architectural design process', in. IASTEM Conference, Miami: IRAJ, pp. 33–38. | 3 |
| 15. | **Petrovski, A.** and Petrovska-Hristovska, L. (2018) 'Implementing adaptive facades concept in buildings design: A case study of a sports hall', in 5th International Academic Conference onPlaces and Technologies. Belgrade: University of Belgrade - Faculty of Architecture, pp. 402–408. | 2,7 |
| 16. | **Petrovski, A**. and Petrovska-Hristovska, L. (2018) 'Wood modification in Macedonia', in Understanding wood modification through an integrated scientific and environmental impact approach (ModWoodLife). Wood modification in Europe: processes, products, applications, Firenze: GESAAF – University of Florence, pp. 29–30. | 2,7 |
| | Рецензија на научен труд | |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 17. | Sudimac, B., Ilic, B., Andjelkovic, A., (2019) Heat Flux Transmission assessment of a vegetation wall influence on the building envelope thermal conductivity in Belgrade climate, Journal of cleaner production, 223, pp.907-916 | 0,2 |
| | Учество на научен собир со реферат | |
| 18. | Усна презентација на ‘Implementing adaptive facades concept in buildings design: A case study of a sports hall’, in 5th International Academic Conference onPlaces and Technologies. Belgrade: University of Belgrade - Faculty of Architecture | 1 |
| 19. | Усна презентација на ‘Wood modification in Macedonia’, in Understanding wood modification through an integrated scientific and environmental impact approach (ModWoodLife). Wood modification in Europe: processes, products, applications, Firenze: GESAAF – University of Florence | 1 |
| 20 | Усна презентација на ‘Comparison of conventional and adaptive façades: Increasing application of adaptive facades in R. of Macedonia’, in Facade 2018, Lucerne: Lucerne University of Applied Sciences and Arts. | 1 |
| | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | |
| 21. | Дел од книга - Kamrovska-Zaluska, D., Leindecker, G., Ferreira Silva, M., Calis, G. and **Petrovski, A.** (2021) ‘Defining the smart-city in the context of regenerative design and planning’, in Reith, A. and Brajkovic, J. (eds) Scale Jumping: Regenerative Systems Thinking within the Built Environment. A guidebook for regenerative implementation: Interactions, tools, platforms, metrics, practice. COST Action CA16114 RESTORE, Working Group Five: Scale Jumping, printed by Eurac Research, pp. 205–209. | 6 |
| 22. | Kamrowska-Zaluska, D., **Petrovski, A.** and Jiménez-Pulido, C. (2021) ‘Smart platforms for collaborative urban design and peer-to-peer sharing of resources’, in Barry, H., Andreucci, M. B., Marvuglia, A., Baltov, M., and Hansen, P. (eds) Rethinking Sustainability Towards a Regenerative Economy. | 6 |
| | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа | |
| 23. | Петровски А., Кон систем за оцена на одржлива реконструкција на постојни објекти, Архитектура на транскрипција, Архитектонски факултет, 2020, 128-155. | 2 |
| | **Вкупно** | **115,305** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Идејно архитектонско решение | |
| 1. | Проектант на идејно решение за објекти за времен престој, Дебар | 4 |
| 2. | Идејно решение за индивидуален станбен објект за Голиево | 4 |
| 3. | Идејно решение за адаптација и реконструкција на објект во нас. Илинден | 4 |
| | Изведен архитектонски објект | |
| 4. | Изведена реконструкција, доградба и надградба на сервисна зграда за Сетек | 6 |
| 5. | Изведена реконструкција и адаптација на магацинска зграда за Сетек | 6 |
| 6. | Изведена адаптација, реконструкција и ентериерно уредување на станбен објект, Охрид, ул. „Дејан Војвода“ | 6 |
| 7. | Изведен станбен објект, Црниче, Скопје. | 6 |
| 8. | Изведена реконструкција и адаптација на станбен објект, ул. „Благоја Гојан“, Скопје. | 6 |
| 9. | Изведена доградба и надградба на повеќесемеен станбен објект во Карпош | 6 |
| 10. | Изведен индивидуален станбен објект, Ѓорче Петров, Скопје. | 6 |
| | Учество на архитектонски или архитектонско-урбанистички конкурс | |
| 11. | Конкурс за објект – повеќенаменска спортска сала Градски парк | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Идејно обликовно решение за елементи од мебел, урбана опрема и други објект | |
| 12. | Идејно обликовно решение за елементи од мебел за кантина за Сетек | 1 |
| 13. | Идејно обликовно решение за елементи од мебел за канцелариски и конференциски простори за Сетек | 1 |
| | Изведен елемент од мебел, урбана опрема и други објект | |
| 14. | Изведени елементи на мебел за станбен простор во Тафталиџе | 1 |
| 15. | Изведени елементи на мебел за програмерска куќа | 1 |
| 16. | Изведено елементи на мебел за станбен простор во нас. Карпош, ул. „Борка Талески“ | 1 |
| 17. | Изведени елементи на мебел за деловни простории за програмерска куќа СМХ во ТЦ Плаза | 1 |
| 18. | Изведени елементи на мебел за деловни простории во ТЦ Плаза | 1 |
| 19. | Изведени елементи на мебел за станбен простор во Козле | 1 |
| 20. | Изведени елементи на мебел за станбен простор во Аеродром | 1 |
| 21. | Изведено ентериерно уредување на кафе во нас. Карпош | 1 |
| 22. | Изведено ентериерно уредување на амфитеатар на Медицински факултет во Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | **67** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Книга од стручна област | |
| 1. | Петровски А., Партиципативен и транспарентен развој на одржливи политики во градежништвото, Анализа на изработката и донесување Закон за градење, Здружение за одржлив развој ГЕНЕРА, 2018, ISBN 978-608-66160-0-7 | 8 |
| | Идеен проект | |
| 2. | Проект за царински склад за деловна компанија, Визбегово | 2 |
| 3. | Одговорен проектант на проект за вршење дејност надвор од деловни простории, Скопје, ТЦ Лептокарија | 2 |
| | Основен проект | |
| 4. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за административен објект, Ѓорче Петров | 4 |
| 5. | Одговорен проектант на проект за ентериерно уредување на деловни простории на програмерска куќа во нас. Аеродром, ул. 3та Македонска Бригада | 4 |
| 6. | Одговорен проектант за реконструкција, доградба и надградба на објект за административна зграда за Сетек | 4 |
| 7. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за куќа во Бразда | 4 |
| 8. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за административен објект Мак. Брод | 4 |
| 9. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за производна хала, Мак. Брод. | 4 |
| 10. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за магацини, Мак. Брод | 4 |
| 11. | Одговорен проектант на основен архитектонски проект за индивидуален станбен објект, Катланово, Скопје. | 4 |
| 12. | Проектант соработник на основен проект за уредување на амфитеатар на Медицински факултет, УКИМ, Клинички центар „Мајка Тереза” во Скопје (со О. Марина) | 2 |
| | Архитектонска визуелизација | |

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 13. | Архитектонска визуелизација на проект за ентериерно уредување на кафе во нас. Карпош | 2 |
| 14. | Архитектонска визуелизација на проект за ентериерно уредување стан во нас. Тафталиџе | 2 |
| 15. | Автор на архитектонска визуелизација за административен објект, Мак. Брод | 2 |
| 16. | Автор на архитектонска визуелизација за производна хала, Мак. Брод | 2 |
| 17. | Автор на архитектонска визуелизација за магацини, Мак. Брод | 2 |
| | **Вкупно** | **56** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на факултетска комисија (4 комисии) | 2 |
| 2. | Студиски престој до три месеци (Шпанија, Малта) | 1 |
| 3. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – носител – Партиципативен и транспарентен развој на одржливи политики во градежништвото | 1 |
| 4. | Соработник при изработка на меѓународен научноистражувачки проект во рамки на HORIZON 2020-програмата, со наслов Enabling Energy Citizenship in Southeast Europe | 1 |
| 5. | Раководител на Институт за високоградба при Архитектонски факултет – Скопје, со мандатен период за 2021-2024 | 0,5 |
| 6. | Претседател на здружение ГЕНЕРА (поврзано со струката) | 2 |
| | **Вкупно** | **7,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 91,102 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 115,305 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 67 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 56 |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 7,5 |
| Вкупно | 336,907 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА** изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет во Скопје

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Енес Хамидовиќ** | Еко туризам во Беловодица | EKO TURIZM in Belovodica | Проф. д-р Минас Бакалчев | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 2. | **Александар Ристов** | Спортско-рекреативна колонија во Демир Капија | Sports – Recreational Colony in Demir Kapija | Проф. д-р Минас Бакалчев | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 3. | **Марија Јовева** | Од другата страна на визијата: Домување во куќа на агол на Бул. Климент Охридски | On the other side of the vision: Living in a house at a corner on bul. Climent of Ohrid | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 4. | **Мартина Пенева** | Отворена просторна структура за духовни потреби во природен простор на падините на Скопска Црна Гора | Open spatial structure for spiritual needs in the natural space on the slopes of the Skopska Crna Gora | Проф. д-р Митко Хаџи-Пуља | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 5. | **Ана Марија Јовановска** | Трансформација на напуштени железнички објекти во нов урбан пејзаж-интернационална железничка станица | Transformation of abandoned railway facilities into new urban landscape – international railway station | Проф. д-р Михајло Зиноски | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 6. | **Андреа Зајкоска** | Реупотреба со пренамена на фабрика “11-ти Октомври – Енергоинвест” со нови програмски и јавни содржини | Adaptive reuse with conversion of the factory„11 October Energoinvest“ with new programmatic and public contents | Вонр. проф. д-р Александар Радевски | 08-6/15 од 22.2.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | **Теодора Богданоска** | Враќање на природниот контекст на локацијата на отоврен каменолом “Асфалтна база АД Пелагонија” | Returning of the Natural Context to the location of the Open Quarry „Asphalt Base AD Pelagonija“ | Вонр. проф. д-р Александар Радевски | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 8. | **Наташа Темова** | Архитектонско сценарио за музеализација на село Ресава | Architectural scenario for musealization of village Resava | Вонр. проф. д-р Мери Батакоја | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 9. | **Јаворка Пуреовска** | Архитектонска интервенција во старо градско јадро едукативно-рекреативен центар за деца | Architectural intervention within the old town: educational and recreational Children’s Center | Вонр. проф. д-р Мери Батакоја | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 10. | **Андријана Рамнешова** | Ревитализација на Домот на култура 11 Октомври во населбата – Ченто | Revitalization of the Cultural Center 11 October – Cento | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска-Дескова | 08-6/15 од 22.2.2022 |
| 11. | **Марија Трајковиќ** | Заборавена култура: напуштените институции на еманципација во Југославија – ревитализација на Домот на културата во Врање | Forgotten Culture: Abandoned Institutions of Emancipation in Yugoslavia – Revitalization of the City Cultural Center in Vranje | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска-Дескова | 08-6/15 од 22.2.2022 |

**П Р Е Г Л Е Д**

**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Шпресим Салиу | Влијанието на структурата на капиталот врз финансиските перформанси на претпријатието – случајот на Република Северна Македонија “ | The impact of capital structure on financial performance of the firm – the case of the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Александар Наумоски | 1.3.2022 година Бр. 02-252/2 |
| 2. | Николче Коцевски | „Фактори и стратегии на информациската безбедност и компјутерскиот криминал во е-бизнисот” | “Factors and strategies of information security and cybercrime in E-business” | проф. д-р Сашо Јосимовски | 1.3.2022 година Бр. 02-194/2 |
| 3. | Александра Митева | „Корисничко искуство од менаџментот на интерактивни точки на телекомуникациските оператори со посебен осврт на А1 Македонија и Македонски Телеком“ | „Customer experience of touchpoint management of telecommunication operators with special reference to A1 Macedonia and Makedonski Telekom“ | проф. д-р Лидија Пулевска Иван овска | 1.3.2022 година Бр. 02-189/2 |
| 4. | Александар Алексовски | „Управување и прогноза на готовински тек со помош на софтвер-алатка и користење на добиените податоци при менаџирање во време на пандемија” | “Software assisted cash flow management and prediction and utilization of generated data while managing during pandemics“ | проф. д-р Зоран Миновски | 1.3.2022 година Бр. 02-227/2 |
| 5. | Елена Даскаловска | „Улогата на анализата на финансиските извештаи при донесување на стратегиски одлуки на компаниите” | The role of financial statement analysis in making strategic decisions of companies“ | проф. д-р Зоран Миновски | 1.3.2022 година Бр. 02-253/2 |
| 6. | Андреј Томиќ | „Ефектите на Глобалната финансиска криза од 2007-2009 и пандемијата на Ковид-19 од 2020-2021 врз странските директни инвестиции во земјите на Западен Балкан – споредбена анализа” | „The Effects of Global Financial Crisis 2007-2009 and the COVID-19 Pandemic on the Foreign Direct Investment in the Western Balkans – Comparative Analysis“ | проф. д-р Владимир Филиповски | 1.3.2022 година Бр. 02-140/2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Драгана Петрушевска** | **„Поврзаноста помеѓу економскиот развој и емисиите на јаглерод диоксид воземјите од Западен Балкан и соседството“** | **“The Relationship Between Economic Development and Carbon Dioxide Emissions in Western Balkans and Neighboring Countries“** | **проф. д-р Марија Трпкова - Несторовска** | **1.3.2022 година Бр. 09-201/2** |
| **8.** | **Александра Лазарова** | **„Конкурентноста и локалните заедници - случајот на Република Северна Македонија”** | **„The competitiveness and the local self-government units– the case of the Republic of North Macedonia“** | **проф. д-р Пеце Недановски** | **1.3.2022 година Бр. 09-222/2** |
| **9.** | **Јовче Мирчески** | **„Улогата на крипто-средствата – инвестициско наспроти платежно средство”** | **“The role of crypto-assets – investments versus means of payment”** | **проф. д-р Кирил Јовановски** | **1.3.2022 година Бр. 09-141/2** |

**ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА**

Насловот за изработка на докторски труд: Есеи за емпириска економија и финансии, (Essays on empirical economics and finance), поднесен од кандидатот м-р Кирил Симеоновски, објавен во Универзитетски билтен број 1202 од 1.11.2019 година на страница 21, се исправа со насловот:

**Емпириски есеи за економија и финансии**, (**Empirical Essays on Economics and Finance),** кој е одобрен со Одлука на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет - Скопје, заверена под број 02-1873/3 од 1.10.2019 година.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ ОБЛИКОТ НА ЛОПАТКИТЕ ОД СПРОВОДНИОТ АПАРАТ СО ХИДРОДИНАМИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ И ЕФИКАСНОСТА КАЈ ФРАНЦИСОВА ТУРБИНА ПРИ ПРОМЕНЛИВ БРОЈ НА ВРТЕЖИ“**
**ОД М-Р ФИЛИП СТОЈКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА**
**МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.12.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Стојковски со наслов ,,Интеракција помеѓу обликот на лопатките од спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина при променлив број на вртежи“, во состав: проф. д-р Зоран Марков (ментор), проф. д-р Предраг Поповски (претседател), вонр. проф. д-р Виктор Илиев (член), проф. д-р Оле Гунар Далхауг (член) и вонр. проф. д-р Андреј Липеј (член).

Комисијата во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Стојковски, со наслов „Интеракција помеѓу формата на лопатките на спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина со променлив број на вртежи“, содржи 144 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1 проред и големина на букви 12 во текстот и 11 на табелите и сликите, со 60 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Трудот содржи 168 слики и 7 табели.

Трудот е структуриран во 7 глави и дополнителни вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **апстрактот** на трудот се опишува светскиот тренд на зголемување на користењето на обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија. Нивната променлива природа доведува до потреба за балансирање и рационално производството на енергија во системот, па како една од методите се развила идејата за концепт на производство на електрична енергија од хидроцентралите преку примена на технологија на променлив број на вртежи кај хидрауличните турбини. Еден од методите кој е тука презентиран е и идејата која е разработена во докторатот, односно користење на неуниформно профилирани лопатки на спроводен апарат кај Францисови турбини, со цел проширување на работното подрачје на турбината со зголемена ефикасност при променлив број на вртежи.

Во **воведот** се наведени општите информации за својствата на хидроенергијата, како и причините заради кои дошло до развивање на концептот на производство на електрична енергија со променлив број на вртежи, како и неговото значење. Во **првата глава** е направен преглед на релевантните истражувања во областа и претставена е идејата и нејзиниот развој, методологијата и извршените анализи кои се досега спроведени, како и поставките во оваа докторска дисертација.

Во **втората глава** се изведени математичките законитости кои важат кај струењето креирано од спроводниот апарат и работното коло, како и концептот на променлив број на

вртежи. Потоа, акцент е ставен на очекуваните резултати гледано од аспект на струјно-кинематските параметри, како и можната промена на работната карактеристика во насока на нејзино проширување.

Во **третата глава** е направена геометриска параметризација на спроводниот апарат. Геометријата на лопатките во решетката на спроводниот апарат се креира преку математички функции кои директно зависат од почетни зададени струјни услови, пресметани во однос на определена работна точка на усвоена турбина. Оваа параметризација е со цел да се олесни изведувањето на различни геометриски конфигурации на спроводни лопатки кои се испитани со нумерички симулации.

Во **четвртата глава** се наведени критериумите на анализата, струјните и енергетските величини кои се споредуваат, како и пресметковните методи кои се користат изведени од стандардите од оваа област.

Во **петтата глава** се воспоставува нумеричкиот пристап за симулации на турбината, која е земена како референтна турбина во анализите. Претставено е нумеричкото моделирање и мрежирање на геометријата, како и нумеричките грешки кои се добиваат споредено со измерени вредности на моделот на турбината, со што е воспоставена валидација на моделот за понатамошни анализи.

Во **шестата глава**, врз основа на изведен поголем број на конфигурации на спроводни лопатки, направена е анализа на влијанието на одделни геометриски параметри на спроводниот апарат врз ефикасноста на турбината, со цел дефинирање на геометриските граници на спроводниот апарат за оваа турбина и изведба на негова најповолна геометрија. Таа е базирана на релативни геометриски односи на решетката, кои даваат најповолни струјни и енергетски услови на работното коло на турбината, а усвоено е да биде составена од симетрични профили, заради поедноставување презентацијата на геометриските модификации на самата лопатка кои се направени во натамошното излагање.

Во **седмата глава** е сместено тежиштето на ова истражување. Направена е систематизација на одделните геометриски параметри на лопатките и нивното влијание врз карактеристиката на турбината при променлив број на вртежи. Најпрво се испитани униформно профилирани лопатки кои имаат различен агол на излезниот раб на профилот. Потоа се испитани истите лопатки без деформација на излезниот раб, туку со целосна ротација на профилите. Првичните добиени резултати укажуваат на тоа дека определена геометриска промена на лопатките дава промена на работната карактеристика, како во поглед на бројот на вртежи, така и по проточноста на турбината. Оттука се изведени шест конфигурации на неуниформно профилирани лопатки, т.е. лопатки кои се формирани од повеќе профили по висина на лопатката, со цел да се утврди влијанието на проширување на работното подрачје на турбината при променлив број на вртежи, како и на евентуалното подобрување на струјната слика.

Во **осмата глава** се изведени заклучоците и препораките за понатамошна работа. Тие се во насока на оправданоста на презентираното истражување како концепт и добиените резултати, земајќи ги во предвид определените ограничувања, како геометриски така и енергетски, на типот на турбината кој е референтен во анализите. Препораките за понатамошна работа се во насока на доразвивање на оваа идеја, со зголемување на параметрите кои влијаат на неуниформниот дизајн на лопатките, како и давање на предлог за други технички решенија за постигнување на саканите ефекти при работа на хидраулична турбина со променлив број на вртежи.

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преминот од фосилни горива кон обновливи извори е важна и доминантна карактеристика за намалување на емисиите на стакленички гасови и за стабилизирање на глобалното затоплување. Затворањето на централите кои работат на фосилни горива во Европа и преминувањето на ветерни и сончеви централи е процес кој моментално се спроведува. Поради повремената природа на производството на електрична енергија од ветер и сончева енергија, на електроенергетскиот систем му требаат резервни системи. За таа цел, може да се користи хидроенергетскиот систем во Европа, но тоа доведува до негова работа на начин за кој тој не е проектиран. Хидроцентралите во Европа се проектирани за стабилна работа, гледано во период на денови, недели и месеци без значајна промена на оптоварувањето. За да се балансира потрошувачката на електрична енергија со производството и повременото однесување на системот кој работи на обновливи извори на енергија, хидроцентралите треба да работат на флексибилен начин.

Францисовите турбини, кои се најчест инсталиран тип на машина во хидроцентралите, ќе бидат под влијание на таква флексибилна работа, а сопствениците на хидроцентралите ги интересира како можат да добијат зголемена флексибилност од нивните хидротурбини. Воведувањето на работа со променлив број на вртежи кај Францисовите турбини, до одреден степен може да придонесе кон поголема флексибилност на работа на хидроцентралата. Резултатите од работата на м-р Филип Стојковски покажуваат дека дизајнот на спроводните лопатки дава промена на перформансите на турбината и воведува можност за поголема ефикасност при поширок опсег на оптоварувања. Зголемената флексибилност добиена од дизајнот на спроводниот апарат во комбинација со работата со променлив број на вртежи на турбината до сега не било дел од достапните истражувања. Па затоа, спроведените анализи во оваа дисертација се уникатни и интересни за хидроенергетската индустрија и за истражувачите.

Предмет на истражувањето во оваа теза е интеракцијата на обликот на спроводните лопатки врз ефикасноста на турбината, потребните струјни параметри и нивно постигнување, кога би работела со променлив број на вртежи. Исто така, анализирани се и општите законитости кои важат кај спроводниот апарат на турбините, неговата геометриска параметризација и корелација на обликот со зададени струјни параметри кои треба да се постигнат. Целта која се постигнува е дефинирање на неуниформно профилирани лопатки на спроводниот апарат и нивното влијание на работната карактеристика, како и струјните параметри во насока на нејзино проширување.

### 2.1. Состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата

При изработката на оваа дисертација е користена литература која е поврзана со темата на истражувањето, како базични книги, релевантни научни истражувања, магистерски и докторски тези, научни трудови, како и актуелни стандарди од областа. Во прилог е даден осврт на најзначајните трудови од листата на користена литература за изработката на оваа докторска дисертација.

Идејата за истражувањето потекнува од учеството во проектот „Хидрофлекс“ (HydroFLEX), кој е дел од Хоризонт 2020-програмата на Европската комисија и кој има за цел развој на турбини со пофлексибилна работна способност, што подразбира работа при променлив број на вртежи во услови на повеќе старт/стоп режими во текот на еден ден. Придонесот во овој проект е воспоставување на автоматизирана компјутерска процедура за оптимизација на целиот дистрибутор на турбината, кој подразбира геометриска параметризација на спиралата, статорските и спроводните лопатки, кај турбина со променлив

број на вртежи. Оттука, во оваа теза, фокусот е ставен на спроводните лопатки како дел од дистрибутивниот систем на турбината со цел да се направи подетална негова анализа на неговото влијание на самата турбина, како и развој на идејата за неконвенционално профилирање на неговите лопатки, со цел постигнување на проширена работна карактеристика на турбината, која би работела со променлив број на вртежи. Во оваа теза се изведени математичките модели за струјните и геометриските релации помеѓу спроводниот апарат и работното коло на хидрауличната турбина.

**2.2. Цели на докторската дисертација**

Целите во оваа дисертација се:

- презентација на физичките законитости кај спроводниот апарат на хидраулична турбина со променлив број на вртежи, како и очекувањата за постигнување на проширена работна карактеристика на турбината;
- геометриска параметризација на спроводниот апарат, како и негови влијанија на работната карактеристика на турбината;
- дефинирање на нов концепт на неуниформно профилирани лопатки на спроводен апарат за постигнување на ефектот на проширување на работната карактеристика на турбината која би работела со променлив број на вртежи, како и подобрување на струјната слика при работа во вакви услови.

**2.3. Краток опис на применетите методи**

Во оваа докторска дисертација, вклучени се методите на анализа:

- математички пристап со користење на еднодимензионални модели;
- параметарско дефинирање на геометријата на спроводниот апарат;
- компјутерско потпомогнато моделирање на геометријата на спроводниот апарат;
- нумерички симулации за добивање на струјните и енергетските параметри на моделот;
- валидација на нумеричките модели преку споредба на нумеричките со експериментални резултати.

Со оваа методологија се овозможува олеснето геометриско моделирање, визуелизација, како и интуитивно претставување на добиените ефекти, преку анализа на струјните состојби и квантитативна споредба на добиените перформанси.

**2.4. Добиени резултати**

Како резултат од истражувањата во докторската дисертација се добиени повеќе значајни согледувања. Сите тие служат како понатамошна водилка во насока дека спроводниот апарат кај хидрауличните турбини треба да се третира со посебно внимание, од причина што директно влијае на работната карактеристика на самата турбина. Се изведуваат неколку насоки и препораки за проектирање на самиот апарат, како и анализа на геометриските параметри кои влијаат на карактеристиката на турбината. Потоа, со модификации на геометријата на лопатките добиено е попрецизно влијанието на спроводниот апарат врз карактеристиката на турбината. И конечно, се покажува дека со работа при променлив број на вртежи, доаѓа до промена на триаголникот на брзини на влез во работното коло. При тоа, за негово одржување е креиран концепт на дизајн на неуниформно профилирани лопатки кој доведува до подобрување на струењето во тие работни услови, што води до ефикасно искористување на енергијата и делумно проширување на карактеристиката, во зависност од конфигурацијата на лопатките.

За целосно да се верува на нумеричките резултати, потребна е валидација преку експериментални истражувања. За оваа дисертација, нумеричките симулации се потврдени со

еден експеримент како дел од проектот „Хидрофлекс“, каде што нашиот универзитет е партнер на проектот. Од причина што експерименталната верификација е неодамна извршена, таа не е дел од дисертацијата на м-р Филип Стојковски, но ќе биде впишана во техничките извештаи на проектот „Хидрофлекс“.

**3. ОЦЕНКА И НАУЧЕН ПРИДОНЕС ОД ДИСЕРТАЦИЈАТА**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Стојковски, дипл.маш.инж., со наслов ,,Интеракција помеѓу обликот на лопатките од спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина при променлив број на вртежи“, претставува оригинално истражување во областа на машинството, поточно кај хидрауличните турбини.

Кандидатот има повеќегодишно професионално работно искуство во областа на хидроенергетиката, како проектант - дизајнер на хидромашинска опрема. Изработката на оваа докторска дисертација вклучува техники од неговото практично искуство, како и креативни неконвенционални методи и идеи за моделирање на геометријата на опремата во насока на постигнување на определени работни параметри. Докторската дисертација ги исполнува целите на истражувањето, каде што врз основа на теоретски, практични и нумерички знаења се дава придонес кон самото дефинирање на спроводниот апарат кој би се користел кај турбини со променлив број на вртежи. Главниот осврт е кон дефинирање на нов концепт на неуниформно профилирани лопатки на спроводниот апарат, чија примена не е ограничена на конкретно анализираниот проблем, туку дава можност за проширување на анализите за примена и пошироко.

Методологијата која е презентирана низ ова истражување претставува алатка за истражувачите и проектантите кои се занимаваат со оваа проблематика, при што се дефинирани определени дилеми кои се појавуваат при самото проектирање на спроводниот апарат, со цел побрзо одлучување при добивање на иницијална конфигурација на лопатки.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Стојковски, дипл.маш.инж., со наслов ,,Интеракција помеѓу обликот на лопатките од спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина при променлив број на вртежи“, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува оригинален научен труд и ги исполнува сите услови и стандарди за изработен докторски труд.

**4. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ НА КАНДИДАТОТ**

[1] **Stojkovski F**., Lazarevikj M., Markov Z., Iliev I., Dahlhaug O.G.: Constraints of Parametrically Defined Guide Vanes for a High-Head Francis Turbine. Energies 2021, 14, 2667. https://doi.org/ 10.3390/en14092667
[2] **Stojkovski F**., Lazarevikj M., Markov Z.: Parametric Design Tool for Development of a Radial Guide Vane Cascade for a Variable Speed Francis Turbine (30th IAHR Symposium on Hydraulic Machinery and Systems, doi:10.1088/1755-1315/774/1/012112)
[3] **Stojkovski F**., Markov Z.: Influence of Particular Design Parameters of Radial Guide Vane Cascades on their Hydraulic Performance at Variable Speed Operated Francis Turbines (Energetika Conference 2020, pp. 396-401)
[4] **Stojkovski F**., Markov Z., Kostikj Z.: Design of radial blade cascades using parametrization and correlation of geometry and flow parameters (International Conference COMETa, pp. 274-284)
[5] **Stojkovski F**., Markov Z., Stojkovski V.: CFD Study of Radial Guide Vane Cascade with Convex and Concave Blade Sets for Variable Speed Francis Turbines (The 5th international conference – Mechanical Engineering in XXI century – MASING 2020, pp. 109-114)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од прегледот и анализата на докторската дисертација може да се заклучи дека главен научен придонес на кандидатот е оригиналниот пристап кон дизајнот на лопатки на спроводниот апарат кај Францисови турбини со променлив број на вртежи во насока на проширување на работното подрачје и подобрување на струјната слика, како и специфична примена на веќе воспоставена нумеричка методологија за негово моделирање и испитување за евалуација на перформансите.

Идеите изнесени во оваа докторска дисертација, како и резултатите од спроведените анализи, даваат нова димензија на начинот на согледување на геометријата на спроводниот апарат кај турбините. При тоа е направен посебен осврт на примена на добиените резултати кон работата на турбините со променлив број на вртежи, каде што се отвора ново поле на истражување на оваа проблематика и можност за понатамошни истражувања за нивна имплементација и примена која не е ограничена на дадениот пример.

Со оглед на горенаведеното, Комисијата ја оценува изработената дисертација како високо квалитетна и му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација со наслов „Интеракција помеѓу обликот на лопатките од спроводниот апарат со хидродинамичките параметри и ефикасноста кај Францисова турбина при променлив број на вртежи“, изработена од м-р Филип Стојковски, дипл.маш.инж.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Марков, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Поповски, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Виктор Илиев, член, с.р.**
**Проф. д-р Оле Гунар Далхауг (надворешен член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Андреј Липеј (надворешен член), с.р.**

**TO**
**TEACHING & SCIENTIFIC COUNCIL OF THE**
**FACULTY OF MECHANICAL ENGINEERING IN SKOPJE**

# R E V I E W

OF THE EVALUATION OF THE DOCTORAL DISSERTATION
„ INTERACTION OF THE GUIDE VANE BLADES SHAPE WITH THE HYDRODYNAMIC PARAMETERS AND THE EFFICIENCY OF A VARIABLE-SPEED FRANCIS TURBINE “
OF M.Sc. FILIP STOJKOVSKI, APPLIED AT THE FACULTY OF MECHANICAL ENGINEERING IN SKOPJE

The Teaching & Scientific Council of the Faculty of Mechanical Engineering in Skopje, at the session held on 30.12.2021, formed a Committee for evaluation of the doctoral dissertation of the candidate Filip Stojkovski M.Sc. entitled ,,Interaction of the Guide Vane Blades Shape with the Hydrodynamic Parameters and the Efficiency of a Variable-Speed Francis Turbine“, with the members: Prof. Zoran Markov, Ph.D. (Supervisor), Prof. Predrag Popovski, Ph.D. (President), Assoc. Prof. Viktor Iliev, Ph.D. (Member), Prof. Ole Gunnar Dahlhaug, Ph.D. (Member) and Assoc. Prof. Andrej Lipej, Ph.D. (Member).

The Committee in the above-mentioned composition carefully reviewed and evaluated the doctoral dissertation and submits to the Teaching & Scientific Council of the Faculty of Mechanical Engineering in Skopje the following

# R E P O R T

## 1. DISSERTATION ANALYSIS

The doctoral dissertation of the candidate M.Sc. Filip Stojkovski entitled “ Interaction of the Guide Vane Blades Shape with the Hydrodynamic Parameters and the Efficiency of a Variable-Speed Francis Turbine “, contains 144 pages of computer processed text in Times New Roman font, with line spacing 1 and font size of 12 pt for the text and 11 pt for the tables and figures, with 60 literature references including scientific papers, articles, books, national regulations, international acts, and online resources. The dissertation contains 168 figures and 7 tables.

The dissertation is structured in 7 chapters and additional introduction and concluding remarks. The chapters are systematised in numbering points and sub-points with titles and sub-titles, which ensures dissertation monitoring of the material processed in the research.

The **abstract** of the paper describes the global trend of increasing usage of unconventional renewable energy sources for electricity production. It explains the manner in which their unstable nature leads to production balancing needs in the system and an idea is developed to produce electricity in hydropower plants with the application of the turbine variable speed technology. In addition, the idea developed in the dissertation, i.e. the use of non-uniform profiled blades of the guide vanes in Francis turbines, in order to increase the operating range of the turbine at variable speed.

The **introduction** provides general information on hydropower, as well as on the reasons why the concept of variable speed electricity generation was developed and its importance. The **first chapter** provides an overview of the relevant research in the field and presents the idea that was developed, the methodology, and the analyses that have been conducted in this doctoral dissertation.

The **second chapter** presents the mathematical laws that apply to the fluid flow created by the guide vanes and in the runner, as well as the concept of variable speed. Then, an accent is placed

on the expected results in terms of flow-kinematic parameters, along with changing the operating characteristics in order to expand it.

In the **third chapter**, a geometric parameterisation of the guide vanes is presented. The geometry of the blades in the guide vanes cascade is developed through mathematical functions that directly depend on the initially given flow conditions, calculated in relation to a certain operating point of the adopted turbine. The purpose of this parametrization is to facilitate the development of various configurations of guide vane blades that have been tested by numerical simulations.

The **fourth chapter** lists the criteria of the analysis, the fluid flow and energy quantities that are being compared, as well as the used calculation methods, derived from the international standards.

In the **fifth chapter,** the numerical approach for turbine simulations, which is taken as a reference in the analysis, was established. The numerical modelling and geometry meshing are presented, as well as the numerical errors obtained from the simulations, compared to the measured parameters of the turbine model, which shows the validation of the model for further analysis.

In **chapter six**, based on multiple developed configurations of guide vanes, an analysis was carried out to see the influence of certain geometric parameters of the guide vanes on the turbine efficiency, to obtain the geometric constraints of the guide vanes for this turbine and, based on them, to develop a favourable geometry. The favourable configuration is based on relative geometric relations and ratios of the cascade which gives most favourable flow and energy conditions to the turbine runner. It is adopted to be composed of blades with symmetrical profile in order to simplify the presentation of the geometric modifications of the blade itself made in the further presentation.

The **seventh chapter** places the main focus of the dissertation. A systematisation has been made of the blade’s individual geometric parameters and their influence on the turbine characteristics at variable speed. First, uniformly profiled blades with a different trailing edge angle of the profile are examined. The same blades were examined without deformation of the trailing edge, but with complete rotation of the profiles. Preliminary results indicate that a certain geometric change of the blades makes a change in the operating characteristic, both in terms of speed and turbine flow rate. From here, six configurations of non-uniformly profiled blades are derived, i.e. blades formed by multiple profiles through the blade height, in order to determine the influence on the turbine operating characteristics extension at variable speed, as well as the possible improvement of the flow pattern.

**Chapter eight** presents the conclusions and recommendations for further work. The conclusions go in the direction of justification of the presented research as a concept and as obtained results from it, with taking certain geometric and energy limitations depend on the turbine which is reference in the analysis. Recommendations for further work are in the manner of further development of this idea by increasing the parameters that affect the non-uniform design of the blades, as well as proposing other technical solutions to achieve the desired effects when a turbine runs at variable speed.

## 2. SUBJECT OF THE RESEARCH

The transition from fossil fuels to renewables are an important and a dominant feature to reduce the greenhouse gas emissions and to stabilize the global increase of the temperature. In Europe, the shutdown of fossil fuel driven power plants and implementation of wind- and

solar power plants are among the actions to be implemented. Due to the intermittent nature of wind- and solar energy production, the power system needs backup systems. The hydropower system in Europe can be utilized for this purpose, but this means that it will be operated in a way it was not designed for. The European hydropower fleet was originally designed for stable operation over periods of days, weeks and months without any significant change of load. In order to balance the electrical energy consumption with production, and the intermittent behaviour of the future renewable system, hydropower plants have to be operated in a flexible manner.

Indeed, the Francis turbines will be influenced by such flexible operation, and the power plants owners are asking how they can extract increased flexibility from their hydro turbines. The introduction of variable speed operation on Francis turbines can to some extent introduce a higher flexibility to a hydro power plant. The results from Filip Stojkovski’s work show that the design of the guide vanes give a change to the performance of a Francis turbine and introduces a possibility for a higher efficiency over a wider range of loads. It is likely that the procedure of investigating the increased flexibility from guide vane design in combination with variable speed operation has not been part of an open research study. This makes the research unique and interesting for the hydropower industry and for the research community.

The subject of the research in this dissertation is the interaction of the guide vane blades shape on the turbine efficiency, the required flow parameters and their achievement, when the turbine operates at variable speed. Also, the general physical laws that apply to the turbine guide vanes, their geometric parameterisation, and the correlation of the blade shape with given flow parameters which need to be achieved are analysed. The goal is to define non-uniformly profiled guide vane blades and their impact on the operating characteristic, as well as the flow parameters in a direction of operating characteristics extension.

**2.1. State of the scientific field in which the dissertation is being worked on**

For preparing of this dissertation, professional literature related to the research topic was used, such as scientific books, relevant scientific research, master’s theses and doctoral dissertations, scientific papers, as well as international standards in the field. In addition to the dissertation, a review of the most important papers from the list of used literature for this doctoral dissertation is given.

The idea for the research comes from participating in the project HydroFLEX which is part of the Horizon 2020 program of the European Commission. The project aims to develop turbines with a more flexible operating capacity, which means operating at variable speeds and achieving multiple starts/stops in one day. The author's contribution to this project is the establishment of an automated computer procedure for turbine distributor optimisation, which implies geometric parameterization of the spiral casing, stay and guide vanes, for a variable speed operated turbine. In this thesis, the focus is put on the guide vanes as a part of the turbine distributor in order to make a more detailed analysis of their impact on the turbine itself, as well as the development of the idea of non-uniform profiling of the blades, to achieve an extended operating characteristic of the turbine, which will operate at variable speeds. In this thesis the mathematical models for the flow and geometric relations between the guide vanes and the runner of the hydraulic turbine are developed.

**2.2. Objectives of the doctoral dissertation**

The objectives of this dissertation are:

- Presentation of the physical laws in the hydraulic turbine guide vanes with variable speed, as well as the expectations for achieving an extended operating characteristic of the turbine;

- Geometric parameterisation of the guide vanes and also their influence on the operating characteristic of the turbine;
- Defining a new concept of non-uniformly profiled guide vane blades to achieve the effect of expanding the turbine operating characteristic that would work with variable speed, together with improving the flow pattern when working in such conditions.

**2.3. Brief description of the applied methods**

The following methods of analysis are included in this doctoral dissertation:

- Mathematical approach using one-dimensional models;
- Parametric definition of the guide vanes geometry;
- Computer aided modelling of the guide vanes geometry;
- Numerical simulations to obtain the flow and energy parameters of the model,
- Validation of numerical models by comparing numerical with available experimental data.

This methodology enables facilitated geometric modelling, visualisation and also an intuitive presentation of the obtained effects, through analysis of the fluid flow states and quantitative comparison of the obtained performance.

**2.4. Obtained results**

In the obtained results from the doctoral dissertation, several significant observations have been made. All of them serve as a guidance how the turbine guide vanes should be treated with special care because they directly affect the operating characteristics of the turbine. Several directions and recommendations towards guide vanes design procedure have been developed, as well as analysis of the influence of the geometry parameters on the turbine characteristics. Then, with the modifications of the blades geometry, the influence of the guide vanes on the turbine characteristics is more precisely obtained. And finally, it turns out that for operation at variable speeds, there is a change in the inlet velocity triangle. To achieve such velocity triangle, the concept of non-uniform profiled blades is created which leads to flow pattern improvements in the partial operating loads of the turbine, and to efficient energy usage and partial turbine characteristics extension, depending on the blade configuration.

In order to completely trust the numerical results, the validation of the analysis must be carried out with relevant experimental test cases. In this work, the numerical work has been validated with one experimental test case in the HydroFlex project where University of Skopje has been a partner. Because the verification has just recently been carried out, it is not present in Filip Stojkovski’s thesis. However, it will be reported from the HydroFlex project.

**3. EVALUATION AND SCIENTIFIC CONTRIBUTION OF THE DISSERTATION**

The doctoral dissertation of the candidate Filip Stojkovski, M.Sc. entitled “Interaction of the Guide Vane Blades Shape with the Hydrodynamic Parameters and the Efficiency of a Variable-Speed Francis Turbine“, is an original research in the field of mechanical engineering, more precisely in hydraulic turbines.

The candidate has many years of professional experience in the field of hydropower, as a designer of hydromechanical equipment. The preparation of this doctoral dissertation includes techniques from his practical experience, as well as creative unconventional methods and ideas for modelling equipment geometry in order to achieve certain operating parameters. The doctoral dissertation meets the objectives of the research, where, based on theoretical, practical, and

numerical knowledge, a contribution is made to the very definition of the guide vanes that would be used in variable speed turbines. The main focus is on defining a new concept of non-uniformly profiled guide vane blades, whose application is not limited to the specifically analysed problem, but provides an opportunity to expand wider the application analysis.

The methodology presented through this research represents a tool for designers who deal with this issue, whereby certain dilemmas are defined that arise during the guide vane design procedure, in order to make faster decisions when obtaining the initial configuration of the blades.

The opinion of the Committee for Evaluation is that the doctoral dissertation of the candidate Filip Stojkovski, M.Sc. entitled ,,Interaction of the Guide Vane Blades Shape with the Hydrodynamic Parameters and the Efficiency of a Variable-Speed Francis Turbine“, represents an original scientific research and meets all the conditions and standards for a doctoral dissertation.

**4. PUBLISHED SCIENTIFIC PAPERS OF THE CANDIDATE**

[1] **Stojkovski F**., Lazarevikj M., Markov Z., Iliev I., Dahlhaug O.G.: Constraints of Parametrically Defined Guide Vanes for a High-Head Francis Turbine. Energies 2021, 14, 2667. https://doi.org/ 10.3390/en14092667

[2] **Stojkovski F**., Lazarevikj M., Markov Z.: Parametric Design Tool for Development of a Radial Guide Vane Cascade for a Variable Speed Francis Turbine (30th IAHR Symposium on Hydraulic Machinery and Systems, doi:10.1088/1755-1315/774/1/012112)

[3] **Stojkovski F**., Markov Z.: Influence of Particular Design Parameters of Radial Guide Vane Cascades on their Hydraulic Performance at Variable Speed Operated Francis Turbines (Energetika Conference 2020, pp. 396-401)

[4] **Stojkovski F**., Markov Z., Kostikj Z.: Design of radial blade cascades using parametrization and correlation of geometry and flow parameters (International Conference COMETa, pp. 274-284)

[5] **Stojkovski F**., Markov Z., Stojkovski V.: CFD Study of Radial Guide Vane Cascade with Convex and Concave Blade Sets for Variable Speed Francis Turbines (The 5th international conference – Mechanical Engineering in XXI century – MASING 2020, pp. 109-114)

## CONCLUSION AND RECOMMENDATION

From the review and analysis of the doctoral dissertation, it can be concluded that the main scientific contribution of the candidate is the original approach to the guide vane blades' design for variable speed Francis turbines in order to expand the operating range and improve the flow pattern, as well as the specific application of an already established numerical methodology for modelling and testing for performance evaluation.

The ideas presented in this doctoral dissertation, as well as the results of the analysis give a new dimension to the way of perceiving the turbine guide vanes. A special review was made of the application of the obtained results to the operation of variable speed turbines, which opens a new field of research on this issue and the opportunity for further research on their implementation and application that is not limited to the example.

Given the above, the Committee evaluates the dissertation as a high quality scientific work and recommends to the Teaching & Scientific Council of the Faculty of Mechanical Engineering in Skopje, to accept the positive evaluation and to schedule a public defence of the doctoral dissertation, entitled ,,Interaction of the Guide Vane Blades Shape with the Hydrodynamic Parameters and the Efficiency of a Variable-Speed Francis Turbine", created by Filip Stojkovski, M.Sc.

**COMMITTEE**

**Prof. Zoran Markov, Ph.D., Supervisor**
**Prof. Predrag Popovski, Ph.D., President**
**Assoc. Prof. Viktor Iliev, Ph.D., Member**
**Prof. Ole Gunnar Dahlhaug, Ph.D., External member**
**Assoc. Prof. Andrej Lipej, Ph.D., External member**

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана преку видеоконференциска платформа

на 24 февруари 2022 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Денис Ташевски | Оптимизирање на когенеративни термоенергетски постројки со мотори со внатрешно согорување на гасно гориво | Optimisation of Cogeneration Power Plant with Gaseous Fuel Internal Combustion Engines | Проф. д-р Даме Димитровски | 02-254/2 24.02.2022 год. |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО И ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 15.11.2021 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5523/16, донесена на 24.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јадранка Георгиевска, доц. д-р Горан Кочоски и доц. д-р Роса Спасва.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО И ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА, во предвидениот рок се пријави кандидатката ас. д-р Габриела Бушиноска Иванова.

## АС. Д-Р ГАБРИЕЛА БУШИНОСКА ИВАНОВА

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката ас. д-р Габриела Бушиноска Иванова е родена во Скопје, на 12.2.1973 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех во гимназијата „Никола Карев“. Основно и средно музичко образование има завршено во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје во академската 1991/1992 година, а дипломирала во септември 1997 година, со просечен успех на студиите 8,59.

Во 2001 година се вработила на Клиниката за гинекологија и акушерство, каде што ја започнала и специјализацијата по гинекологија и акушерство и успешно ја завршила на 6.2.2006 година.

Кандидатката се запишала на трет циклус – докторски студии, област: клиничка медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”. Докторската дисертација со тема „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020)” ја одбранила на 11.3.2021 година, со Комисија во состав: проф. д-р Гордана Адамова (претседател), проф. д-р Никола Оровчанец (ментор), проф. д-р Марјан Стојовски (член), проф. д-р Јорго Бабушку (член) и проф. д-р Никола Пановски (член).

Професионалната кариера ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова ја започнала по дипломирањето со волонтерска работа на Клиниката за кардиологија во Скопје, во период од 4 години. Се вработила во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, во 2001 година, каде што ја завршила специјализацијата по гинекологија и акушерство во 2006 година. Работните активности ги продолжува по специјализацијата на УК ГАК – Скопје, на одделот Родилна сала и од 2009 до 2018 година на Одделот за патолошка бременост на истата клиника. Од 2018 година е на Одделот за оперативна гинекологија.

Академската кариера ја започнала во 2005 година, со избор за асистент на Катедрата за гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, која без прекин ја врши до денес, со секојдневно активно учество во работата со студенти и специјализанти сите изминати години.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамки на наставно-образовната дејност на УКИМ на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатката ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова изведува практична настава за студенти по општа медицина на прв циклус студии на студиската програма по предметите: Гинекологија и акушерство, Клиничко испитување (иследување), Гинекологија и акушерство – клиничка пракса од 2005 година.

Исто така, активно учествува во едукацијата на специјализантите по гинекологија и акушерство. Во летниот семестар во академската 2013/2014 година, ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова доби највисока (9,98) оценка од студентите, на анонимно спроведената анкета помеѓу студентите на Медицинскиот факултет во Скопје, која беше и највисока оцена на сите катедри за тој семестар.

**Научноистражувачка дејност**

Ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова е автор на бројни трудови од областа на гинекологијата и акушерство, од кои 8 труда во меѓународни научни списанија и 28 труда во зборници од научни и стручни собири. Активно учествува во научноистражувачката дејност преку учество на бројни конгреси, симпозиуми и семинари, со многубројни трудови од областа на перинатологијата и гинекологијата. Таа се јавува како предавач во главни и споредни сесии на некои европски и светски конгреси.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Од своето вработување на Клиниката активно е вклучена во секојдневната работа и постојано и систематски работи на својата континуирана медицинска едукација, а стекнатите знаења и вештини им ги пренесува на помладите колеги, студенти и специјализанти во процесот на учење. За летниот семестар 2013/2014 година е оценета со највисока оценка на анонимно спроведената анкета помеѓу студентите на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова има остварено повеќе меѓународни престои во странство за стручни едукации како што се:

- 2010 година, Hospital Burlo Garloforo Trieste – Italy, ,,European School for Maternal, Newborn, Child and Adolescent Healt”, 1 – 15 јули 2010;
- 2013 година, Salzburg, Austria, ,,Maternal and Infant Health Seminar, Salzburg Medical Seminars”, 9 – 13 јуни 2013;
- 2016 година, General Hospital Vienna – Department of Obstetrics and Gynecology. Observership ,,High Risk Pregnancies, US screening with fetal Echocardiography”, 2 – 20 декември 2016.

Ас. д-р сци. Габриела Бушиноска Иванова е активен учесник на бројни меѓународни конгреси, семинари и симпозиуми:

- 2017 година, 4 th International Conference on Gynecology & Obstetrics”, 2 - 4 октомври 2017 година, Барселона, Шпанија;
- 2013 година, симпозиум „Третман на генитални ХПВ-инфекции и цервикален карцином”, ноември 2013, Скопје, Македонија;
- 2019 година, симпозиум „Новитети во асистирана репродукција”, ЗГОМ, МЗГЕ, Скопје, септември 2019 година;
- 2018 година, Femi Cord Bio Save ,,Education regarding stem cell therapy seminar”, октомври 2018 година, Варшава, Полска.

Активно учествува во школи и работилници и е носител на сертификати за совладани вештини:

- 2017 година, Fetal Cardio Cracow, Poland. ,,MWU Lesser Poland Workshops in Ultrasound”, мај 2017 година, Краков, Полска;

- 2012 година, 1 st Macedonian Ian Donald Course. ,,Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology”, 28 – 30 септември 2012, Охрид, Македонија;
- 2015 година, Educational Program- Voluson Expert Series & Voluson E10 RSA. Декември 2015, Скопје, Македонија.

Кандидатката покажува активност во дејности од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии:

- Комисија за привремена спреченост за работа (трудници), 2012 – 2015 година;
- испитни комисии како акредитиран испитувач во Лекарската комора на Македонија повеќе од 12 години, за здобивање со основна лиценца на завршените лекари од општа пракса.

Учесник е на многу предавања за промовирање и унапредување на здравјето на жената, болести поврзани со женското здравје и фамилијарното планирање, во соработка со некои невладини организации од државата, во текот на сите изминати години на територијата на целата држава.

При изработката на својот докторат на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” Скопје, со тема „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020)”, за прв пат во регионот, државата и Клиниката, ја применува методата за одредување на предиктивни фактори со влијание врз неонаталниот морталитет на Клиниката, во дадениот период.

Активно се служи со англискиот и германскиот јазик.

Член е на: Македонска лекарска комора, Македонско лекарско друштво, ЗГОМ – Здружение на гинеколози и опстетричари на Македонија, активист на Црвен крст и невладини здруженија.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Габриела Мирослав Бушиноска Иванова**
**Институција: УКИМ – Медицински факултет – Скопје**
**Научна област: ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
| | 6.21. M. Gligorova, T. Deleva, K. Kuzmanovska, T. Trenceva-Cvetkovska, "The incidence of Sectio Cesarea and Sectio Recesarea in the Strumica County, Republic of Macedonia" („Инциденца на Sectio Cesarea и Sectio Recesarea во Струмичкиот Регион“) - Прва Пекинг-меѓународна конференција на гинеколози и акушери, 7 – 10 октомври 2005, Пекинг, Кина | 1 |
| | 6.22. T. Deleva, M. Nikoloski, S. Nikoloska, L. Matkova, E. Dimitrovski, M. Gligorova Hypertension-risk factors and their prevention-our experiences, Прв национален конгрес по општа медицина со меѓународно учество, 3 – 6 ноември 2005, Варна, Бугарија | 1 |
| | 6.23. L. Matkova, T. Deleva, S. Nikoloska, M. Nikoloski, “Diabetes mellitus complicated hypertension - a case report, Прв национален конгрес по општа медицина со меѓународно учество, 3 – 6 ноември 2005, Варна, Бугарија | 1 |
| | 6.24. Т. Делева, С. Николоска, М. Николоски, М. Глигорова, Е Карчева, А. Цицимова, Л. Маткова „Хипократовата заклетва, некогаш и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.25. Т. Делева, М. Глигорова, С. Николоска, М. Николоски „Лекар и лекарска тајна“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.26. Т. Делева, Е. Карчева, А. Цицимова, М. Глигорова, М. Николоски, С. Николоска „Знаењето за етиологијата на карциомот на дојката некогаш и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.27. М. Глигорова, Т. Делева, К. Кузмановска, Т. Тренчева-Цветковска, С. Николоска, М. Николоски. „Улога на педијатарот во минатото и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6.28. М. Глигорова, Т. Делева, К. Кузмановска, Т. Тренчева-Цветковска, С. Николоска, М. Николоски. „Почетоци и развој на педијатријата во општина Струмица“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.29. А. Цицимова, Е. Карчева, Т. Делева „Развој на хемодијализниот центар во Струмица“, Втор македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.30. Е. Карчева, А. Цицимова, Т. Делева „Историски развој на нефрологијата во Струмица“, Втор Македонски конгрес за историја на медицина со меѓународно учество, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија | 1 |
| | 6.31. Делева Т, Маткова Л, Делева С, Николоски М, Танчев П „Примена на Амоксицилин + Клавуланска киселина кај инфекции на горен респираторен тракт“ - Прв конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија со меѓународно учество, 2 – 6 јуни 2004, Охрид | 1 |
| | 6.32. F. Jakimovska, E. Dimeska, A. Lazarevski, S. Deleva, E. Dimitrovski, T. Deleva “Complications of Acute Sinsitis- Diagnosis and Tretment” 20th Congress of the European Rhinologic Society and 23th International Symposium of infection and allergy of the nose, June 18-25, 2004, Istanbul, Turkey | 1 |
| | **Вкупно** | 66 |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** (1 специјализација х 2 поени = 2 поена): | |
| | 1.1. Специјалист по неврологија од 3.12.2010 | 2 |
| 2 | **Клиничка практика во соодветната област (дијагностички и тераписки процедури), првпат во институцијата воведна процедура** | |
| | 2.1. Екстракранијална колор доплер дуплекс сонографија на каротидни и вертебрални артерии во ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, Оддел за неврологија, ул. „Париска“ бб, 1000 Скопје | 1 |
| | 2.2. TCCDS на мозочни крвни садови во ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, Оддел за неврологија, ул. „Париска“ бб, 1000 Скопје | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | **Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството** | |
| | 3.1. Раководител на клиничка студија<br>Назив на студијата: „ A Multi-Center, Randomized, Double-Blinded Phase 3 Study to Evaluate the Efficacy, Safety,and Tolerability of IMU-838 versus Placebo in Adults with Relapsing Multiple Sclerosis(ENSURE-1)”<br>Број на протоколот: P3-IMU-838-RMS-01 (ENSURE-1)<br>Улога во студијата: Главен истражувач<br>Времетраење: октомври 2021 – во тек<br>Број на центар: 138902<br>Локација на центарот: ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, Оддел за неврологија, ул. „Париска“ бб., 1000 Скопје | 2 |
| | 3.2. Учесник во клиничка студија<br>Назив на студијата: „Medically Ill Patient Assessment of Rivaroxaban Versus Placebo IN Reducing Post-Discharge Venous ThromboEmbolism Risk (MARINER)“<br>Број на протоколот: RIVAROXDVT 3002<br>Улога во студијата: истражувач соработник<br>Времетраење: 2016 до 2018<br>Број на центар: MK00001<br>Локација на центарот: ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, Оддел за неврологија, ул. „Париска“ бб, 1000 Скопје | 1 |
| | 3.3. Учесник во клиничка студија: ,,Ризик-фактори за хипертензија во Република Македонија”, Македонска асоцијација за хипертензија во соработка со Здружението на лекари од примарна здравствена заштита | 1 |
| | **Вкупно** | 8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Студиски престој во странство, до три месеци** (3 престои х 0,5 поени = 1,5 поени): | |
| | 1.1. Едукативен престој во странство од областа на неврологијата и невросонологијата со индивидуална обука за Колор Доплер Сонографија на каротидните и вертебралните артерии, 18.8. – 13.9.2013, Клиника за неврологија, болница „Токуда“, Софија, Бугарија | 0,5 |
| | 1.2. Едукативен престој во странство од областа на невросонологијата на Клиниката за неврологија, Оддел за васкуларна неврологија и интензивна невролошка терапија, Универзитетски клинички центар – Љубљана, Р Словенија, во периодот од 27.10. до 20.11.2015 година. | 0,5 |
| **2** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | |
| | 2.1. Раководител на Оддел за општа неврологија во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје | 3 |
| **3** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | |
| | 3.1. Член на организациониот одбор на VII конгрес на Македонското невролошко здружение со меѓународно учество, од 7 до 9 мај 2021 година | 1 |
| | 3.2. Член на организациониот одбор на Вториот конгрес на за историја на медицина со меѓународно учество, 3 – 5 ноември 2005 година | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| | 4.1. Член на претседателството на Македонската асоцијација за хипертензија, член на организационен одбор на секциски состанок на Македонската асоцијација за хипертензија, 2009 година. | 0,5 |
| **5** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | 5.1. Член на Стручна комисија за издавање на наод, оценка, и мислење за потребата од помош и нега од друго лице во ГОБ „8-ми Септември“, во периодот од 2015 до 2017 година | 1 |
| | 5.2. Член на Работната група за ревизија на болнички истории по пат на телемедицина во јавноздравствените установи од секундарно ниво на здавствена заштита, во организација на Министерството за здравство на Р Македонија (бр. 07-8345, 11.9.2014 година) | 1 |
| | 5.3. Член на групата за работа со жртви на семејно насилство во локалната средина, поддржана од UNICEF – Скопје, со завршена обука, 22 декември 2004, Битола, Македонија | 1 |
| **6** | **Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката** | |
| | 6.1. Член на Управен одбор на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ од 24.11.2017 (бр 03-4800/4, 28.11.2017) | 0,3 |
| 7 | **Претседател на професионална/струкова комора** | |
| | 7.1. Претседател на Управниот одбор на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ од 29.01.2018 год (бр 02-388/1, 30.1.2018) | 2 |
| 8 | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Благодарница од Лекарската комора на Република Северна Македонија за особен придонес и ангажираност при справувањето со пандемијата предизвикана од коронавирусот COVID 19 (5.6.2021, Скопје) | 3 |
| | **Вкупно** | 14,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 30,98 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 66 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 8 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 14,8 |
| **Вкупно** | 119,78 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Китева Тренчевска, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Цветковска, с.р.**
**Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска, с.р.**
**Доц. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Доц. д-р Николина Тановска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Татјана Делева-Стошевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Татјана Делева-Стошевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен соработник по предметите од научната област неврологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Делева-Стошевска да биде избрана во звањето научен соработник по предметите од научната област неврологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Китева Тренчевска, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Цветковска, с.р.**
**Проф. д-р Драгана Петровска Цветковска, с.р.**
**Доц. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Доц. д-р Николина Тановска, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15.11.2021 година, за избор на асистенти по предметот Гинекологија и акушерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02 – 5523/36, донесена на 21.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Јадранка Георгиевска
2. доц. д-р Горан Кочоски
3. доц. д-р Роса Спасова.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го донесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистенти во научната област медицина по предметот гинекологија и акушерство, во предвидениот рок се пријавија д-р Наташа Илиева, асистент-докторанд д-р Ева Созовска Белчовска и д-р Ненад Врговиќ.

### 1. Д-р Наташа Илиева

*БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Кандидатката д-р Наташа Илиева е родена на 14.9.1983 година во Охрид. Основно и средно образование завршила во Охрид со одличен успех. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишала во учебната 2001/2002, а дипломирала во јули 2007 година со среден успех 9,85 (од 10). Одлично го владее англискиот јазик и поседува сертификат за ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), а има базични познавања и од германскиот јазик. За време на студирањето, во 2006 година била на студентска размена во Чешка Република (општа хирургија), а 2007 добила стипендија за програмата “Studenten ohne Grenzen” во Виена (Algemeine Krankenhaus-AKH) во времетраење од еден месец. Во периодот од 2004 до 2007 година, била претставник на генерацијата на Медицински факултет, Скопје.

Во октомври 2007 година се запишала на постдипломски студии на Медицинскиот факултет при УКИМ, а во мај 2008 година започнала со приватна специјализација по гинекологија и акушерство. Во декември 2011 била примена во редовен работен однос на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, каде што и сè уште работи. Од 2013 е специјалист по гинекологија и акушерство и активно учествува во активностите на македонските лекарски здруженија од областа на гинекологијата и акушерството. Постдипломските студии ги завршила во 2015 година со средна оценка 9,8 и се стекнала со право на научен степен – магистер на медицински науки, бранејќи го својот магистерски труд со наслов: „Предиктивни вредности на новиот ризик индекс за оваријален малигнитет – РИОМ“. Студент е на трет циклус – докторски студии на Школата за докторски студии на УКИМ во Скопје од областа клиничка медицина од академската 2016/2017 година.

Има солидни познавања од компјутерските технологии и учествува во изработување и публикување на научни истражувања на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје.

*НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА*

- Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ, Скопје, кандидатката д-р Наташа Илиева е вклучена како асистент докторанд во

периодот од 2015 до 2020 година, преку активно и самостојно изведување на практичната настава по предметот Гинекологија и акушерство по студиската програма Општа медицина, како и активно учествува во практичната и теоретската едукација на специјализантите по гинекологија и акушерство. Во академската 2016/2017 година е учесник на „Денови на промоција на повисоки стандарди во едукацијата“ и го завршила курсот „Teach the Teacher“ во организираната соработка на Медицинскиот и Педагошкиот факултет при УКИМ, Скопје.

- Научноистражувачка дејност

Д-р Наташа Илиева, за овој избор во звањето асистент, до Рецензентската комисија ги поднесува следните трудови за рецензија:

1. Antovska SV, Bashevska N, Aleksioska N. Predictive Values of the Ultrasound Parametars, CA-125 and Risk of Malignacy Index in Patients with Ovarian Cancer, Klinicka Onkologie. 2011; 24:435-442.
2. Antovska SV, Basheska N, Grncarova Z, Aleksioska N. Relationship among bacterial vaginosis, local inflammatory response and presence of cervical intraepithelial neoplasia in women with and without human papilloma virus infection. Korean J Obstet Gynecol 2012; 55(7): 468-476.
3. Georgievska J, Antovska V, Basheska N, Aleksioska N. Androgen Secreting Steroid Cell Tumor of the Ovary Represented with Postmenopausal Bleeding and Extensive Hirsutism. Maced J Med Sci. 2013 Dec 15; 6(4): 431-436.
4. Iliev D, Mishevska P, Ilieva N. Screening for Diabetes Type 2 in Primary Health Care. Maced Med Electr J. 2015 Dec 05; 2015;50020:6. [Macedonian] http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2015.50020.

- Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Наташа Илиева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ УГАК, Скопје, како специјалист од 2013 година на следните оддели: Оддел за пуерпериум (јуни – декември 2013), Оддел за перипартална интензивна нега (2013 – 2016), Оддел за ургентна гинекологија и дневна болница (2016 – 2019), оддел Родилни сали (2019 – 2020) и од март 2020 год. на Одделот за репродуктивна ендокринологија со детска и адолесцентна гинекологија.

Од 2011 година се стекнува со стручен назив – инструктор за управување на итни акушерски состојби и траума, пред комисијата од Advanced Life Support Group (ALSG) од Велика Британија, и предава во Сараево, Босна и Херцеговина (ноември 2011), Манчестер, Велика Британија (март 2012 и февруари 2013) и Лозана, Швајцарија (ноември 2016). Од април 2013 година, на покана на проф. Роберт Гудвин III од Ванкувер, Британска Колумбија, Канада, се стекнува со називот: Fellow of New Westminster College. Од април 2012 година е научен рецензент (Scholarly Reviewer) на Webmed Central (Open Access Biomedical Publisher Using Post Publication Peer Review). Учествува на стручни конгреси, стручни преводи, семинари, работилници, вебинари, секции и стручни школи, во дел од нив вклучена во организационен одбор. Во 2018 година е добитник на претседателската стипендија „Борис Трајковски“, во соработка со Универзитетот Шефилд, каде што е студент на студиската програма Executive-MBA на Интернационалниот факултет (CITY College, University of Sheffield), во Солун, Грција.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Наташа Љубен Илиева***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Медицински факултет при УКИМ – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***гинекологија и акушерство***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,85.<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,8. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски.<br>2. Назив на документот: Уверение за англиски јазик.<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ – Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 16.11.2021. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Доц. д-р Горан Кочоски, с.р.**
**Доц. д-р Роса Спасова, с.р.**

2. **Д-р Ева Созовска Белчовска**

*БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Д-р Ева Созовска Белчовска е родена во Скопје, на 3.6.1984 година. Средно образование завршила во Скопје, ДСУ Гимназија „Никола Карев” со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирала на 15.10.2008 година со просечен успех 9,60. Државен испит полагала на 15.5.2009 г. Веднаш по положувањето на државниот испит, започнува приватна специјализација од областа гинекологија и акушерство. Од 30.12.2013 е вработена на Клиниката за гинекологија и акушерство, каде што континуирано работи до денес. На 2.6.2016 го положила специјалистичкиот испит, при што се здобила со звањето специјалист гинеколог-акушер. Во учебната 2016/2017 г. се запишала на трет циклус студии на Медицинскиот факултет во Скопје, Школа за докторски студии при УКИМ.

Поседува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик на ниво B2 (PET – pass with distinction) и Уверение за B2-ниво на познавање на германски јазик издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

*НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА*

- Научноистражувачка дејност

I . **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** :

1. Evaluation of fetal heart rate during Amniocentesis in fetuses with normal and abnormal karyotype. Hadži -Lega M., Daneva-Markova A., E. Sozovska, Macedonian Medical Review 2014.
2. Prenatal diagnosis of repetitive Ellis-Van Creveld Syndrome Accompanied by Dandy Walker Malformation - Case Report, Maja Pejkovska Ilieva∗,1 , Igor Samardjiski∗ , Vesna Livrinova∗ , Irena Todorovska∗ , Slagjana Simeonova Krstevska∗ , Iva Paneva∗ , Katerina Nikoloska∗ , Eva Sozovska Belchovska∗ and Sasho Dimitrovski∗,International Journal of Medical Reviews and case reports, 2021.
3. Unusual presentation of vaginal squamous cell carcinoma mimicking a cystic tumor of Wolff duct or cyst of Gartner, Antovska Vesna[1], Dabeski Drage[1], Zlateska Sofija[1], Sozovska Blechovska Eva[1], Ilievski Boro[2], Journal of Gynecological Oncology, 2021:4(4) 1068.

**II. Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна**

1. Преваленца на вагинални и цервикални инфекции кај пациентки со заканувачки абортус во наша средина. Исјановски Филип, Георгиевска Ј., Трајкова К., Хаџи Лега М., Созовска Белчовска Е. 3rd Congress of Gynecologists and Obstetricians of Macedonia 16-19 May 2013, Ohrid.
2. Евалуација и третман на пациентки со аднексална и оваријална торзија. Павловски Б., Созовска Белчовска Е., Георгиевска Ј., Трајкова К., Хаџи Лега М. 3rd Congress of Gynecologists and Obstetricians of Macedonia 16-19 May 2013, Ohrid.

- Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Во моментот е распределена на Одделот за ургентна и интервентна гинекологија, каде што активно учествува во сите активности, интервенции и испитувања од оваа област, а претходно има работено на Одделот за патолошка и вискоризична бременост. Активно присуствува на сите состаноци, меѓународни конгреси и курсеви на одделни здруженија во областа на гинекологијата и акушерството. Учесник е во тековен проект на Министерството за здравство: Имплементација на медикаментозен абортус во Република Северна Македонија. Учесник е во проект на UNFPA – Македонско лекарско друштво: Мобилна гинеколошка амбуланта за пациентки од рурални средини. Ментор е од областа гинекологија и акушерство на специјализантите по семејна медицина.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ева Јованчо Созовска Белчовска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Медицински факултет при УКИМ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,58. | да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: германски.<br>2. Назив на документот: Уверение за Б2-ниво.<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” при УКИМ – Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 14.11.2021. | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Доц. д-р Горан Кочоски, с.р.**
**Доц. д-р Роса Спасова, с.р.**

### 3. Д-р Ненад Вргoвиќ

*БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Кандидатот д-р Ненад Вргoвиќ е роден на 21.12.1991 г. во Скопје. Средно образование завршил во СУГС „Никола Карев“ во Скопје со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје. Дипломирал на 28.6.2016 со просечен успех 8,68. Во март 2017 г. го положил стручниот испит и се здобил со основна лиценца за работа. Во август 2021 г. се вработил на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, каде што континуирано работи до денес. Во септември 2018 г. започнал специјализација од областа гинекологија и акушерство. Кандидатот поседува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик на ниво B2 (BULATS – Cambridge English Language Assessments).

*НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА*

- Научноистражувачка дејност

За овој избор во звањето асистент, кандидатот, до Рецензентската комисија, го поднесува следниов труд за рецензија:

1. Surgical approach on recurrent retroperitoneal liposarcoma with involvement of surrounding organs. Rexhep Selmani, Zoran Karadzov, Goran Begovic, Qemal Rushiti, **Nenad Vrgovic**, Dejan Gogovski, Darko Domazetovski. Albanian Journal of Trauma and Emergency Surgery 2019, Vol 3, No 1:1-8. ISSN: 2521-8778; ISSN: 2616-4922.

- Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Активно е вклучен во севкупната активност во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Ненад Дејан Врговиќ***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,68. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски.<br>2. Назив на документот: BULATS.<br>3. Издавач на документот: Cambridge English.<br>4. Датум на издавање на документот: 18.12.2017. | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Доц. д-р Горан Кочоски, с.р.**
**Доц. д-р Роса Спасова, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Наташа Илиева, д-р Ева Созовска Белчовска и д-р Ненад Вргoвиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Наташа Илиева, д-р Ева Созовска Белчовска и д-р Ненад Вргoвиќ поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Наташа Илиева, д-р Ева Созовска Белчова и д-р Ненад Вргoвиќ да бидат избрани во звањето асистент по предметот Гинекологија и акушерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Доц. д-р Горан Кочоски, с.р.**
**Доц. д-р Роса Спасова, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 25-02-2022 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Трајче Митровски | Ограничување на слободите и правата во време на пандемија Covid 19 во Република Северна Македонија (Restriction of Human Rights and Freedoms During the Covid 19 Pandemic in the Republic of North Macedonia) | проф.д-р Марика Ристовска | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Даниел Павловски | Односот помеѓу локалната и централната власт (Relations between local and central authorities) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Мирјана Бијељанин | Дисциплинска одговорност на администрацијата (Disciplinary accountability in administration) | проф.д-р Борче Давитковски | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Бранкица Крстева | Управниот спор и неговото влијание врз правната сигурност, еднаквоста и законитоста во областа на прекршоците (Administrative dispute and its impact on legal certainty, equality and legality in the field of misdemeanors) | проф. д-р Ана Павловска Данева | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Драгана Бојковска | Локални даноци – финансиско-административни аспекти: Студија на случај во општина Илинден (Local Taxes – Financial and Administrative Aspects: Case study of the Municipality of Ilinden) | проф. д-р Александра Максимовска Стојкова | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Ивана Петрушевска | Основање на банка во Република Северна Македонија и компаративни искуства (Establishment of Bank in Republic of North Macedonia and Comparative Experiences) | проф. д-р Јован Зафироски | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Анастасија Ѓороска | Автономија на волјата како точка на врзување кај договорните односи со странски елемент во европското и македонското меѓународно приватно право (Party autonomy in contractual obligations under the European and Macedonian private international law) | проф. д-р Тони Дескоски | 25.02 2022 | 02- 204 / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Марија Коцева | Конфискација на имот како посебна казнено-правна мерка низ призмата на македонската судска практика (Confiscation of Assets as Specific Criminal Law Measure through the Macedonian Court's Practice) | проф. д-р Никола Тупанчески | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Александра Кедева | Третман на деца кои издржуваат воспитна мерка упатување во воспитно поправен дом (Treatment of the Children Sentenced to the Measure Stay at Juvenile Correction Facility) | проф. д-р Гордана Лажетиќ. | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Ема Стојановска | Феноменолошки карактеристики на сообраќајната деликвенција (Phenomenological Characteristic of the Traffic Delinquency) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Драгана Терзиќ | Криминолошки аспекти на трговијата со деца (Criminological Aspects of Child Trafficking) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Нена Алексова | Жените и децата како жртви на трговија со луѓе (Women and Children as Victims of Human Trafficking) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Викторија Ѓорѓиоска | Основање на банка во македонската економија (Formation of Banks in Macedonian Economy) | проф.д-р **Биљана Петревска** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Мартина Саздова | Стечајна постапка и органи на стечајна постапка (Insolvency Proceedings and Organs in Insolvency Proceedings) | проф.д-р **Димитар Гелев** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Ангела Минова | Различни видови бариери во економското работење (Different Types of Barriers in Economics) | проф.д-р **Биљана Петревска** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Натали Марковска | Влијанието на перењето на парите врз националните економски перформанси и превземање на неопходните мерки за превенција (Effects of Money Laundering on National Economics and Taking Over of Necessary Measures) | проф.д-р **Димитар Гелев** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Софија Цинцаровска | Капиталот и акциите кај акционерските друштва (Capital and Shares in Shareholding Companies) | проф.д-р **Биљана Петревска** | 25.02 2022 | 02- 204 / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Барбара Коршул | Пазари на тргување со емисии на стакленички гасови и купопродажба на јаглеродни кредити (Markets of CO2 Emissions and Trading with CO2 Certificates and Credits) | проф.д-р **Димитар Гелев** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Ана Ладевска | Нерегуларни банкарски трансакции (Irregular Bank Transactions) | проф.д-р **Биљана Петревска** | 25.02 2022 | 02- 204 / |
| Павел Коцарев | Акционерско друштво и органи на управување (Shareholding Company and Systems of Governance) | проф.д-р **Димитар Гелев** | 25.02 2022 | 02- 204 / |

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Изработил : Хамди Весели

Советник за студентски прашање

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ЗООЛОГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА СЛАВЕВСКА-СТАМЕНКОВИЌ И АС. М-Р ЈЕЛЕНА ХИНИЌ ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр. 02-115/2 од 1.2.2022 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот „Зоологија“, од авторите: проф. д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ и ас. м-р Јелена Хиниќ, наменет за студентите од студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет, за предметот Зоологија, избрани се: д-р Маја Јорданова, редовен професор на ПМФ – Скопје и д-р Катерина Ребок, вонреден професор на ПМФ – Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

### Основни податоци за ракописот

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Зоологија |
| **Назив на предметната програма:** | 1. Зоологија |
| **Назив на студиската програма:** | Студии по нутриционизам |
| **Фонд на часови и ЕКТС – кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 1. 3+3, 6 ЕКТС-кредити |
| 1. Предметот Зоологија на Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3, број на ЕКТС – кредити 6 и се слуша во зимскиот (прв) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание (приспособен според наставната програма) |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 157 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ја и литературата) и содржи 428 слики и шематски прикази. |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Маја Јорданова, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Ребок, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**Од рецензентот: проф. д-р Маја Јорданова**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов: „Зоологија“, од авторите проф. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ и ас. м-р Јелена Хиниќ, е учебно помагало наменето за теоретската настава од предметот Зоологија за студентите на студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во него детално се обработени таксономската класификација и морфо-физиолошките карактеристики на протозоите и безрбетниците, почнувајќи од едноклеточните животни (тип Protozoa), па сѐ до инсектите (класа Insecta).<br>Целокупниот материјал е организиран во вкупно 5 поглавја (вклучувајќи ги и воведот и користената литература).<br>Првото поглавје ги разработува потребата и начинот на класификација и именување на живите организми, каде што студентите детално се запознаваат со хиерархискиот систем на подредување на живиот свет. Наредното поглавје се однесува на неопходноста од познавањето на протозоите и безрбетниците, каде што авторите ги појаснуваат седумте карактеристики кои ги прават овие организми особено значајни за човекот. Третото поглавје, како најобемно, поделено е на седум потпоглавја. Секое потпоглавје се однесува на засебните типови протозои и безрбетници (Protozoa, Porifera, Cnidaria, Platyhelminthes, Nematoda, Mollusca, Annelida и Arthropoda) и ги содржи нивните главни морфо-физиолошки карактеристики, како и внимателно селектирани најзначајни претставници со фокус на нивните нутритивни вредности и примена во фармацевтската индустрија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот ракопис е во целост усогласен со предметната програма и ги покрива сите тематски единици предвидени за предметот Зоологија за студентите од студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Стекнатото научно и педагошко искуство на авторите придонело во создавањето на уникатен ракопис со последователен пристап кон содржините, почнувајќи од општото кон посебното. Материјалот е коректно и прецизно претставен, разбирлив |

| | |
|---|---|
| | и дизајниран на начин да одговара со содржината на предметот. Прегледноста на изнесените информации е на високо ниво, имајќи предвид дека објаснетите концепти се поткрепени со голем број на слики и дијаграмски прикази. На овој начин на студентите им е овозможено брзо да го визуелизираат и лесно да го совладаат она што го прочитале. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 157 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ги воведот и литературата) и содржи 428 слики и дијаграмски прикази. Класификацијата на безрбетниците, нивните нутритивни вредности и значењето на некои од нив за фармацевтската индустрија, авторите ја објаснуваат согласно со нова и современа литература.<br>Земајќи ги предвид горенаведените карактеристики на поднесениот ракопис, несомнено е дека тој ги задоволува потребните критериуми на квалитетно учебно помагало неопходно за реализација на теоретската настава по предметната програма Зоологија за студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Оттука сметам дека неговото објавување е потполно оправдано и неопходно. |

Врз основа на изнесеното, ми претставува чест и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Зоологија, примарно наменет за студентите на студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет.

Скопје, 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Маја Јорданова, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**<u>Од рецензентот: проф. д-р Катерина Ребок</u>**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов: „Зоологија“, од авторите проф. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ и ас. м-р Јелена Хиниќ, е предаден на рецензија во 157 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ги воведот и литературата) и содржи 428 слики и дијаграмски прикази.<br>По воведот, во првото поглавје, авторите го објаснуваат начинот на класифицирање на живиот свет, притоа задржувајќи се на концептот на биномната номенклатура и правејќи компарација помеѓу традиционалната и најновата класификација на живиот свет во царства.<br>Во второто поглавје, тие ја потенцираат потребата од познавањето на значењето протозоите и безрбетниците за човекот преку запознавање на читателот со безрбетниците кои имаат висока нутритивна вредност и оние кои содржат биолошки активни компоненти, паразитските протозои и безрбетници, вектори на предизвикувачи на болести, отровни протозои и безрбетници, како и инсектите опрашувачи и штетници.<br>Прецизниот преглед на протозоите и безрбетниците е даден во поглавјето 3, каде што за секој тип најпрво се презентирани општите и биолошките карактеристики, а потоа детално се објаснуваат одбрани видови (претставници од соодветниот тип), за кои, покрај изглед и начин на живот, се дадени и конкретни информации за нивните нутритивни вредности, животни циклуси и значење на нивните биолошки активни компоненти. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Анализата на поднесениот ракопис за рецензија покажа дека тој е во согласност со содржината на предметната програма по предметот Зоологија за студентите на студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | отсуствуваат. |
| **Оцена на ракописот:** | Поднесениот ракопис за рецензија поседува одлично конципиран пристап кон темите кои ги обработува и содржи богата колекција на илустрации и слики. Тој несомнено ќе им овозможи на студентите полесно да се стекнат со знаењата за |

| | |
|---|---|
| | класификацијата, морфо-физиологијата, начинот на живот, нутритивните вредности и значењето за медицината и фармацевтската индустрија на безрбетните животни. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 157 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 5 поглавја (вклучувајќи ги воведот и литературата) и содржи 428 слики и дијаграмски прикази. Тој претставува оригинално учебно помагало, неопходно за следење на теоретската настава по предметот Зоологија за студентите на студиската програма *Нутриционизам* на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Тој е добро структуриран, ги содржи сите потребни информации, слики и дијаграмски прикази релевантни за предметната програма и ќе овозможи студентот да го совлада предметниот материјал.<br>Препорака: Ракописот во целост заслужува да биде објавен како учебно помагало. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Зоологија, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Скопје, 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Катерина Ребок, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ЗООЛОГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА РЕБОК, ПРОФ. Д-Р МАЈА ЈОРДАНОВА, ПРОФ. Д-Р ИРЕНА ТАВЧИОВСКА-ВАСИЛЕВА И ВИШ ЛАБ. ЛОЗЕНКА ИВАНОВА ОД ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр. 02-114/2 од 1.2.2022 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало: „Практикум по зоологија“, од авторите проф. д-р Катерина Ребок, проф. д-р Маја Јорданова, проф. д-р Ирена Тавчиовска-Василева и виш лаб. Лозенка Иванова, наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет, за предметот Зоологија, избрани се: д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, вонреден професор на ПМФ – Скопје и д-р Александра Цветковска-Ѓорѓиевска, вонреден професор на ПМФ – Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум по зоологија |
| **Назив на предметната програма:** | 2. Зоологија |
| **Назив на студиската програма:** | Студии по екологија |
| **Фонд на часови и ЕКТС – кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 2. 3+4, 8 ЕКТС-кредити |
| 2. Предметот Зоологија на Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+4, број на ЕКТС-кредити – 8 и се слуша во зимскиот (прв) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание (приспособен според наставната програма) |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 78 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја и литературата) и содржи 82 слики и 12 табели. |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Александра Цветковска-Ѓорѓиевска, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**Од рецензентот: проф. д-р Валентина Славевска - Стаменковиќ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов: „Практикум по зоологија“, од авторите проф. д-р Катерина Ребок, проф. д-р Маја Јорданова, проф. д-р Ирена Тавчиовска-Василева и виш лаб. Лозенка Иванова, е учебно помагало за одржување на практични вежби од предметот Зоологија, во кој се обработуваат структурата, морфологијата и функцијата на биолошките системи, почнувајќи од едноклеточните животни, па сѐ до човекот, и е наменет за студентите запишани на студиската програма Екологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.<br>Материјалот е организиран во 10 тематски целини, секоја организирана од краток воведен теоретски дел и богато илустриран практичен дел. Секое поглавје во текстот е приспособено на потребите на една методска целина во практичната настава. Првите пет поглавја ги обработуваат структурните и ултраструктурните карактеристики на клетките, како и разликите помеѓу еукариотската и прокариотската клетка. Наредните три поглавја ги обработуваат структурните карактеристики на нуклеинските киселини, репликацијата, синтезата на протеини, трансферот на информациите, ембрионалниот развој на различни животински групи, како и основните принципи на настанокот на повеќеклеточните организми. Во последните две поглавја се обработуваат содржини од хистологијата, односно градбата на животинските ткива, како и организираноста на органските системи компаративно, кај безрбетниците и 'рбетниците. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Уникатната концептуална организираност на ракописот, во форма на текст, атлас и работен дел, совршено ги следи наставните содржини предвидени во предметната програма и овозможува идеална усогласеност со теоретскиот дел. Секое поглавје во овој ракопис визуелно го надополнува теоретскиот дел, така што двата дела (ракописот и теоретскиот дел) неизбежно претставуваат една целина, која дава комплетна слика и овозможува лесно восприемање на наставните содржини. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Богатото научно и педагошко искуство на авторите им овозможило да создадат уникатен ракопис со последователен пристап кон содржините, почнувајќи од општото кон посебното. Предметните содржини се презентирани со јасен и разбирлив стил, концизна мисла напишана на едноставен јазик, лесно приемлива за студентите. Сите структури и процеси се богато илустрирани. Мноштвото на фотографии и шеми овозможуваат интерактивна настава во која студентите на сликовит и прегледен начин имаат можност да ги совладаат предметните содржини. Покрај тоа, бројните задачи поставени во секое поглавје го поттикнуваат студентот на интегративно размислување и логичко поврзување на усвоените знаења при решавање на одредени проблеми. Со инкорпорирање на интересни примери кои се научно поткрепени, авторите ја развиваат способноста на студентите за научна дискусија и критичко размислување, што ја зголемува едукативната вредност на ова учебно помагало. |
| **Категоризација:** | **учебно помагало** |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 78 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја и литературата) и содржи 82 слики и 12 табели.<br>Имајќи ги предвид горенаведените карактеристики на поднесениот ракопис, тој ги исполнува сите критериуми на квалитетно учебно помагало кое ќе овозможи унапредување на практичната настава по наведениот предмет. Во согласност со тоа, сметам дека неговото објавување е во целост оправдано и неопходно. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Зоологија, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Скопје, 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**Од рецензентот: проф. д-р Александра Цветковска-Ѓорѓиевска**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебното помагало насловено „Зоологија“ содржи десет поглавја:<br>Микроскоп и микроскопирање, Прокариоти и еукариоти, Клеточна мембрана, Меѓуклеточните врски и транспорт, Клеточни органели, Трансфер на генетската информација, Основен тек на развиток кај животните, Корелација помеѓу структурата и функцијата, Животински ткива и Органи и органски системи.<br>Во **првото поглавје**, студентот се запознава со микроскопот како оптички инструмент и со постапката на микроскопирање.<br>**Второто поглавје** им овозможува на студентите да ги идентификуваат составните делови кај прокариотската (бактериска) наспроти еукариотската клетка и да направат јасна дистинкција помеѓу овие два типа клетки.<br>**Третото поглавје** дава јасен опис на градбата на клеточната мембрана, а од студентот се очекува да ги идентификува нејзините градбени делови и функција.<br>Во **четвртото поглавје,** авторите нè запознаваат со трите основни типови меѓуклеточни врски, посочувајќи ги најважните разлики меѓу нив во однос на нивната градба, функционирање и местоположба во клетката.<br>**Петтото поглавје** претставува сеопфатен приказ на клеточните органели кај животинската клетка.<br>**Шестото поглавје** му овозможува на студентот да ги идентификува основните разлики помеѓу ДНК и РНК-молекулите, да го знае редоследот на бази кои би се добил при постапките на репликација, транскрипција и транслација, да знае што се хеликази и полимерази, код, кодон и антикодон и воедно да ги идентификува промените на наследниот материјал во сите фази од делбите митоза и мејоза.<br>Во **седмото поглавје,** авторите обрнуваат внимание на разликите во ембрионалниот развиток помеѓу безрбетниците и ’рбетниците. Од студентот се очекува да ги идентификува разликите во процесите на бластулација, гаструлација и неврулација кај различните групи животни.<br>Бројните практични примери наведени во **осмото поглавје** им овозможуваат на студентите да ги посочат основните разлики |

| | |
|---|---|
| | помеѓу двете групи организми – протозоа и метазоа, како и да ги препознаваат предностите и негативностите поврзани со трите теории за настанокот на мултицелуларните животни. **Деветтото поглавје** нè запознава со морфологијата и функцијата на животинските ткива, додека **десеттото поглавје** претставува приказ на планот на градба на дигестивниот, респираторен, екскреторен, циркулаторен, ендокрин и нервен систем, како кај безрбетните така и кај ’рбетните животни. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со потребите на студиската програма Екологија на прв циклус студии на Институтот за биологија, Природно-математички факултет, и во целост ги опфаќа сите тематски единици предвидени со содржината на предметот Зоологија кој се изучува како задолжителен предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се потребни корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Како резултат на своето долгогодишно искуство и стручност од областа, како и секојдневната примена во практиката, авторите подготвиле ракопис кој претставува исклучително значаен едукативен материјал наменет за студентите по биологија, студиска програма: Екологија. Ракописот е напишан на концизен и јасен стил и јазик, со правописно и граматички точен пристап. Формата која ја има е во согласност со потребите за практичната настава на студентите од прв циклус студии, со разбирлив стил и едноставен и интересен начин на објаснување, збогатен со јасни графички илустрации. Материјалот е обработен систематично и дидактички, започнувајќи од поедноставни кон посложени тематски целини. Приспособен е за интерактивна настава и поттикнување на логичкото размислување кај студентот. Секое поглавје е проследено со соодветни примери кои се научно поддржани и во чекор со научните текови и новини. При тоа е користен богат животински материјал кој опфаќа различни систематски типови како од безрбетната (од сунѓери до инсекти), така и од ’рбетната фауна (од риби сè до цицачи). |
| **Категоризација:** | **учебно помагало** |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 78 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 12. |

| | |
|---|---|
| | Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја и литературата) и содржи 82 слики и 12 табели.<br>Изборот на теми е правилен, текстот е подготвен на начин достапен за студенти кои немаат претходни познавања од областа на зоологијата. Ракописот е изработен во согласност со стандардите за изработка на научна и стручна литература од областа на зоологијата и ќе има значаен придонес за подобрување и збогатување на сознанијата на студентите.<br>Сите горенаведени квалитети со кои се одликува ова дело ја оправдуваат потребата за негово објавување како учебно помагало. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Зоологија, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Скопје, 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Александра Цветковска-Ѓорѓиевска, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 24.02.2022 година.**

1. **МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

| | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Емилија Маневска, дипломиран туризмолог | „КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ ТЕМПЕРАТУРАТА И КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО СКОПСКАТА АГЛОМЕРАЦИЈА“ | „CORRELATION BETWEEN AIR TEMPERATURE AND AIR QUALITY IN SKOPJE AGGLOMERATION“ | д-р Олгица Димитровска, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-80/5 од 04.03.2022** |
| 2. | Јове Башоски, офицер на авијација | „ПРИМЕНА НА НАПРЕДЕН СИСТЕМ ЗА ПРОЦЕНКА И НАЈАВА НА ОПАСНИ ВРЕМЕНСКИ ПОЈАВИ ВО АВИЈАЦИЈАТА“ | „APPLICATION OF AN ADVANCED SYSTEM FOR ASSESSMENT AND WARNING OF SEVERE WEATHER PHENOMENA IN AVIATION“ | д-р Владо Спиридонов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-226/3 од 04.03.2022** |
| 3. | Стефан Јованов, дипломиран инженер по хемија | „РАЗВОЈ, ВАЛИДАЦИЈА И ПРИМЕНА НА HPLC-DAD МЕТОД ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АДИТИВИ ВО ПИЈАЛАЦИ“ | „DEVELOPMENT, VALIDATION AND APPLICATION OF A HPLC-DAD METHOD FOR DETERMINATION OF ADDITIVES IN SOFT DRINKS“ | д-р Марина Стефова, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-182/3 од 04.03.2022** |

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД Д-Р ТАЊА ДЕЈАНОСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **д-р Тања Дејаноска** со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ**, во состав: проф. д-р Јадранка Бундевска (претседател), проф. д-р Билјана Капушевска (ментор), проф. д-р Сања Панчевска (член), проф. д-р Сашо Еленчевски (член) и проф. д-р Ѓорги Кокаланов (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Тања Дејаноска, со наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ, е претставена на 353 страници, презентирана во фонт Georgia, со проред 1,5 и големина на букви 12. Текстот е збогатен со табели, слики и графикони. Прикажани се 199 слики, 1 графикон и 50 табели. Во обликувањето на докторската дисертација се искористени 403 референции од литературата, од кои најголемиот дел се објавени во последните три години и најголем дел се од странски автори (меѓу нив научни трудови, статии, книги и сл.).

Изложувањето на дисертацијата започнува со апстракт на македонски и англиски јазик и листа на кратенки. Ги содржи сите делови на еден научноистражувачки проект, структуриран во 8 поглавја: вовед, преглед од литература, цели и хипотези, материјал и метод, статистички методи, резултати и дискусија, заклучок и користена литература и анекс (ако има).

Трудот обработува актуелна стоматолошка проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така и од клинички аспект.

Начинот на изложување на материјалот е јасен и побудува интерес за одбраната тема на истражување. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се овозможува систематизирано и прегледно следење на материјалот содржан во докторската дисертација.

Во **кратката содржина** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека соодносот коронка/имплант, односно супраструктура/ имплант, има влијание на вредноста и локализацијата на напрегањата по von.Mises во трите испитувани структури, на поместувањето на имплантите. Резултатите од истражувањето, заедно со податоците од литературата, треба да ни дадат релевантни сознанија за оптималното научно поткрепено планирање и дизајнирање на испитуваните имплантно-протетички третмани при одредени клинички услови.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **Вовед.** Во неа се анализирани проблемите со кои се соочува пациентот, кои се последица на промените кои настануват во џвакалниот систем по делумното, а особено по целосното губење на забите. Посебно се осврнува на протетичката терапија кај тоталната беззабност од аспект на класичниот третман со гингивално потпрени (носени) мобилни протези и имплантно-протетичките третмани за рехабилитација на функциите на џвакалниот систем. Подетално се осврнува на недостатоците на третманот со гингивално потпрените протези и предностите на имплантно-протетичките третмани. Укажува и на проблемите со кои се сретнуваат докторите при планирање на имплантно-протетичкиот третман како неповолни анатомоморфолошки состојби, потребата од предимплантолошки подготовки, проблемите со зголемениот интералвеоларен простор, а како последица на тоа, зголемениот соодност на супраструктурата и имплантот. Вниманието го насочува кон сè почесто применувани имплантно-протетички концепти All-on-4 и All-on-6, кои

овозможуваат побрза ефикасна рехабилитација, кои се помалку сложени и со помал ризик, со помали трошоци, поради што се поприфатлива опција за докторот и пациентот. Мотивот за ова истражување асоцира на дилемите за недефинираност на соодносот супраструктура/имплант и неговото влијание на напрегањата во коскеното ткиво, од што зависи опстанокот на имлантите и се смета дека методот на конечни елементи може да даде голем и релевантен придонес во разрешуваање на тие дилеми (контраверзи).

**Втората глава** ги анализира **податоците од литературата**. Во него, кандидатката дава исцрпен преглед на истражувањата за структурите и биомеханиката во џвакаланиот ситем, без или со имплантно-протетичкиот третман, систематизирани во делови според проблемите на кои се однесува истражувањето.

Во првиот дел на втората глава, кандидатката хронолошки го разгледува развојот на денталната имплантологија (сознанија, материјали, импланти и методи) од најстаро време, па сè до денес, кога е вклучена и вештачката интелигенција.

Во вториот дел се обработени литературните податоци за периимплантните ткива, со посебно внимание на коскеното перимплантно ткиво на мандибулата.

Во првиот сегмент на вториот дел, накратко е опишано значењето на меките периимплантни ткива за имплантно-протетичкиот третман.

Вториот сегмент на вториот дел содржи податоци за структурата и организацијата, механичките карактеристики и биодинамиката на коскеното ткиво. Особено внимание е посветено на густината на коските, дебелината на кортикалната коска и методите за одредување на квалитетот на коскеното ткиво.

Во третиот дел на прегледот на литературата (или втората глава), посебно внимание е посветено на остеоинтеграцијата како основа за успех на имплантно-протетичкиот третман. Разгледани се механизмот на остеоинтеграција, факторите кои имаат влијание на процесот, а особено влијанието на силите на оптоварување (џвакалните сили) и напрегањата што се јавуваат во коскеното периимплантно ткиво.

Четвртиот дел на прегледот на литературата е посветен на силите кои се развиваат во џвакалниот систем. Прикажани се исцрпни податоци за настанување и типовите на сили во џвакалниот систем, а посебно внимание е посветено на споредување на податоците за биомеханиката и дистрибуција на џвакалните сили, кај природни заби и импланти и напрегањата што ги предизвикуваат во имплантот и коскеното ткиво. Опфатени се и податоците за поместување на забите и имплантите под влијание на џвакалните сили, со посебен акцент на микромукцијата како битен фактор за остеоинтеграцијата.

Во петтиот дел на втората глава, вниманието е свртено на соодносот коронка (супраструктура)/имплант. Соодносот коронка/имплант е важен фактор за успехот на имплантно-протетичкиот третман и општо за стабилноста на имплантите. Тој во основа е преземен од протетичките принципи кај природните заби, но сепак постојат разлики.

Во стоматолошката литература постојат податоци за потребниот простор за сместување на секој тип супраструктура над импланти. Во клиничката пракса, поради промените кои се случиле по губењето на забите или други патолошки или артифициелни состојби, често тој простор е многу поголем. Познати се и решенијата за таквата состојба: биоинженеринг на коскено ткиво или повисока коронка (супраструктура), односно поголем соднос на коронката (супраструктурата)/имплант. Во овој дел, исцрпно се апсорбирани податоците за соодносот коронка (супраструктура)/имплант и напрегањата што ги предизвикуваат во имплантот и коскените структури. Особено се анализирани податоците за соодносот на коронка (супраструктура)/имплант кај неподелени фиксни протези во лак над импланти кај имплантно-протетички концепти All-on-4 и All-on-6.

Во шестиот дел на втората глава се прикажани основните карактеристики на имплантно-протетичките концепти All-on-4 и All-on-6, биомеханиката во периимплантните ткива и опстојувањето на имплантите, односно нивната стабилност. Основната карактеристика на All-on-4 е дека се поставуваат само четири импланти врз кои ќе се изработи едноделна супраструктура во лак. Два импланта се поставуваат вертикални во предниот дел на вилицата, а два импланти се поставуваат во канинско-премоларна или во премоларна регија, дистално навалени под агол 15 до $45^{\circ}$ . При All-on-6 се поставуваат шест импланти врз кои се изработува едноделна супраструктура во лак. Два импланта се поставуваат вертикално во предниот дел на вилицата, два

импланта се поставуваат во канинско-премоларна или во премоларна регија вертикално или дистално навалени под агол 15 до 45°, и два импланта се поставуваат вертикално дистално од менталниот отвор според расположливото коскено ткиво. Кај двата третмана целта е да се избегнат предимплантолошки третмани, да се избегнат анатомски неповолни структури, а да се добие поголема количина на расположлива коска што дава можност да се изберат импланти со поголема должина. Клиничката практика ги има широко прифатени двата концепта, особено All-on-4. Современиот тренд во имплантологијата е да се користат помал број на импланти, да се намали или елиминира фазата на заздравување, односно имплантите да се стават веднаш во функција и да се намали цената на вкупниот третман. Имплантно-протетичките концепти All-on-4 и All-on-6 се еквалентни на овие барања, бидејќи се поставуваат само 4 – 6 импланти, се поврзуваат со шина врз која веднаш се изработува привремена фиксна протеза и пациентот е рехабилитиран за време од 24 до 48 часа. Меѓутоа, за да се превенираат механички или биолошки компликации, овие навидум лесни третмани бараат поголеми познавања на механичките и биолошките карактеристики на коскените ткива, познавање на процесите кои се случуваат во нив под влијание на оптоварување со џвакални сили, а особено напрегањата кои се јавуваат во коскените ткива. Кандидатката во овој дел дава податоци за успехот на третманот во корелација со микро- и макродизајнот на имплантот, квалитетот и квантитетот на коскеното ткиво, влијанието на местото и правецот на делување на силите на оптоварувањето и напрегањата кои се јавуваат во супраструктурата, имплантот и коскеното ткиво. Прикажува и податоци за влијанието на навалувањето на имплантите и дисталното продолжување на супраструктурата брз стабилноста на имплантите, односно успехот на третманот.

Во седмиот дел на втората глава, кандидатката го прикажува методот на конечни елементи, неговите предности и недостатоци и постапката на изработка на компјутерскиот модел. Негова најголема предност е тоа што дава сигурност, а испитувањето може неограничено да се повторува. Методот на конечни елементи е сигурна алатка за подобро разбирање на однесувањето на коските и за предвидување на влијанието на механичкиот стимул врз коската или неговите компоненти, во согласност со релевантноста на имплементираните параметри. Затоа, методот на конечни елементи мора да се реализира по одреден редослед: моделирање, определување геометрија и степени на слобода (граничните услови), внесување на релевантни податоци за особини на материјалите, карактеристиките на оптоварување (интензитет на сила, место на делување и правец на делување) и нумеричка анализа. Анализата со методот на конечни елементи може да обезбеди детални квантитативни податоци на која било локација во рамките на математичкиот модел, што кај човечки ткива тешко можат да се мерат in vivo. Кандидатката се осврнува и на ограничувања на примената на методот на конечни елементи во обласа стоматологијата, затоа што симулира живо ткиво кое не е константно во својата природна состојба и не може прецизно да се реплицира. Поради тоа, методот на конечни елементи бара некои поедноставувања. Предизвикот на истражувачот е да се направи разлика помеѓу потребните поедноставувања и погрешните. Резултатите добиени со методот на конечни елементи треба да се користат за: анализа, споредување и планирање, кои треба да подлежат на клинички докажувања.

Осмиот дел на втората глава содржи податоци за вредностите на напрегањата по Von Mises во имплантот и коскеното ткиво со посебен акцент на вредностите поврзани со соодносот коронка (супраструктура)/имплант како еден од факторите за успех на имплантно-протетичкиот третман. Анализата на влијанието на силите на оптоварувањето врз имплантот и коскеното ткиво преку анализа на напрегањата по Von Mises во испитувањето е направено со анализа на вредностите на напрегањата по Von Mises , затоа што Von Mises stress е мерка на вкупниот стрес дистрибуиран во сите аксијални рамнини. Со него можеме да ја процениме издржливоста на имплантот и коскеното ткиво. Во прикажаните податоци, најголем број вредности на напрегањата по Von Mises се добиени со in vitro истражувања, при што методот на конечни елементи е најчесто користен. Податоците за вредностите на напрегањата по Von Mises се селектирани за напрегања во мандубулата според; природни заби и импланти, соодносот на коронка (супраструктура)/имплант, типот на коска, бројот, местото и положбата на имплантите, обемот на дисталното продолжување на супраструктурата, јачината и правецот и местото на делување на силата и типот на оптоварување, статичко или динамичко.

Во **третата глава** се презентирани **целите и хипотезите** на истражувањето, кои се во правец да се направи анализа на влијанието на соодносот на коронката

(супраструктурата)/имплантот врз стабилноста на имплантот. Зададени се пет цели на истражувањето, за влијанието на висината на супраструктурата за различни сили на оптоварување врз стабилноста и поместувањето на имплантите и напрегањата во коскеното ткиво кај имплантолошките концепти All-on-4 и All-on-6 и да се анализираат нивните разлики.

Во рамките на истиот дел, кандидатката ги презентира работните хипотези, меѓу кои и нултата хипотеза дека: Висината на супраструктурата нема влијание врз стабилноста на имплантите кај имплантолошките концепти All-on-4 и All-on-6.

**Во четвртата глава** презентирани се **материјалот и методот** на истражувањето.

Во првиот дел на четвртата глава од докторската дисертација, кандидатката објаснува дека материјал на истражување се единаест(11) нумерички модели на долна вилица, од кои кај четири (4) модели е применет All-on-4 концептот, а кај четири (4) модели е применет All-on-6 концептот. Димензиите на имплантите кај сите модели се исти и непроменливи во текот на истражувањето. Соодносот на коронката (супраструктурата)/имплантот кај двата концепта е идентичен. Во секој нумерички модел според концептот All-on-4 и All-on-6, се менува од 1:1, 1,24:1, 1,5:1, 1,75:1 и 2:1, при што моделите со соднос 1:1 се контролна група, а останатите испитувана група. За да се испита влијанието на дисталното продолжуваање на супраструктурата врз стабилноста на имплантите направен е уште ден модел според концептот All-on-4 со поголемо дистално продолжување на супраструктурата во споредба со контролниот модел.

Во вториот дел на четвртата глава е опишан методот на истражување. Испитувањето е направено со употреба на методот на конечни елементи (МКЕ) со програмскиот пакет SOFiSTiK AG од Германија.

Континиумот во испитувањето е модел на беззабна мандибула во кој се вградени импланти според концептите All-on-4 и All-on-6 и врз кои се моделирани циркуларни фиксни конструкции.

Физичката дискретизација на коските, имплантите, коронките на забите и вградените елементи во фикснопротичките конструкции се направени со 3D-изопараметриски волуменски елементи со 8 јазли, а кошулката на коронката и интерденталните спови со лушпести изопараметриски елементи со 4 јазли.

Во истражувањето се користи методот на конечни елементи базиран на методот на деформации.

Нумеричките модели се изработени врз основа на радиографски снимки добиени со компјутерска томографија (CT).

Мандибулата е моделирана со две структури: кортикална и спонгиозна коска. Имплантите се моделирани со цилиндична форма, со мазна површина и заоблен врв. Усвоени се димензии од 10мм за должина и 4 мм за ширина на имплантот. Местоположбата на имплантите во нумеричкиот модел е определена врз база на метоположбата на забите во забниот лак од сликите од CT. Формата и димензиите на коронките (супраструктурата) се усвоени според податоци од литературата. Физичките карактеристики на биолошките ткива и градивните материјали, како потребни податоци за изработка на моделот, се земени од литературата.

Местото на дејствување на симулирана сила е едностранo, како групна заштитна оклузија. Мандибулата е фиксирана (потпрена) во дисталниот дел.

Истражувањето е направено за монотоно оптоварување со вертикални сили со јачина од 135N и со коси сили со јачина од 35N.

Напрегањата во имплантот, кортикалната и спонгозната коска се анализирани преку вредностите на напрегањата по von Misess.

Поместувањето на импланти се следени во секој јазол, а за референтна вредност се земени максималните поместувања.

За обработката на добиените податоци е користен компјутерскиот програм Statistica 7.0.

**Во петтата глава** се прикажани **резултати и дискусија** од истражувањето направено за потребите на оваа докторска дисертација. Резултатите од истражувањето за влијанието на супраструктурата врз стабилноста на имплантите кај моделите од контролната и испитуваната група покажуваат дека поголеми на напрегањата по von Mises се јавуваат на страната на оптоварувањето, а тие имаат највисоки вредности во имплантите, потоа во кортикалната коска, а најмали вредности во спонгиозната коска. Локацијата на напрегањата по von Mises се со линеарна

корелација со јачината на силата. Повисоки вредности на напрегањата по von Mises има при делување на коси сили во однос на вертикални сили (p<0.5).

Постои разлика помеѓу моделите од контролната група и моделите од испитуваната група (p<0.5). Според тоа, соодносот на висината на супрастиктура/имплант има влијание врз вредностите на напрегањата по von Mises, а со тоа може да има влијание и на стабилноста на имплантите. Најдена е значајна разлика (p<0.5) помеѓу моделите според концептот All-on-4 и според концептот All-on-6, за сите испитувани структури (имплантите, кортикалната и спонгиозната коска).

Вредностите на поместувањата на имплантите се во рамките на познатите вредности за поместување на имплантите во литературата. Тие се поизразени кај поголемиот соодност C/I и се зависни од правецот на делување на силата и поизразени се за коси сили.

Во заклучните согледувања, во **шестата глава,** кандидатката ја заокружува докторската дисертација, каде што се дадени **заклучоците** по анализа и споредба на добиените резултати.

Кај двата концепта, All-on-4 и All-on-6, повисоки вредности на напрегањата за von Misess и поместување на имплантите има на страната на оптоварувањето, со значајни разлики за вертикални и коси сили.

Соодносот коронка/имплант, односно супраструктура/имплант, има влијание на вредноста и локализацијата на напрегањата по v.Mises во трите испитувани структури, на поместувањето на имплантите.

Постои статистички значајна ралика помеѓу вредностите на напрегањата по von Misess помеѓу двата концепт. Порамномерна распределба има кај All on 6.

Двата концепта можат со голема сигурност да се применуваат за терапија на тоталната беззабност, при содветни индикации, но се преферира, кога е можно, да се применува All on 6.

Поместувањето на имплантите е поголемо на страната на оптоварувањето, кај поголемиот соодност C/I и при делување со коси сили.

Во **седмата глава** е даден приказ на **библиографските референци** кои авторот ги користел во идејата и оформувањето на овој труд. Користена е современа и релевантна литература. Посочени се голем број референци, најголем дел се објавени во последните три години и најголем дел се од странски автори.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражувањето е анализа на влијанието на висината на супраструктурата врз стабилноста на имплантите, напрегањето во периимплантното коскено ткиво и поместувањата на имплантите кај имплантно-протетските концепти All-on-4 и All-on-6. Посебно е опфатена одржливоста на двата концепта и определени се разликите помеѓу нив.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Имплантолошките третмани во современата стоматолошка практика се широко прифатени методи за лекување на беззабноста. Едно од најзабележителните достигнувања во клиничката стоматологија е непосредна рехабилитација на целосно беззабна горна и долна вилица со фиксна протеза со целосен лак, поддржана од импланти со методите All-on-4 и All-on-6.

Методите All-on-4 и All-on-6 се помалку инвазивни, економични, не бараат претходни подготовки на коскените структури, можат имедијантно да се оптоварат и третманот се завршува брзо.

Имплантно-протетичкиот третман мора да обезбеди: стабилност на имплантот и супраструктурата и да овозможи одржување на интегритетот на потпорните ткива при делување на џвакалните сили. Неопходните сознанијата за биомеханичкото однесување на чинителите за успех на имплантно-протетичкиот третман произлегуваат од клинички и параклинички истражувања. МКЕ е еден од најпреферираните методи за анализа и истражување.

Стабилноста на имплантите е клучниот фактор за успехот на терапијата со импланти и таа е зависна од повеќе фактори. Соодносот на висината на супраструктура/имплант се смета за еден од тие фактори.

Според литературните податоци, соодносот на висината на супраструктурата и имплантот може да биде една од причините за прекумерно оптоварување на имплантите, односно за зголемување на стресот во периимплантното коскено ткиво, што може да доведе до нарушување на стабилноста на имплантите и неуспех на третманот.

**Краток опис на применетите методи**

Испитувањето е направено со употреба на методот на конечни елементи. Континиумот претставува модел на беззабна мандибула со импланто-протетички третман според концептите All-on-4 и All-on-6. Нумеричкиот модел на континиумот е направен врз основа на радиографски снимки добиени со компјутерска томографија (CT). Моделирани се две структури на коската: кортикална и спонгиозна коска. Имплантите се моделирани со цилиндична форма, со мазна површина и заоблен врв со димензии од 10 мм за должина и 4 мм за ширина на имплантот. Местоположбата на имплантите е определена според природните заби во забниот лак од сликите од CT. Податоците за формата и димензиите на коронките, односно супраструктурата, физичките карактеристики на биолошките ткива и градивните материјали, се земени од литературата. Направено е монотоно, еднострано оптоварување со вертикални сили со од 100N и со коси сили од 35N. Напрегањата во имплантот, кортикалната и спонгозната коска се анализирани преку вредностите на напрегањата по von Misess. За референтна вредност на поместување на имплантите се земени максималните поместувања.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од истражувањето за влијанието на супраструктурата врз стабилноста на имплантите кај моделите од контролната и испитуваната група покажуваат дека поголеми вредности на максималните напрегања по von Mises се јавуваат на страната на оптоварувањето, а тие имаат највисоки вредности во имплантите, потоа во кортикалната коска, а најмали вредности во спонгиозната коска. Напрегањата по von Mises се со линеарна корелација со јачината на силата. Повисоки вредности на напрегањата по von Mises има при делување на коси сили во однос на вертикални сили ($p<0.5$).

Постои разлика помеѓу моделите од контролната група и моделите од испитуваната група ($p<0.5$). Според тоа, соодносот на висината на супрастиктурата/имплантот има влијание врз вредностите на напрегањата по von Mises, а со тоа може да има влијание и на стабилноста на имплантите. Најдена е значајна разлика ($p<0.5$) помеѓу моделите според концептот All-on-4 и според концептот All-on-6, за сите испитувани структури (имплантите, кортикалната и спонгиозната коска).

Вредностите на поместувањата на имплантите се во рамките на познатите вредности за поместување на имплантите во литературата. Тие се поизразени кај поголемиот соодноос C/I и се зависни и правецот на делување на силата, поизразени се за коси сили.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката **д-р Тања Дејаноска**, со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ,** претставува истражување во медицинските науки и здравството, поле: стоматологија, област: протетика и имплантологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација за влијанието на висината на супраструктурата врз стабилноста на имплантите кај All-on-4 и All-on-6 имплантолошки концепти во долна вилица се очекува да има важен научен придонес во познавањето за влијанието на висината на супраструктурата и бројот на поставените импланти. Од придонес ќе бидат и испитувањата за микропоместувањата на имплантите во зависност од употребената висина на супрастуктурата, како и поставеноста и бројот на употребени импланти. Научно апликативен придонес очекуваме и од изборот на висината на супраструктурата во дефинитивната фикснопротетичка конструкција. Од значење би биле и резултатите од можните промени во периимплантното ткиво во зависност од промената на висината на супраструктурата. Анализата на стресот, деформациите на коскеното ткиво и микропоместувањето на имплантите при дејствување на различни сили по јачина и правец на дејствување очекуваме да дадат одговор за стабилноста на имлантите при одредени услови и дизајни.

Паралелната анализа на дистрибуцијата на силите и промените во периимплантното ткиво кај двата испитувани концепта треба да даде одговор за оправданоста на примена на тие концепти.

Добиените резултати од истражувањето, заедно со податоците од литературата, треба да ни дадат релевантни сознанија за оптималното научно поткрепено планирање и дизајнирање на испитуваните протетски третмани при одредени клинички услови. Во контекст на научниот придонес на ова истражување е оптимизмот дека научните сознанија од ова истражување ќе предизвикаат интерес и потреба за нови истражувања на оваа проблематика.

Докторската дисертација на кандидатката **д-р Тања Дејаноска**, со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор-и: Dejanoska T.[1], Kapuševska B.[2], Kokalanov V.[3], Bundevska J.[4], Vujasin S., ANALYSIS OF CROWN/IMPLANT RATIO ON IMPLANTS STABILITY, објавен: Macedonian Dental Review. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (4): 115-120.

Автор-и: Dejanoska T.[1], Kapuševska B.[2], Kokalanov V.[3], Vujasin S.[5] .ВЛИЈАНИЕ НА СООДНОСОТ C/I НА НАПРЕГАЊАТА 3D МОДЕЛ ALL-ON-6“, објавен: Macedonian Dental Review (ВО ПЕЧАТ).

Автор-и: Vujasin S.[1], Bundevska J.[2], Kokalanov V.[3], Vankoski V.[4], Dejanoska T.[5] АНАЛИЗА НА ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ОКЛУЗАЛНИТЕ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ ДИСТАЛНО ПРОДОЛЖЕНИ МОСТОВНИ КОНСТРУКЦИИ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ: РЕВИЈАЛЕН ТРУД. Македонски стоматолошки преглед. 2018; 41 (1-2): 35-40.ISSN 2545-4757.

Автор-и: Вујасин С.[1], Бундевска Ј.[2], Кокаланов В.[3], Дејаноска Т.[4], Ванковски В.[1], Василева-Гешоска К.[1] ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗАЛНИ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ МОСТОВНА КОНСТРУКЦИЈА СО ДВА НОСАЧИ И ДИСТАЛНО ПРОДОЛЖЕН ЧЛЕН. објавен: IDEA Int. J. Sci. Arts. 3(2019)5: 227-236. ISSN: 2545-4552 (print) ISSN: 2545-4560 (on line).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Сознанијата за влијанието на соодносот на супраструктурата/имплантот на стресот, деформациите на коскеното ткиво и поместувањето на имплантите при дејствување на различни сили се очекува да дадат одговор за стабилноста на имплантите при одредени услови и дизајни. Паралелната анализа на дистрибуцијата на силите и промените во периимплантното ткиво кај двата испитувани концепта дава одговор за оправданоста на примена на испитуваните имплантно-протетички концепти.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Добиените резултати од истражувањето, заедно со податоците од литературата, треба да дадат релевантни сознанија за оптималното научно поткрепено планирање и дизајнирање на испитуваните имплантно-протетички третмани при одредени клинички услови или за индивидуално планирање на имплантно-протетички третмани.

**Можни понатамошни истражувања.** Во контекст на научниот придонес на ова истражување е оптимизмот дека научните сознанија од ова истражување ќе предизвикаат интерес и потреба за нови истражувања на оваа проблематика, во однос на биодинамиката на имплантот и коскеното ткиво.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Тања Дејаноска** со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ВИСИНАТА НА СУПРАСТРУКТУРАТА ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ – МЕТОД НА КОНЕЧНИ ЕЛЕМЕНТИ.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Бундевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Капушевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сања Панчевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Еленчњвски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорги Кокаланов, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „ПРИМЕНА НА КОНУСНО ЗРАЧНА КОМПЈУТЕРИЗИРАНА ТОМОГРАФИЈА ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА ИМПЛАНТАЦИСКА ТЕРАПИЈА“ ОД Д-Р ТЕУТА ДОВОЉАНИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 43. редовна седница одржана на 30.12.2021 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Теута Довољани со наслов: **ПРИМЕНА НА КОНУСНО ЗРАЧНА КОМПЈУТЕРИЗИРАНА ТОМОГРАФИЈА ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА ИМПЛАНТАЦИСКА ТЕРАПИЈА,** во состав: проф. д-р Оливер Димитровски (претседател на комисија), проф. д-р Борис Величковски (ментор), проф. д-р Марина Кацарска (член), проф. д-р Марија Пеева Петреска (член) и проф. д-р Едвард Јанев (член).

По доставениот материјал, Рецензентската комисија во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Теута Довољани, со наслов: **Примена на конусно зрачна компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациска терапија,** содржи 171 страница компјутерски обратен текст, во фонт Times New Roman, со 1,5 проред, големина на букви 12 и со 116 библиографски единици (меѓу нив научни трудови, книги и интернет-ресурси). Текстот е збогатен со 26 слики, 49 табели и 38 графикони, соодветно поврзани во текстот. Докторската дистертација е структурирана и ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки проект: апстракт (на македонски и англиски јазик), вовед, преглед на литература, цели на истражувањето, материјал и метод, статистичка анализа, резултати, дискусија, заклучок и литература. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува прегледно следење на материјата обработена во докторската теза. Трудот обработува актуелна и валидна проблематика од научен и клинички аспект.

Докторската дисертација започнува со првата глава, т.е. **вовед**, каде што текстот е содржински јасно структуриран, елабориран и поткрепен со бројни литературни извори. Односно, кандидатката во воведот најпрво наведува низа приоритети кои ги нудат имплантно носените протези, во третманот на беззабни пациенти. Продолжувајќи со нагласување на релевантноста на етапата на план на третман со импланти, како детерминирачка за целокупниот исход на третманот. Систематизирано и детално се презентирани клиничко-научните сознанија за постапките при имплантациски тераписки план, со посебен акцент врз радиографската евалуација како неопходна и клучна за нејзина реализација. Се наведува дека планирањето на имплантациска постапка, традиционално, се изведувало со употреба на ортопантомограм ртг. метод. Но, со воведот на конусно зрачната компјутеризирана томографија (КЗКТ), како понов и пософистициран метод, овој модалитет сѐ повеќе наоѓа примена при имплантациски тераписки план. При тоа, докторантката изнесува бројни спроведени студии кои констатираат одредени предности на методот на КЗКТ во однос на ортопантомограм ртг. методот, во конципирање на точно планирање на имплантациска постапка. Односно, ортопантомограм ртг. Методот, како дводимензионален метод, се соочува со низа недостатоци, меѓу кои неможноста за приказ на ширината на анатомските структури од интерес. Додека, пак, методот на КЗКТ како тродимензионален метод, дава податоци и

за третата димензија на анатомските структури, за анатомо-скелетоскопските односи, како и податоци за коскениот денситет. Резултатите од спроведените истражувања сугерираат на употребата на методот на КЗКТ, или, пак, комбинираната употреба на метод на КЗКТ и ортопантомограм ртг. метод, со цел точен и веродостоен план на третман со импланти.

Во втората глава, т.е. **преглед на литература**, кандидатката презентира голем број на истражувања во кои се потенцира важноста на располагање со детални податоци за анатомијата на регија предвидена за постава на импланти. Односно, податоци за вертикална и хоризонтална димензија на резидуален алвеоларен гребен, податоци за околни витални анатомски структури (sinus maxillaris, под на нос, невроваскуларни структури), коскен денситет, присуство на околни анатомски варијации и коскени и мекоткивни промени. Ова со цел за избор на соодветни димензии на импланти (задоволителни од биомеханички аспект) и намален ризик за повреда на витални структури при хируршката интервенција. При тоа, бројни студии посочуваат на методот на КЗКТ како радиографски метод, кој нуди најголем обем на податоци валидни за изведба на прецизен план на терапија со дентални импланти.

**Целите на истражувањето** се презентирани во третата глава на трудот. Најпрво се наведува првичниот мотив за изработка на трудот, т.е. вреднување на податоците кои ги нуди конусно зрачната компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациската терапија, од кој произлегуваат целите на истражувањето, јасно дефинирани и концепирани:

1. Со употреба на метод на КЗКТ и употреба на ортопантомограм ртг. метод, во вилични регии планирани за постава на дентални импланти, да се одреди вертикална димензија од кресталан дел на алвеоларниот гребен до следни анатомски структури: под на sinus maxillaris, под на cavum nasi, кров на canalis nervus alveolaris inferior, кров на foramen mentalis, кров на антериорен јазол на canalis nervus alveoalris inferior, и кров на мандибуларен canalis incisisvus.
2. Со употреба на метод на КЗКТ, во вилични регии планирани за постава на дентални импланти, да се одреди: хоризонтална димензија на алвеоларен гребен, дебелина на кортикална и спонгиозна коска, денситет на кортикална и спонгиозна коска, форма на canalis nasopalatinus, дијаметар на canalis nasopalatinus, дијаметар на foramen incisivus, ширина на коска антериорно од canalis nasopalatinis, присуство на мандибуларна лингвална подминираност и агол на мандибуларна лингвална подминираност.
3. Со употреба на метод на КЗКТ и ортопантомограм ртг. метод, во вилични регии планирани за постава на дентални импланти, да се одреди: присуство на коскени и/или мекоткивни промени во регија на sinus maxillaris, присуство на септи во sinus maxillaris, присутво на коскени и/или мекоткивни промени во регија на максилата и/или мандибулата, присуство на бифиден мандибуларен канал, и присуство на додатен foramen mentalis.
4. Со употреба на метод на КЗКТ и ортопантомограм ртг. метод, во вилична регија планирана за постава на единечен имплант (оддалечен 1.5 mm. од соседни заби), да се одреди мезиодистална димензија на беззабен алвеоларен гребен.

Во четвртата глава, т.е. **Материјал и метод**, докторантката ги дефинира дизајнот и сите постапки изведени во тек на истражувањето, кое претставува ретроспективна студија (во временски период од 2018 до 2020 година). Во овој сегмент од трудот, кандидатката ги дефинира групираноста и бројноста на испитаниците, како и критериумите за нивно вклучување и исклучување во истражувањето. Имено, истражувачкиот примерок опфаќал вкупно 60 испитаници поделени во три групи, односно испитаници со тотална беззабост во горна и/или долна вилица, испитаници со парцијална беззабост во горна и/или долна вилица и испитаници со отсуство на единечен

заб во горна и/или долна вилица. Сите биле кандидати за постава на дентални импланти. Кај секој испитаник била спроведена анамнеза, ортопантомограм снимка и снимка со метод на КЗКТ, како и пополнување на анкетен формулар (со добиените резултати од анализите и мерењата). Испитувањата биле спроведени во ПЗУ „Нова Дентал Груп" во Скопје, со користење на ртг. апаратот „Rotograph Prime 3D". Планот на третман со импланти кај ортопантомограм снимките се спроведувал со користење на софтверот „Villa Quickvision", а оној кај снимки со метод на КЗКТ со користење на софтверот „3D Planner". Анализите и мерењата кај ортопантомограм ртг. методот биле изведени кај единечна ортопантомограм слика, додека кај методот на КЗКТ кај слики со напречен пресек и реформатирани панорамски слики. Односно со употреба на овие компјутерски програми, се овозможувале бројни анализи и мерења во однос на анатомо-морфолошките карактеристики на денто-алвеоларниот сегмент, беззабниот резидуален алвеоларен гребен и околните анатомски структури на максилофацијалниот регион. Имено, кај ортопантомограм слики се одредувала вертикалната димензија на резидуален алвеоларен гребен планиран за постава на импланти, додека кај слики со метод на КЗКТ дополнително се одредувала и хоризонталната димензија на гребен, коскениот денситет, и присуство и агол на мандибуларна лингвална подминираност во тие регии. Имплантите планирани со употреба на двете методи (КЗКТ и ортопантомограм) биле со дијаметар 3-7 mm и должина 6-18 mm (во растојание 1,5 mm со соседни заби, 3 mm со соседни импланти и растојание 1 mm со околни анатомски структури). Дополнително, со методот на КЗКТ, планирањето на имплантите се изведувало со обезбедување на 1 mm коскен ѕид од букално и лингвално од алвеоларниот гребен. Со употребата на метод на КЗКТ во беззабните регии се одредувал и коскениот денситет, како многу важен параметар за рационално планирана имплантациска постапка. Сите спроведени анализи и мерења при имплантацискиот тераписки план се јасно и детално изнесени со текст и слики.

Во крајот на поглавјето **Материјал и метод** се презентирани **статистичките методи** применети за анализа и обработка на добиените резултати, со користење на компјутерските програми Statistica 8.0. for Windows. При тоа, за анализа на сериите со атрибутивни белези се одредувале проценти на структура (%). За анализа на сериите со нумерички белези се користела дескриптивна статистика (средна вредност, стандардна девијација, минимална вредност, максимална вредност). Дистрибуцијата на податоците била тестирана со Kolmogorov-Smirnov test, Lilliefors test, и Shapiro test (p). Додека за споредување на квантитивните податоци помеѓу групи (КЗКТ & ортопантомограм) се користел T-test (t/p) и Mann-Whitney U Test (Z/p). Одредувањето на разлики помеѓу вредностите на коскен денситет/Misch на анализираните вилични регии, се изведувал со користење на Kruskal-Wallis ANOVA by Ranks (H/p) / Multiple Comparisons p values. Сигнификантноста била одредувана за $p<0.05$.

Во петтата глава, кандидатката ги презентира **резултатите од докторската дисертација,** кои следат ист редослед според зададените цели. Резултатите се прикажани текстуално, табеларно и графички, при тоа текстот континуирано е во корелација со резултатите во табели и графикони. Во испитувањето учествувале 38 (63,33 %) испитувачи мажи и 22 (36,67 %) испитувачи жени, на возраст од 25 до 75 години. Докторантката започнува со презентирање на резултатите за коскен волумен и коскен денситет, во региите планирани за импланти. Имено, во регија на постериорна максила, најголема вертикална димензија на резидуален алвеоларен гребен (метод на КЗКТ и ортопантомограм ртг. метод) се регистрирала во регија на прв премолар (КЗКТ: 15.24 mm., и ортопантомограм: 16.50 mm, ), а најмала во регија на прв и втор молар (КЗКТ: 9.74 mm., и ортопантомограм: 8.47 mm.). Што се однесува до резултатите за регија на антериорна максила, преку двете методи е детектирана најголема висина на

гребен во регија на централен инцизив (КЗКТ: 17.27 mm., и ортпантомограм 15.44 mm.), а најмала во регија на канин (КЗКТ: 15.77 mm., и ортопантомограм: 14.16 mm.). Докторантката продолжува со изнесување на резултатите за висина на резидуален алвеоларен гребен при имплантациски тераписки план во регија на постериорна мандибула. При тоа, висината на гребен била најголема во регија на прв молар (КЗКТ: 14.29 mm., и ортопантомограм: 14.06 mm.), а најмала во регија на втор молар (КЗКТ: 13.19 mm., и ортопантомограм: 12.70 mm.). Анализите за регија на антериорна мандибула покажале најголема висина на резидуален алвеоларен гребен во регија на канин (КЗКТ: 15.33 mm., и ортопантомограм: 13.47 mm.), а најмала во регија на латерален инцизив (КЗКТ: 14.11 mm., и ортопантомограм: 14.29 mm.). При тоа, генерално не се регистрирале статистички значајни разлики во резултати за вертикална димензија на гребен (за $p<0.05$) помеѓу двете методи. Иако, со користење на ортопантомограм ртг. метод се забележала тенденција на поголеми резултати за вертикална димензија на гребен, споредено со метод на КЗКТ. Дополнително, анализата на добиените резултати преку двете методи, посочувала на поголема вертикална димензија на гребен во антериорни вилични регии споредено со постериорните вилични регии. Докторантката продолжува со презентирање на резултатите за ширина на гребен. Имено, најголема ширина на гребен се констатирала во регија на втор мандибуларен молар: 10.48 mm., а најмала во регија на прв максиларен премолар: 7.38 mm.. Додека најголема дебелина на кортикална коска во регии предвидени за импланти, се забележала во регија на втор мандибуларен молар: 2.60 mm., а најмала во регија на прв максиларен молар: 0.66 mm.. Анализите спроведени за денситет на кортикална коска во регии планирани за импланти покажале најголем денситет во регија на мандибуларен централен инцизив: 1927.50 HU, а најмал во регија на прв максиларен молар: 930.91 HU. Додека пак, дебелината на спонгиозната коска била најголема во регија на втор максиларен молар: 8.43 mm., а најмала во регија на мандибуларен канин: 4.38 mm.. Кандидатката во понатамошниот текст ги изнесува резултатите за денситетот на спонгиозната коска. Имено, денситетот на спонгиозната коска бил најголем во регија на мандибуларен централен инцизив: 1070.63 HU), а најмал во регија на втор максиларен молар: 350.00 HU. При спроведување на статистичка анализа за коскениот денситет низ одредени беззабни вилични регии, се констатирал најголем коскен денситет во регија на антериорна мандибула: 1423.98 HU, а најмал во регија на постериорна максила: 860.00 HU. Дополнително, статистичката мултипната компарација на p вредности (за $p<0.001$), покажала дека коскениот денситет во регија на антериорна мандибула бил значајно поголем споредено со сите вилични регии, а коскениот денситет во регија на антериорна максила бил значајно поголем од оној во регија на постериорна максила. Во понатамошниот текст, докторантката ги изнесува резултатите за анатомо-морфолошките карактеристики и стапката на анатомски варијации на околни витални анатомски структури. При тоа, дел од нив се анализирани преку двете методи, а дел од нив исклучиво со метод на КЗКТ. Односно, со употреба на метод на КЗКТ е испитуван canalis nasopalatinus, како релевантна анатомска структура при планирање импланти во регија на максиларни централни инцизиви. Имено, ширината на коска антериорно од canalis nasopalatinus се покажала во вредност 6.62 ± 1.26 mm., должината на canalis nasopalatinus 11.50 ± 2.69 mm., а дијаметарот на foramen incisivus 2.99 ± 0.64 mm.. Додека во регија на септи во sinus maxillaris (како важни анатомски варијации при имплантациски постапки комбинирани со аугументација на под на sinus maxillaris). При тоа, анализите со метод на КЗКТ детектирале присуство на септи кај 17 испитаници, а оние со ортопантомограм ртг. метод кај 21 испитаник (нема значајна разлика помеѓу двете методи). Испитувањата за присуство на бифиден мандибуларен канал со употреба на метод на КЗКТ регистрирале присуство кај 11 испитаници а отсуство кај 34

испитаници, односно ортопантомограм ртг. методот детектирал присуство кај 10 испитаници а отсуство кај 36 испитаници (без значајна разлика помеѓу двете методи). Докторантката продолжува се претставување на резултатите за присуството на анатомската варијација, т.е. дополнителен foramen mentalis во регии планирани за имплантациска терапија. Односно, со користење на метод на КЗКТ е констатирано присуство кај 4 испитаници, а со ортопантомограм ртг. метод кај 1 испитаник (без сигнификантна разлика помеѓу двете методи). Меѓутоа, констатирана е статистички значајна разлика во детектирање на присуство на мекотквивни и/или коскени промени во регија на sinus maxillaris, при користењето на двете радиографски методи (метод на КЗКТ: присуство кај 22 испитаници а отсуство кај 22 испитаници, ортопантомограм ртг. метод: присуство кај 5 испитаници а отсуство кај 38 испитаници). Докторантката истакнува дека во мандибуларни премоларни и моларни регии предвидени за постава на импланти, со употребата на метод на КЗКТ, одредувано е присуство и агол на мандибуларна лингвална подминираност. Имено, присуство на подминираност е регистрирано кај 38 испитаници, а отсуство кај 8 испитаници, а најизразена мандибуларна лингвална подминираност е забележана во регија на втор мандибуларен молар: 61.69 ± 9.23˚. Врз база на анализите спроведени врз групата испитаници кандидати за постава на единечни импланти, е констатирана најголема мезиодистална димензија на гребен во регија на втор мандибуларен молар (КЗКТ: 13.20. mm., ортопантомограм: 15.00 mm.), а најмала во регија на прв максиларен премолар (КЗКТ: 7.40 mm., ортопантомограм: 6.00 mm.).

Во **дискусијата,** т.е. во шестата глава на трудот, докторантката прави критична компарација на сопствените резултати и сознанија, со оние на објавени меѓународни студии кои истражувале на истата тематика. Односно, логично и систематизирано (во неколку потточки) ги толкува нејзините резултати со оние од останатите истражувачи, покажувајќи ги сличностите и разликите помеѓу нив. Објаснува дека во регија на постериорна максила, со употреба на двете радиографски методи, констатирала поголема висина на гребен во премоларните регии, споредено со моларните регии. Исто така, забележала поголема вертикалната димензија на гребен во регија на прв мандибуларен молар споредено со регија на втор мандибуларен молар. Според кандидатката, иако резултатите за вертикална димензија на гребен преку двете методи биле слични, сепак податоците добиени со употреба на метод на КЗКТ од низа познати аспекти биле поверодостојни, од оние на ортопантомограм ртг. метод. Наодите за параметарот ширина на гребен во регија на постериорна максила покажале зголемена буко-лингвална димензија на гребен одејќи од премоларна кон моларна регија. Докторантката истакнува дека е констатирано присуство на подебела кортикална коска во мандибуларна вилица, во однос на максиларната вилица. Додека, пак, дебелината на спонгиозната коска се покажала поголема во максиларната вилица, споредено со мандибуларната вилица. Во продолжение на дискусијата, кандидатката ги дискутира резултатите за коскениот денситет, кои укажувале поголем коскен денситет во мандибуларната вилица, споредено со максиларната вилица. Дополнително, коскениот денситет бил поголем во антериорните вилични регии, споредно со постериорните вилични регии. Според анализите во однос на мандибуларна лингвална подминираност, докторантката забележува зголемување на подминираноста одејќи од премоларна кон моларна регија. Додека, пак, во однос на анализите за присуство на септи и патолошки процеси во sinus maxillaris, истакнува дека резултатите укажуваат за високо присуство на септи и патолошки промени во sinus maxillaris, кои треба да се земаат предвид при конципирање дентална имплантациска постапка. Овие наведени резултати и констатации на докторантката честопати се поклопуваат, т.е. се во согласност со оние во студиите на бројни странски автори. Повеќето автори стојат на ставот дека

ортопантомограм ртг. методот претставува доволен метод за план на третман со импланти, но во случаи со дефицитарна висина на гребен е неопходна употребата на методот на КЗКТ. Односно, со методот на КЗКТ е овозможено поточно планирање на дијаметар и должина на импланти и е сведен на минимум ризикот за повреда на околни витални структури при имплантациската постапка. Но некои автори, во некои потточки, констатираат поразлични резултати и презентираат поразлични ставови.

Во седмата глава, докторантката јасно и концизно ги формулира **заклучните согледувања** од спроведената студија, кои се во согласност со целите и резултатите од истражувањето. Имено, ортопантомограм ртг. методот нуди одреден број точни и важни податоци потребни при планирање дентална имплантациска постапка. Методот на конусно зрачна компјутеризирана томографија е високо софистицирана метода која нуди обемен број на точни и прецизни информации, како првична основа при конципирање имплантациски тераписки план. Кандидатката резимира дека методот на конусно зрачна компјутеризирана томографија претставува радиографски метод на избор при секоја планирана дентална имплантациска постапка.

Во поглавјето **Литература** се цитирани **116** релевантни библиографски единици од областа што се истражува. Референците се уредно цитирани според прифатените стандарди, од кои најголемиот дел се од најскоро изведени истражувања (главно од 2015 до 2021 год.), што зборува за актуелноста и важноста на обработената тема.

**Предмет на истражување.** Главен и почетен мотив за изработка на овој труд била евалуацијата на бенефитите кои ги нуди методот на КЗКТ, при конципирање тераписки план со дентални импланти. Испитувањето било насочено и кон вреднување на квантумот на податоци добиени со употреба на ортопантомограм ртг. метод. При тоа, споредувајќи го обемот на релевантни податоци нудени од страна на двете радиографски методи.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Подрачјето во кое е работен овој труд претставува актуелна тема и со висока научна и клиничка вредност и апликативност. Со воведувањето на поновиот и пософистицираниот радиографски метод на КЗКТ, планот на терапија со дентални импланти преференцијално се изведува со примена на овој метод. При тоа, испитувањата главно биле насочени кон анализа и евалуација на податоците добиени со употреба на овој метод. Ваква опсежна студија, која опфаќа анализи и мерења на бројни релевантни параметри при конципирање имплантациски тераписки план, за прв пат се спроведува во нашата држава. Главно, со употребата на методот на КЗКТ е добиена ориентирачка слика за коскениот волумен, коскениот денситет и за стапката на присуство на анатомски варијации и патолошки процеси во одредени вилични регии предвидени за имплантациска терапија.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Теута Довољани, со наслов: **Примена на конусно зрачна компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациска терапија,** претставува оригинален научен труд во областа на стоматолошките науки, односно оралната хирургија, т.е. денталната имплантологија. Изработката на оваа докторска дисертација имаше за цел евалуација на податоците нудени од страна на поновиот и пософистициран радиографски метод на КЗКТ, при конципирање имплантациски тераписки план. Притоа, испитуван е истовремено и квантумот на податоци нудени од страна на ортопантомограм ртг. методот, кој традиционално се користел за оваа цел, споредувајќи ги овие две користени методи.

Кандидатката со изготвување на овој труд очекуваше и докажа дека методот на конусно зрачна компјутеризирана томографија претставува радиографски метод на избор при секоја планирана дентална имплантациска постапка.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Теута Довољани, со наслов: **Примена на конусно зрачна компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациска терапија,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: Dovolani T., Velichkovski B., Dimitrovski O. Наслов на трудот: „Efficiency of orthopantomogram and cone beam computed tomography when planning implants in anterior mandible", објавен во: Macedonian Dental Review 2020; 43 (3): стр: 143-148.

[2]. Автори: Dovolani T., Velichkovski B., Dimitrovski O. Наслов на трудот: „Comparative analysis of cone beam computed tomography and orthopanomogram in dental implant treatment planning in posterior maxilla", објавен во: Apolonia May 2021; 43-44, стр: 41-50.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По комплетната анализа на поднесената докторска дисертација од д-р Теута Довољани со наслов: „Примена на конусно зрачна компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациската терапија“, Комисијата заклучи дека се задоволени сите аспекти кои се поврзани со изработка на еден ваков научен труд. Дисертацијата претставува самостоен научен придонес, во насока на стекнување на сопствени практични сознанија за апликативната вредност на конусно зрачната компјутеризирана томографија во планирањето на имплантациската терапија.

Врз основа на претходно изнесениот извештај, Рецензентската комисија ја оценува позитивно изработената докторска дисертација од кандидатката д-р Теута Довољани и му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да го прифати извештајот и да овозможи понатамошен тек на постапката.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Оливер Димитровски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Борис Величковски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Марина Кацарска, член, с.р.**
**Проф. д-р Марија Пеева Петреска, член, с.р.**
**Проф. д-р Едвард Јанев, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 28. 02. 2022 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Ридван Асани | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Определување на концентрацијата на саливарните електролити и нивното значење за одржување на оралното здравје”. **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ,, Determination of the concentration of the salivary elektrolytes and thrir importance in the maintenance of oral nealth”. | Проф. д-р Ќиро Ивановски | Бр. 02-687/1 од 28.02.2022 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Данчо Бизевски | Клиничка и компјутерска евалуација на промените на вестибуларната коскена ламина по имедијатна и медијатна имплантација во естетска зона | Clinical and computer evaluation of the changes on the vestibular maxillary bone after immediate and mediate dental implantation in the aesthetic zone | Проф.д-р Марија Пеева Петреска | 28.2.2022<br>02-669/1 |
| 2. | Д-р Ирена Стојанова | Влијанието на одонтогените инфламаторни цисти врз локалниот и системскиот имун одговор пред и по нивната хируршка терапија | Influence of odontogenic inflammatory cysts on the local and systemic response of the organism before and after their surgical therapy” | Проф.д-р Оливер Димитровски | 28.2.2022<br>02-668/1 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**На тема за изработка на стучен труд прифатен од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 28. 02. 2022 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Јетон Незити | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Проценка на ризик за појава на вилична остеонекроза при дентално имплантирање кај пациенти кои примаат бисфосфонатна терапија”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “Risk assessment for jaw osteonecrosis during detal implantation in patients receiving bisphosphonate therapy”. | доц. д-р Гордана Апостолова | Бр. 02-690/1 од 28.02.2022 |
| Д-р Матеа Ципунова | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Invisalign – современа тераписка опција во ортодонцијата’”.<br>,, **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “Invisalign – contremporary therapeutic option in orthodontics” | Проф. д-р Наташа Тошеска - Спасова | Бр. 02-689/1 од 28.02.2022 |
| Д-р Теодора Тилевска | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Предности, ограничувања, и составни компоненти на фиксните ортодонтски апарати”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,, Advantaages, limitations, and components of fixed orthodontic appliances”. | Проф. д-р Лидија Кануркова | Бр. 02-688/1 од 28.02.2022 |

***Прилог бр. 5***

# *ПРЕГЛЕД*

*НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје*

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | М-р Максуд Крлуку | Антимикробна отпорност на коменсална Echerichia coli во фецес кај млечни крави | Antimikrobial resistance of commensal Esherichia coli in feces of dairy cows | Проф. д-р Деан Јанкулоски | Бр. 0202-237/10 од 21.02.2022 год. |

**П Р Е Г Л Е Д**
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

**1. Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Деспина Ристова Делипетрева | Паметни технологии во домовите: Примена и придобивки | Smart Home Technology: Implementation and Benefits | Проф. д-р Александар Ристески | 02-356/15 од 23.2.2022 |

**2. Електроенергетика**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Ангела Магдеска | Влијание на бифацијалноста на фотоволтаичните модули, врз производната цена на електричната енергија од фотоволтаичните системи | Impact of Bifaciality on the Levelized Cost of PV-Generated Electricity | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/16 од 23.2.2022 |
| 2 | Марија Ѓоргиева | Влијание на таложењето нечистотии врз перформансите на фотоволтаичните модули | Impact of Soiling on Photovoltaic Modules Performances | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/17 од 23.2.2022 |

**3. Обновливи извори на енергија**

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Моника Настеска | Избор на оптимална конфигурација на хибриден систем со интегрирани ветерни централи | Selection of Optimal Configuration of a Hybrid Energy System with Integrated Wind Power Plants | Вон. проф. д-р Софија Николова-Поцева | 02-356/18 од 23.2.2022 |
| 2 | Александар Толевски | Подобрување на перформансите на фотоволтаична | Improving the Performance of Photovoltaic Power Plant by | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/19 од 23.2.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | централа со примена на мерки за зголемување на рефлективноста на тлото | Applying Measures for Increasing the Ground Reflectivity | | |
| 3 | Дарко Ѓорѓијоски | Фотоволтаични централи на покрив: споредба на симулации и теренски мерења | Photovoltaic power plants on roof: comparison of simulations and field measurements | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/20 од 23.2.2022 |
| 4 | Десанка Маринковиќ | Перформанси на фотоволтаични централи со вертикално поставени бифацијални модули | Performances of Photovoltaic Plants with Vertically Positioned Bifacial Modules | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/21 од 23.2.2022 |
| 5 | Ивана Табаковска | Перформанси на фотоволтаични централи со високи коефициенти на исполнетост на парцелата | Performances of Photovoltaic Plants with High Ground Coverage Ratio (GCR) | Проф. д-р Димитар Димитров | 02-356/22 од 23.2.2022 |

## 4. Комуникациски и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Симона Спиркова | Следна генерација на пасивни оптички мрежи во имплементирана FTTH структура со анализа на нивни перформанси | Next Generation Passive Optical Networks in implemented FTTH structure with performance analysis | Проф. д-р Александар Ристески | 02-356/23 од 23.2.2022 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) ПЕДАГОГИЈА (50500) И АНДРАГОГИЈА (50524), НАУЧНО ПОЛЕ: ОБРАЗОВАНИЕ, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 1.2.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) андрагогија со шифра 50524 и педагогија со шифра 50500, и врз основа на Одлуката бр. 04-426/7 од 2.3.2022 година, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на VII редовна седница одржана на 2.3.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Велковски, редовен професор на Институтот за педагогија, д-р Анета Баракоска, редовен професор на Институтот за педагогија и д-р Вера Стојановска, редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на приложените документи и трудови, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018), Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплина) андрагогија со шифра 50524 и педагогија со шифра 50500, во предвидениот рок се пријави кандидатката проф. д-р Елена Ризова, вонреден професор по група предмети во рамките на наведените научни области на Филозофскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Елена Ризова, доктор по педагошки науки, е родена на 20.10.1982 година во Скопје. Средно образование завршила во 2001 година во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет, на Институтот за педагогија, каде што дипломирала во 2005 година. Кандидатката д-р Елена Ризова во текот на своето школување се посветува на изучувањето повеќе странски јазици и во моментот активно се служи со англискиот јазик, а поседува солидни познавања од францускиот и шпанскиот јазик.

Во академската 2005/2006 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, андрагошка насока. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 13.3.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Оспособеност на студентите за самоучење.*

Докторска дисертација пријавила во јуни 2008 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Описменување на возрасните во Република Македонија* ја одбранила на 3.11.2012 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Зоран Велковски (ментор), проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, проф. д-р Снежана Адамчевска и проф. д-р Сузана Миовска-Спасева. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на педагошки науки.

На 19.12.2012 година е избрана во звањето *доцент* на Филозофскиот факултет во Скопје, во областите андрагогија и педагогија, додека во звањето *вонреден професор* во истите области е избрана на 30.8.2017 година. Во моментот работи како вонреден професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1149/156 од 30.6.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1043/398 од 30.11.2012 година, бр. 1008/104 од 16.5.2011 година и бр. 1149/156 од 30.6.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### <u>Наставно-образовна дејност</u>

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Скопје, кандидатката проф. д-р Елена Ризова изведува настава и вежби на прв циклус студии на повеќе студиски програми на Филозофскиот факултет во Скопје: Педагогија, Андрагогија, Историја и семејни студии. Предметите кои ги реализира д-р Елена Ризова спаѓаат во областите во кои е бирана во звањето вонреден професор: Доживотно учење, Андрагошка дидактика, Основно образование и описменување на возрасни, Валидација на неформално и информално учење, Техники за учење кај возрасните, Советување за кариера и Квалитет во образованието на возрасни.

Проф. д-р Елена Ризова реализира настава и на други факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, по предметот Педагогија. Кандидатката учествува и во реализацијата на наставата на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на наставнички компетенции – ППМ-доквалификација на Филозофскиот факултет во Скопје, во рамките на предметот Училишна организација.

Во рамките на втор циклус студии, кандидатката д-р Елена Ризова учествува во реализација на наставата во две студиски програми на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје: Педагошки науки и Менаџмент во образованието. Предметите во кои д-р Елена Ризова учествува како реализатор на вториот циклус студии се следните: Образовни реформи во Европската Унија, Описменување и основно образование на возрасните во Република Македонија, Доживотно учење во организација која учи, Управување на квалитетот на образованието и Кариерен развој.

Д-р Елена Ризова учествува и во реализацијата на наставата на трет циклус студии на студиската програма Педагогија во рамките на андрагошкиот модул во рамките на следните предмети: Концептот на доживотно учење, Осигурување квалитет во образованието, Претприемништво и менаџмент во образованието на возрасните и Развој на човечки ресурси и менаџмент со знаењето.

Кандидатката била ментор на 5 (пет) дипломски труда, а во периодот од последниот избор, учествувала како член во комисија за оценка/одбрана на 10 (десет) дипломски и 5 (пет) магистерски труда, како и на 3 (три) докторски дисертации.

Во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 г.), кандидатката проф. д-р Елена Ризова од **наставно-образовната дејност** остварила вкупно **143,35 поени**, со што значително го надминува минималниот број на поени (20) потребни за избор во звањето редовен професор.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Елена Ризова во рамките на нејзиниот научноистражувачки опус во последните пет години има објавено мноштво научни трудови од андрагошката и педагошката област. Во јадрото на нејзиниот истражувачки фокус се наоѓаат образованието на возрасните, доживотното учење, стручното образование и обука и професионалниот развој на образовните работници што може да се види од подолу прикажаните објавени научноистражувачки трудови:

- Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.
    1. **Rizova, E.**, Bekar, M., & Velkovski, Z. (2020). *Educational challenges of Roma minorities: The case of the Republic of North Macedonia,* International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE), 8(3), pp. 113-122.
    2. **Rizova, E.** (2021). “Lifelong learning and educational challenges in Covid 19 pandemic”, *Security Dialogues,* 10 (1), ISSN:1857-7172 УДК 616.98:578.834]-036.21:37. pp. 93-100.
- Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.
    3. **Rizova, E.** (2020). *Educational offer and inclusion in non-formal adult education area*, Annuaire de la Faculté de Philosophie 73 (2020), ISSN 0350-1892. UDK: 374.4:331.5] :364–786, pp. 93-100.
    4. **Rizova, E.**, Pejatovic, A. (2017). *Regional Andragogy Academy: From concept to effects.* Andragoške studije, ISSN 0354–5415, broj 1, 2017, pp. 45–67.
    5. **Rizova, E**., Tomevska-Ilievska, E., Tasevska, A. (2021). Methods and techniques for self-regulated learning in the context of the lifelong learning concept. *International Journal for Education,Research and Training (IJERT)*, Vol.6. No. 1, ISSN (Online): 1867-985X, pp. 17-25.
- Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

6. **Rizova, E.** (2021). *Lifelong Learning Centers As Future Prospects For Development In Higher Education.* International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress, 18-21 December 2021, Proceeding book, eds. Jakimovski, A., Rizova, E. pp. 69-73.
7. Trbojevik, S., **Rizova, E.**, Georgievska, S., Stanojkovska-Trajkovska, N. (2021). *Child and Social Protection System Development in the Republic of North Macedonia.* International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress, 18-21 December 2021, Proceeding book, eds. Jakimovski, A., Rizova, E. pp. 74-83.
8. **Rizova, E.** (2021). *Lifelong learning – past, present and future.* Science and Society: Contribution of humanities and social sciences, Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy, 2-5 September 2020, pp. 365-382.
9. **Rizova, E.** (2019). *Didactic approach to literacy: Method of Paulo Freire.* Conference Proceedings DIDACTIC CHALLENGES III: Didactic Retrospective and Perspective WHERE/HOW DO WE GO FROM HERE?, 16th-18th May, 2019, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Faculty of Education, ISBN 978-953-6965-92-2. pp. 434-443.
10. **Rizova, E.** (2020). *Professional Development Of Educational Workers Throughout Non-Formal Education.* XI International scientific conference „Improving the quality of life of children and youth”, 26th - 28th June 2020, Association for support and creative development of children and youth Tuzla and Faculty for Special Education and Rehabilitation, University of Tuzla, Conference proceedings, eds. Nikolic, M., Vantic-Tanjic, M. pp. 723-730.
11. Velkovski, Z., **Rizova, E.** (2019). *Adult Education in Conditions of Economic and Political Transition.* Conference Proceedings “Adult Education and Learning Policy in a World Risk Society”, Fourth Conference of the ESREA, Network policy studies in adult education (PSAE), Department of Adult Education and Personnel Management (KANPR), Faculty of Arts, Charles University,16-18 May 2019, Prague, The Czech Republic, pp. 62-71.
12. **Rizova, E.,** Vasilevska, B., Telovska, B. (2018). *The role of school counsellors in implementation of inclusive education,* Conference Proceedings, 5th International Conference “Transformation towards sustainable and flexible societies”, 13-15th September, 2018, University Ss Cyril and Methodius in Skopje, Faculty of Philosophy in Skopje, Institute of Special Education and Rehabilitation, pp. 199-208.

Кандидатката проф. д-р Елена Ризова во својата научна кариера е меѓународен и национален координатор и учесник на повеќе проекти кои се од исклучително значење за развој на образованието на возрасните, доживотното учење, како и стручното образование и обука на национално и меѓународно ниво:

- **раководител на национален научен проект:** *Подобри наставнички компетенции за поквалитетно универзитетско образование,* поддржан и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Период на реализација: април – декември 2021 година;
- **раководител на меѓународен научен проект:** “United in Inclusion for Employability – UNITY”, Erasmus+ project, KA220ADU. Земји учеснички во проектот: Република Македонија (координатор), Португалија и Кипар. Период на реализација: декември 2021 – 2023;

- **национален координатор на меѓународен научен проект:** “Discovering a sustainable Mindset - New dimension in education for sustainable development focusing on intercultural values an ethics”, Erasmus+ project KA220VET. Земји учеснички во проектот: Австрија (координатор), Република Македонија, Шпанија, Турција, Латвија. Период на реализација: декември 2021-2024;
- **учесник во меѓународен научен проект** во рамките на IPA-компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK) со назив: ***Зајакнување на капацитетите на институциите за образование на возрасни во областа на доживотното учење***, во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење – Скопје (септември 2016 – ноември 2017);
- **учесник во меѓународен научен проект** во рамките на IPA-компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK) со назив: ***Изготвување на Стратегија за доживотното учење 2017-2020,*** во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење – Скопје (септември 2016 – ноември 2017);
- учесник во меѓународен научен проект со наслов: „**Strengthening Europeans' capabilities by establishing the European literacy network“,** во координација на Европска комисија COST Action IS1401 (март 2016 – април 2018);
- учесник во национален научен проект: **Воведување на туторство со студентите од ранливите категории во академската настава,** поддржан и финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Период на реализација: јануари 2022 – декември 2022 година.

Д-р Елена Ризова во изминатиот петгодишен научноистражувачки период е автор на монографија со наслов „Доживотно учење“: Ризова, Е. (2021). **Доживотно учење.** Скопје: Филозофски факултет – Скопје.

Кандидатката е акредитиран ментор за втор и трет циклус студии, а од датумот на последниот избор била ментор на 3 (три) магистерски труда.

Во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 г.), кандидатката проф. д-р Елена Ризова од **научноистражувачката дејност** остварила вкупно **146,8 поени**, со што значително го надминува минималниот број на поени (20) потребни за избор во звањето редовен професор.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Елена Ризова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на национално и на меѓународно ниво. Врши стручна педагошка рецензија на три учебници за основно образование по предметот *Природни науки* за второ, трето и четврто одделение во реиздание на Арс ламина-публикации, 2018.

Кандидатката д-р Елена Ризова остварила експертски активности во рамките на изработка на *Методологија за посебни образовни програми за образование на возрасни* во рамките на IPA-компонента IV проектот „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Systems”.

Д-р Елена Ризова е ангажирана како експерт за вршење на стручна евалуација на два проекта:

- национален образовен експерт за изработка на евалуациски извештај за имплементација на симулациските игри како образовни алатки во средното образование и обука. Проект имплементиран од НВО Blink 42-21 Innovation for social change, во рамките на програмата European grant for innovation in education. Период на реализација: октомври 2019 – јануари 2020;
- евалуација на проектните активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО)“, имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование.

Кандидатката проф. д-р Елена Ризова остварила студиски престој и размена на наставно-научен кадар на два реномирани универзитета во Европа:

- Lecturer at Faculty of Education, University of Ljubljana, ERASMUS+ teaching staff mobility, May, 2021;
- Lecturer at the International summer school “From Africa to Europe through Italy” at the topic *Educational integration of migrant and refugees in European societies*, organized by University Sapienza in Italy, June 2019. Participating countries: Italy, Germany and Macedonia.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Проф. д-р Елена Ризова својата научна и експертска вредност ја докажува преку членство во национални и меѓународни организации, тела, комисии и органи, како:

- член на управен одбор (МС) од Република Македонија во Европската мрежа за писменост European literacy network во рамките на COST меѓународната организација;
- раководител на внатрешна организациона единица – Центар за доживотно учење на Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- раководител на постдипломски студии за студиската програма Менаџмент во образованието на Институтот за педагогија, Филозофски факултет – Скопје;
- национален експерт за ЕВРИДИКА и ЕКВЕТ, назначен од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Македонија;
- член на факултетска Комисија за односи со јавноста;
- член на факултетска Комисија за самоевалуација;
- учество во Комисија за верификација на посебни програми за образование на возрасни при ЈУ Центар за образование на возрасни во Република Македонија;
- член во Комисија за понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации (Further support to the implementation of the National Qualifications Framework) MK IPA 17 SO 01 21 како претставник од Филозофски факултет – Скопје.

Во изборниот период, д-р Елена Ризова учествувала во изготвување и пријавување на повеќе научни проекти:

- носител на изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект „Подобри наставнички компетенции за поквалитетно универзитетско образование“;
- носител на изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект „Инклузија на лицата со попреченост на пазарот на трудот“, за

потребите на конкурсот во рамки на проектната програма “Education for employment in North Macedonia”, имплементиран од страна на Helvetas North Macedonia;
- носител на изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект „Функционално описменување на жените Ромки“, за потребите на конкурсот во рамки на проектната програма “Education for employment in North Macedonia”, имплементиран од страна на Helvetas North Macedonia;
- носител во изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект “United in Inclusion for Employability – UNITY”, Erasmus+ project, KA220ADU;
- соработник во изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект “Discovering a sustainable Mindset - New dimension in education for sustainable development focusing on intercultural values an ethics”, Erasmus+ project KA220VET.

Кандидатката д-р Елена Ризова учествувала во изработка на релевантни национални документи - ***Стратегија за доживотното учење 2017 – 2020,*** во координација на British Council – Skopje, DVV International, Bonn и Центарот за доживотно учење – Скопје. во рамките на IPA-компонента IV „Enhancing Lifelong learning through modernizing Vocational education and training and Adult education Sustems” (Project Reference Number: EuropeAid/135834/IH/SER/MK), септември 2016-ноември 2017.

Кандидатката проф. д-р Елена Ризова е уредник на едно меѓународно научно-стручно списание *International Journal for Education, Research and Training (IJERT)* во издание на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, член е на редакцискиот одбор на Годишниот зборник при Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, а уредник е и на зборник на трудови од меѓународен научен/стручен собир International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress.

Кандидатката д-р Елена Ризова е рецензент на повеќе меѓународни научно-стручни списанија: *International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE);* International Journal for Adult Education and Culture, Adult Education issued by DVV Bosnia and Herzegovina and Bosnian Cultural Center и Universal Journal of Educational Research.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Елена Ризова, во јануари 2022 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 5 ноември 2018 г.), кандидатката проф. д-р Елена Ризова од **стручно-применувачката дејност** остварила вкупно **90,5 поени**, со што значително го надминува минималниот број на поени (5) потребни за избор во звањето редовен професор.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елена Ризова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Ризова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области: андрагогија (50524) и педагогија (50500).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Елена Ризова да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: андрагогија (50524) и педагогија (50500).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**
**Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Елена Бранко Ризова

**Институција:**

Филозофски факултет – Скопје, Институт за педагогија

**Научна област:** педагогија (50500) и андрагогија (50524)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научните области област: **педагогија** со шифра **(50500), андрагогија** со шифра **(50524).**<br>Научно подрачје: општествени науки.<br>Научно поле: **образование (505)**. | **да** |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (IJCRSEE)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, Web of Science, SCImago Journal rank.<br>3. Наслов на трудот: ***Educational challenges of Roma minorities: The case of the Republic of North Macedonia.***<br>4. Година на објава: 2020 | **да** |
| | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, | **да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Безбедносни дијалози/Security Dialogues<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: ***Lifelong learning and educational challenges in Covid 19 pandemic***<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: International Journal for Education,Research and Training (IJERT)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор<br>вкупен број членови: 38<br>број и припадност по земји: 13 од Р. Македонија, 5 од Србија, 1 од Црна Гора, 2 од Италија, 3 од Русија, 2 од Германија, 4 од Хрватска, 1 од САД, 2 од Словенија, 1 од Босна и Херцеговина, 1 од Турција, 1 од Албанија, 1 од Романија и 1 од Бугарија.<br>3. Наслов на трудот: ***Methods and techniques for self-regulated learning in the context of the lifelong learning concept***<br>4. Година на објава: 2021 | **да** |
| | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофски факултет/ Annuaire de la Faculté de Philosophie<br>2. Меѓународен уредувачки одбор<br>вкупен број членови: 12<br>број и припадност по земји: Р. Македонија (1), Србија (3), Велика Британија (1), Ирска (1), Полска (2), Германија (1), Малта (1), Хрватска (1) и Бугарија (1).<br>3. Наслов на трудот: ***Educational offer and inclusion in non-formal adult education area***<br>4. Година на објава: 2020 | **да** |
Како што веќе навестува и насловот, првото поглавје ги утврдува основните линии според кои понатаму ќе се одвива истражувањето. Тука прво се истакнуваат аналогиите, а потоа и суштествените разлики меѓу античката филозофска мисла и христијанското учење. Пишувајќи за аналогиите, кандидатот го посочува ставот на некои истражувачи кои сметаат дека христијанството при своето обликување во раната патристика е толку блиско до античката мисла што би можело да се рече дека е само еден вид „нетипична гранка на западната филозофија, нешто што останало од богатата ризница на хеленската мисла“ ( стр. 20). Кандидатот Трајанов ја отфрла ваквата интерпретација како претерување и застранување од реалната состојба, но сепак укажува на „три таматски јадра“ кои јасно сведочат за блискоста на христијанското учење со античката мисла. Прво, и во двата идејни света филозофијата се толкува како паидеија, т.е. како душевно воспитание и образование. Познато е дека Платон инсистирал на филозофијата како метод за душевна преобразба на човекот, но за одбележување е што и Христа го нарекуваат педагог на човештвото. Понатаму, првите христијански учители себеси се сметале за филозофи, учители на мудроста која во основа е учење за Бога, теологија. Но, факт е дека и античката филозофија од страна на нејзините најкрупни претставници, како што се Платон и Аристотел, највисокиот и завршен облик на филозофијата го изедначувале со учењето за Бога, теологијата. Трето, и во антиката и во христијанството, филозофијата изворно се доживува не како чиста теоретска дисциплина, туку во прв ред како начин на живеење. Од самите зачетоци кај питагорејците, па преку Платон и Аристотел до стоиците и епикурејците, филозофијата има примарна задача да го научи човекот да живее на еден посебен, продуховен и осмислен начин. Патристичката мисла со својата аскетика е учење за првичниот грев и отпадништво на човекот,

но излезот од таа состојба и тука се гледа во посебен начин на живот. Во таа смисла, и св. Јован Златоуст говори за лекување на душата како животна задача на човекот.

Меѓутоа, на крајот на поглавјето, кандидатот заклучува дека и покрај овие сличности, христијанската патристичка филозофија не треба да ја гледаме исклучиво од призмата на елементите што таа ги има позајмено од античката филозофија. Внимателниот пристап и анализа откриваат дека тука, сепак, се работи за два различни светогледа во чија основа се вградени радикално различни пристапи. Како најважни разлики кои ја дефинираат посебноста на христијанскиот светоглед, Трајанов ги издвојува: 1) идејата за создавање на светот ex nihilo наспроти идејата за несоздаденоста на светот во античката филозофија; 2) линеарното и развојно поимање на историјата наспроти циклизмот во антиката; 3) личносното поимање на Бога наспроти усиолошката онтологија; 4) богочовечката синергија наспроти монизмот и дуализмот.

Второто поглавје (стр. 35-73) се свртува кон главната тема, односно кон св. Јован Златоуст како претставник на христијанскиот хеленизам. Но, веќе самата употреба на сложенката *христијански хеленизам* упатува на проблемот за неговата оправданост, посебно применет во случајот на св. Јован Златоуст. Дилемата е дали воопшто може да се зборува за христијанизација на хеленизмот. Несомнено е дека Златоуст бил многу добро образован во хеленистички дух. Тој во младоста се образувал кај Ливаниј, славниот учител по класична реторика, а притоа добро се запознал со античката култура во целина. За тоа сведочи честото споменување на античките филозофи, историчари и книжевници во неговите беседи. Кај Златоуст се среќаваат многу цитати, изреки и фрази од делата на хеленските поети, трагичари и комедиографи. Меѓутоа, погледнато одблизу, се поставува прашањето за неговиот суштински однос кон хеленизмот бидејќи споменувањата на некои антички имиња се дадени во контекст на критиката на паганската култура. Трајанов тука го изложува својот став дека, всушност, не може да се зборува за христијански платонизам или христијански стоицизам воопшто, па тоа важи и за Златоуст. Имено, христијанството прифаќа некои од прашањата што ги поставува античката филозофија, но тоа наедно дава радикално нови одговори на тие прашања. Светите отци се однесуваат селективно при употребата на античкото наследство, а тоа на конкретни примери се гледа и кај Златоуст. Затоа, не може да се зборува за некаков негов хеленизам или антихеленизам затоа што тоа би водело кон еднострап пристап. Анализирајќи го односот на Златоуст кон поединечните филозофи, Трајанов доаѓа до заклучок дека тој наедно ги користи, ги пофалува и ги критикува античките филозофи, но притоа редовно им пристапува од христијанскиот светоглед и со тоа изградува свој посебен став.

Дефинирајќи го интелектуалниот профил на св. Јован Златоуст, Трајанов истакнува дека тој на христијански план бил образуван во духот на антиохиската богословска наука, која истражувачки е свртена кон библизмот и кон етичката проблематика. Оттаму и главна област во која се развива неговата пастирско-егзегетска мисла е христијанската етика, со посебен акцент на нејзините социјални димензии. Во своите проповеди, св. Јован не ги обработува догматските теми на филозофско-спекулативен начин, туку се свртува кон широкиот аудиториум и разработува, главно, етичките теми. Токму на тој план, со доза на критичка дистанца, може да се следи влијанието на античката етика во неговото дело. Трајанов внимателно ги издвојува сите оние етички проблеми што св. Јован ги презентира под несомнено влијание на античката филозофија. Меѓу другите, се истакнува стоичкиот идеал на апатија во смисла на бестрастие, кој св. Јован го ублажува толкувајќи го како метриопатија, т е. умереност во однос на страстите. Потоа се укажува на поимот на лекување и нега на душата, кој е развиен кај Сократ и Платон, а кој Златоуст го поставува на чисто христијански фундамент.

Притоа се истакнува новиот пристап на етички план во христијанството. За разлика од античкиот концепт кој се дефинира како онтолошка втемеленост на светот и моралот во човековиот свет, кај св. Јован се застапува еден вид личносна онтологија од која израснува нов морален светоглед.

Во следното, трето поглавје, Трајанов прави историско-семантички осврт кон поимот *етос (ēthos)*, при што укажува на различните сфаќања во антиката и во христијанскиот свет. Во античката филозофија, терминот „етос“ содржи повеќе значења, а меѓу нив се издвојуваат значењата на дом, природа на човекот, нарав, односно морално однесување и навика. Христијанството, поточно ранохристијанската патристика, го презема овој термин, но наедно му дава ново значење. Св. Јован Златоуст се надоврзува на оваа традиција и на зборот му дава нови изнијансирани значења. Имено, кај него во прв план истапува значењето на заедничарење со Бога. За христијанскиот етос, највисоко одредувачко значење има заедницата со Бога. Токму во таа смисла за христијанскиот етос може да се говори не само како за морална туку и како за онтолошка категорија. Златоуст дава свој посебен придонес во дооформувањето на таа идеја за личносна онтологија во тријадолошки контекст.

Четвртото поглавје ја обработува токму оваа тема која зазема централно место во истражувањето. Трајанов уште на почетокот истакнува дека самиот поим на личносна онтологија во христијанското учење не може правилно да биде разбран без осврт кон античката филозофија во која веќе на посебен начин се осмислени клучните термини: хипостасис (hypostasis), усиа (ousia) и просопон (prosōpon). Навраќајќи се на античките корени, кандидатот истакнува дека тука не се среќава онтолошко поимање на личноста. На прашањето *што е човекот*, античката филозофија е доследна на „усиолошката онтологија“, што значи дека секое посебно суштество, па и човекот, може да биде дефинирано исклучиво од аспект на неговата суштина, т.е. општото, односно од аспект на видот и родот на кој припаѓа. Без оглед на различните пристапи кај поединечните антички филозофи, овој дедуктивен пристап, подвлекува Трајанов, е заедничка одлика на филозофијата не само во антиката, туку и за некои толкувања на човековата личност во поново време.

Врз оваа античка претстава низ историјата на христијанството се јавуваат низа ереси за кои пишува и св. Јован Златоуст. Не излегувајќи од рамките на хеленскиот усиолошки модел на онтологијата, тие ереси Божјото битие го поистоветуваат со суштината (природата) на Бога. Тоа доведува до низа недоразбирања бидејќи таквата онтотеологија се изградува според матрицата на античката филозофија, односно врз основа на ставот според кој примарното онтолошко начело е суштината (ousia).

Меѓутоа, троичната теологија на црквата во никој случај не може да биде изразена низ категориите кои одговараат строго на менталитетот на хеленизмот. За да ја изразат автентично својата вера во Троичниот Бог (Бог Отец, Син и Светиот дух), светите отци, посебно претставниците на Кападокиската школа, позајмувајќи термини од хеленската филозофија, во нив внеле нова содржина и ги ставиле во сосема нов контекст. Главно место во тријадолошкиот јазик на христијанските автори имале наследените термини: *ипостасис*, *усиа* и *просопон*, но со посебно, ново значење. Во своето навраќање на античката употреба на овие термини, Трајанов покажува дека тие не се значенски изнивелирани. Така, *просопон* немал никакво филозофско значење и на никој начин не бил поврзан со *хипостасис* (*ипостас* според подоцнежниот изговор), додека *хипостасис*, како филозофски поим, бил тесно поврзан со *усиа* и тоа до таму што на места значенски се изедначува. Делумната синонимна употреба на овие два термина, секако, претставувала тешкотија со која се соочиле христијанските автори, но главниот проблем не бил само терминолошки туку и, во прв ред, суштествен, бидејќи античката филозофска традиција *усиа* секогаш го ставала на повисоко онтолошко рамниште во однос на нејзините

конкретни пројави. Ориген е првиот кој терминот *хипостасис* го користел за разликување на трите личности на Светата Тројца. Така бил пронајден начин за изразување на онтолошкиот статус на секое лице на Бог Света Тројца без притоа да биде доведен во прашање монотеизмот и апсолутната онтолошка инаквост и независност на Бог во однос на светот. Терминот *ипостас* се покажал најпогоден во тријадолошкиот јазик за означување на трите божествени лица бидејќи укажувал на нешто што вистински постои.

Оваа идеја е дооформена од страна на кападокиските отци, но Златоуст не само што ја усвоил, туку прецизно направил разлика помеѓу трите божествени ипостаси и едната природа (суштина, т.е. *усиа*) на Бог. Тој бил првиот теолог, надвор од кападокискиот круг, кој го сфатил суштественото значење на оваа богословска дистинкција.

Трајанов одбележува дека некои истражувачи сметаат дека разграничувањето меѓу *усиа* и *ипостас* е направено според познатата Аристотелова дистинкција меѓу *ousia prōtē* и *ousia deutera*. Според нив, кападокијците во својата тринитарна теологија терминот *испостас* го поистоветиле со првата суштина (поединечното), а терминот *усиа* со втората суштина (општото). Но Трајанов го поддржува критичкото гледиште според кое божествените ипостаси (лица) не се просто три индивидуи. Божјото триединство е над секоја аналогија и способноста на човековиот разум и јазик да го изрази и тој проблем поскоро припаѓа на апофатичката теологија.

Во завршниот дел на ова поглавје, кандидатот ја подвлекува разликата на пристапот меѓу западната и источната теологија. Додека западно ориентираното гледиште останува да биде усиолошко и онтотеолошко, пристапот на источните отци е личносен. А тоа значи дека онтолошко начело не е суштината, туку личноста на Бог Отец, кој е корен и извор на Синот и Светиот Дух. Токму оваа идеја за личноста како онтолошки поим е новитетот преку кој христијанската мисла се оддалечува од есенцијалистичкото хеленско мислење и се насочува кон персонален пристап. Тоа значи дека првична не е суштината (*усиа*), туку нејзините дејствени пројави, односно неговата егзистенција. „Темата за личносната онтологија во делата на свети Јован Златоуст е имплицитно присутна на едно предискурзивно ниво, втемелено во Божјото откровение и искуството на верата“, заклучува Трајанов (стр. 152).

Пишувајќи во заклучното поглавје на својата дисертација за антрополошко-аретолошките импликации на ова учење, кандидатот подвлекува дека за св. Јован Златоуст, врската меѓу поимот *човек* и поимот *добродетел* е нераскинлива и дека тие се неразбирливи ако се издвоени еден од друг. Во тој контекст, Златоуст во своите беседи говори за еден етички волунтаризам, кој е чиста спротивност на античката филозофска мисла. Додека во антиката доминира идејата за космички поредок и нужност, Златоуст, во духот на библиско христијанскиот светоглед, на прв план ја истакнува волјата на личносниот Бог која е неусловена од каков и да е метафизички поредок. Во тој контекст се јавува и развиениот концепт на човековата слободна волја. Согласно со овој своевиден етички волунтаризам на свети Јован, онтолошкото сфаќање на човековата слобода и отфрлањето на детерминизмот имаат фундаментално значење.

Следствено на ова толкување на светот, на местото на поимот на правда кој е една од главните одлики на Платоновото и Аристотеловото учење на светот и човекот, кај св. Јован Златоуст истапува поимот на љубовта. Христијанскиот етос кој е заснован на личносната онтологија кулминира во личносната љубов. Љубовта кон Другиот е главниот двигател на христијанската аретологија. Така, слободата (слободната волја) и љубовта произлегуваат од онтолошкиот карактер на христијанскиот етос.

Самата личносна онтологија со своите гносеолошки импликации има фундаментално значење и за разбирањето на поетиката на Златоустовото беседништво, заклучува Трајанов. Највисокиот облик на спознание се разбира како личносно општење, па затоа во беседништвото на Златоуст интелектуалното знаење и методите на реторската аргументација не се отфрлаат туку се надминати од личното заедничарење како повисок степен на спознание.

Во заклучокот на дисертацијата е даден стегнат приказ на целото истражување, како и основната аргументација со јасно истакнување на поединечните и основната теза на трудот.

Пристапувајќи кон критичка оценка на докторската дисертација на м-р Кирче Трајанов, може да истакнеме неколку важни одлики. На прво место паѓа в очи високото ниво на способност да се обработи, да се истражи и да се презентира едена сложена, компаративна проблематика. Кандидатот покажува дека подеднакво владее како со христијанската доктрина, така и со античката филозофија што му овозможува да навлезе во детали на компаративната анализа. Понатаму, за одбележување е неговата умешност целото истражување да го води по една јасно дефинирана развојна линија движејќи се кон изведувањето на завршните заклучоци. За тоа сведочи и многу јасно дефинираниот план на излагањето и неговата успешна реализација.

За високото ниво на усвоената научна методологија говори и научниот апарат. Во тој поглед заслужува внимание не само обемната библиографија (стр. 213-250), туку и критичкиот избор што тука е направен и стручното разграничување на извори, кирилична литература од 234 и латинична литература од 165 единици, како и речничка литература од 15 релевантни единици. За реалната искористеност на оваа обемна литература сведочат вкупно 814 фусноти, кои во голем број се претвораат во коментари во кои дополнително се анализираат некои посебни проблеми.

Кон ова треба да се одбележи и јасниот и стегнат стил на излагање на материјата, како и чистиот, беспрекорен македонски јазик со кој кандидатот суверено се служи.

Врз основа на сето ова, ние, членовите на долупотпишаната комисија, сме слободни докторската дисертација под наслов „Поетиката на христијанскиот етос во беседите на свети Јован Златоуст“ на м-р Кирче Трајанов да ја одобриме за одбрана.

Со почит,

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Димовска (претседател), с.р.**
**Акад. проф. д-р Витомир Митевски (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Весна Томовска Митровска, с.р.**
**Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓиевски, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Поповска, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Слободан Танасковски | „Семантичките метаморфози на Λάμια во традицијата на балканските народи “ | The semantic metamorphoses of Λάμια in the tradition of the Balkan nations | проф. д-р Валериј Софрониевски | 10-470/3 од 3.3.2022 год. |
| 2. | Мирјана Јованова | „Функционалност на семејството и девијантното однесување кај адолесцентите “ | Family Functionality and Deviant Behavior in Adolescents | проф. д-р Татјана Стојановска Иванова | 10-503/3 од 3.3.2022 год. |
| 3. | Викторија Сиљаноска | „Корелација помеѓу моторниот развој и развојот на говор кај децата“ | Correlation between motor development and speech development in children | Проф. д-р Оливера рашиќ Цаневска | 10-549/3 од 3.3.2022 год. |
| 4. | Филип Милошевски | „Улогата на меѓународните организации во одржување на глобалниот мир“ | International organizations role in insuring global peace | Проф. д-р Рина Киркова | 10-588/2 од 3.3.2022 год. |
| 5. | Марија Стефановска | „Процена на праксичка организираност кај деца од предучилишна возраст“ | Assessment of praxis in preschool children | проф. д-р Горан Ајдински | 10-399/3 од 3.3.2022 год. |
| 6. | Мартина Трајковска | „Дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик“ | Methodical - didactic designing of teaching materials for the program areas – Initial reading and writing and Language | Проф. д-р Елизабета Томевска Илиевска | 10-492/3 од 3.3.2022 год. |
| 7. | Викторија Петровска | „Општествените промени и развојот на македонскиот театар во период после Втората светска војна до денес“ | Social changes and the development of the Macedonian theater in the period after the Second World War until today | Проф. д-р Антоанела Петковска | 10-613/3 од 3.3.2022 год. |
| 8. | Сашо Веновски | „Социолошки аспекти на современите културни војни во САД“ | The sociological aspects of contemporary cultural wars in the USA | Проф. д-р Антоанела Петковска | 10-612/3 од 3.3.2022 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
### 3. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Игор Ефтимовски | „Симболичките парадигми отсликани во материјалната култура на Охридско-Преспанскиот регион во I милениум п.н.е.“ | "Symbolic paradigms reflected on the material culture of the Ohrid - Prespa region on the I millennium BCE" | Проф. д-р Никос Чаусидис | 2.3.2022<br>10-325/3 |

Образец ИД-11

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ПО ГРАМАТИКА НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК – СИНТАКСА 2“, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА НАТАША СТОЈАНОВСКА-ИЛИЕВСКА

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 20_/20_ година, бр.11-_ од _._.20_ година и Барањето за издавање на учебното помагало „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ во печатена/електронска форма, од авторката Наташа Стојановска-Илиевска, со Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 12-49/2, донесена на 31.1.2022 година, за рецензенти се избрани: д-р Елени Бужаровска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Наташа Стојановска-Илиевска |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2 |
| **Назив на студиската програма** | Англиски јазик и книжевност |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | Неделен фонд: 2+2<br>Семестрален фонд: 30+30<br>5 ЕКТС-кредити |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 90-100 студенти |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | 84 страници, А4-формат |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, с.р.**

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНИ БУЖАРОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебното помагало *Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2* е поделено во 12 поглавја. Секое поглавје обработува одредена граматичка тема во англискиот јазик. Избор на темите е направен според наставната програма и соодветствува на учебникот по синтакса што се користи за предавање на овој предмет. Структурата на учебното помагало е многу логична и прегледна. Така, по воведот во реченичната структура следат поглавја посветени на синтаксички функции на простата реченица: субјект, директен објект, индиректен објект, предикатски дополненија. Следните поглавја ги обработуваат формите со кои се изразуваат овие функции: именска фраза, предикатски израз, придавска синтагма и прилошки изрази. Последното поглавје е наменето за повторување на материјалот преку интегрални вежби кои содржат повеќе научени содржини. Остава впечаток дека сите поглавја имаат иста структура и се организирани според истите принципи. Секое поглавје содржи вежби идеално балансирани од формална, содржинска и методолошка перспектива. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебното помагало *Практикум по Граматика на англискиот јазик - Синтакса 2* целосно соодветствува со предметната програма на наведениот предмет во кој се обработуваат теми поврзани со граматичкиот систем на англискиот јазик. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Општиот впечаток за помагалото е дека нуди разнороден, интересен и сеопфатен материјал, со што се зголемува ефективноста на усвојување на новите граматички содржини.<br>По содржина, вежбите се добро обмислени, инвентивни и фокусирани на зададената тема, а методолошки се успешно градирани според тежината на материјалот. Вежбите ги обработуваат сите аспекти на зададената тема на разни начини за да се задржи интересот на студентите и да се избегне монотонијата. Како иновација, вклучени се вежбите кои се применуваат во |

| | |
|---|---|
| | согласност со современите методи во наставата, како што се вежбање на одредена структура во контекст и вежби со интегрирање на ИКТ (информациско-комуникациски технологии) кои се работат врз основа на мултимедијални презентации достапни на интернет, со што се придонесува за поуспешно совладување на содржините. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | *Практикум по Граматика на англискиот јазик - Синтакса 2* е длабоко осмислено, добро структруирано и одлично напишано учебно помагало, кое е неопходно за успешно совладување на материјалот од синтаксата на англискиот јазик.<br>*Практикумот* во целост ги покрива потребните содржини од предметот Синтакса 2. Сметаме дека неговото објавување ќе биде од особено значење за студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и ќе придонесе за полесно и успешно усвојување на синтаскичките категории и конструкции во англискиот јазик. |
| **Предлози за потребни корекции** | нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | / |
| **Други елементи** | / |

**Потпис на рецензентот**

**Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.**

## 3. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА ЛАЗАРЕВСКА-СТАНЧЕВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебното помагало „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ е поделено во 12 поглавја и 2 дополненија. Секое поглавје содржи голем број на разновидни вежби што се усогласени со содржината на предметот Граматика на англискиот јазик - Синтакса 2.<br>Првото поглавје е посветено на реченичната структура и вклучува вежби во кои студентите треба да ги одредат субјектот и предикатот и како истите структури се реализираат во посебни реченици или во извадоци од оригинални текстови преземени од литературни дела. Во последната вежба е даден линк од видеопредавање за обработуваната тема, по кој следат соодветни прашања.<br>Поглавјата од II до V вклучуваат вежби посветени на елементите на реченичната структура: субјект, директен и индиректен објект и дополненија на субјектот и објектот. Во овие поглавја се содржани разновидни вежби во кои се очекува студентите да ги дополнат празните места преку наведување на соодветниот концепт или преку наведување на соодветен пример, или да ги идентификуваат бараните реченични елементи во извадоци од литературни текстови на модерен англиски јазик. На крајот и од овие две поглавја наведени се линкови за видеопредавања проследени со прашања поврзани со обработуваната тема.<br>Поглавјата VI и VII се посветени на именската фраза. Двете поглавја вклучуваат повеќе видови на вежби за модификација на именската фраза, како и за функцијата и употребата на заменските форми. Од студентите се очекува да ги надополнат празните места со наведување на точни концепти или соодветни примери или, пак, да ги идентификуваат бараните концепти во вежби составени од засебни реченици или извадоци од литературни текстови. Исто така, вклучени се вежби во кои се очекува студентите да одговорат на |

| | |
|---|---|
| | прашањата од обработуваната тема и да дадат соодветни примери, а и двете поглавја завршуваат со линкови за видеопредавања проследени со прашања поврзани со обработуваната тема.<br>Во поглавјата VIII и IX, вклучени се вежби за глаголската фраза, пред сè за глаголските форми, глаголските категории со посебен осврт на глаголската категорија модалност. И двете поглавја содржат вежби со надополнување на празните места со точни концепти или соодветни примери, одговори на прашања со поткрепа на примери, идентификација на соодветните форми и концепти во оригинални текстови или засебни реченици, како и линкови за видеопредавања на соодветните теми и поврзани прашања.<br>Поглавјата X и XI се фокусираат на придавските и прилошките фрази. И двете поглавја инкорпорираат вежби преку кои студентите треба да ги извежбаат специфичните карактеристики и употреби на придавските и прилошките фрази. Вежбите се со надополнување на празните места со точни концепти или соодветни примери, одговори на прашања со поткрепа на примери, идентификација на соодветните форми и концепти во оригинални текстови или засебни реченици, како и линкови за видеопредавања на соодветните теми и поврзани прашања.<br>Поглавјето XII претставува повторување на сите опфатени содржини преку дополнителни вежби. Во ова поглавје, вклучени се и вежби што содржат граматички неприфатливи реченици направени од изучувачи на англискиот јазик, а од студентите се очекува да ги утврдат и објаснат неправилностите.<br>Во дополнението 1, даден е тест за вежбање со цел студентите да ги проверат своите стекнати знаења и да се запознаат со форматот на крајниот испит.<br>Во дополнението 2, наведени се книгите од каде што се црпени текстовите за |

| | |
|---|---|
| | вежби заедно со кратенките за секој извор. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебното помагало „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ соодветствува во целост со предметната програма на предметот Граматика на англискиот јазик – синтакса 2, во кој се обработуваат теми поврзани со структурата на реченицата, реченичните елементи, именските и глаголските фрази, како и придавските и прилошките фрази. Наведените содржини се проучуваат од семантичко функционална перспектива, притоа земајќи го предвид поширокиот дискурс. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ е одлично осмислено и успешно напишано учебно помагало. Учебното помагало е составено од 12 поглавја, во кои се вклучени најразновидни вежби. Поглавјата содржат најмалку 8, а најмногу 18 различни вежби и се во согласност со опсегот на содржината што се обработува. Вежбите се внимателно осмислени со цел да им овозможат на студентите полесно да ги усвојат содржините. Тие се организирани од поедноставни кон потешки. Преку вежбите, студентите не само што можат да полесно да ја усвојат обработуваната содржина туку имаат можност да ја сфатат поврзаноста на граматичките форми и значењето, како и фактот дека граматичките форми постојат за да се овозможи поедноставно и поефикасно пренесување на значењето, а со тоа и успешна комуникација помеѓу луѓето. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 84 страници, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 12 поглавја (вклучувајќи ја литературата).<br>Сметаме дека објавувањето на ова учебно помагало ќе биде од особено значење за студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, затоа што ќе им овозможи полесно и поефикасно да ја усвојат оваа |

| | |
|---|---|
| | комплексна проблематика. Ова учебно помагало може да биде применето во секоја наставна средина во која се третира наведената проблематика. |
| **Предлози за потребни корекции** | нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | / |
| **Други елементи** | / |

**Потпис на рецензентот**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебното помагало „Практикум по Граматика на англискиот јазик – Синтакса 2“ во електронска форма од авторката Наташа Стојановска-Илиевска

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, с.р.**

*Забелешка: Рецензијата објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници, со проред 1.*

# *П Р Е Г Л Е Д*
## *НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Благоја Новески | „Меѓународното банкарство во 21-от век“ ,,International Banking for a 21 century,, | Д-р Снежана Костадиноска Милошеска | Одлука бр. 02 – 100/2 од 25.2.2022 година |
| *2.* | Магдалена Кузмановиќ | „Улогата на информациската технологија во бизнис логистиката, со посебен осврт на каналите за дистрибуција” „The role of information technology in business logistics, with special reference to distribution channels“ | д-р Марија Таковска | Одлука бр. 02-104/2 од 25.2.2022 година |
| | | | | |

## *П Р Е Г Л Е Д*
## *НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| ***Ред. бр.*** | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Борјана Стојкова | „Современи аспекти на микрофинансирањето со посебен осврт на социјалните аспекти, комерцијализацијата и дигитализацијата“ „Contemporary aspects of microfinansing with special focus on social aspects commercialization and digitalization“ | Д-р Климентина Попоска | Одлука бр. 02 – 73/3 од 25.2.2022 година |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје**

**Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Вера Димитриева | Примена на ИСО стандардите во управувањето со човечките ресурси | Application of ISO standards in human resource management | вон. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска | 02-193/13 од 24.2.2022 |

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Наслов на темата | Ментор | Одлука од Советот на Институтот за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | м-р Ема Лакинска | Архетипско читање на македонските сказни (врз избор сказни запишани од Марко Цепенков)<br><br>Archetypal Reading of Macedonian Tales (on a Selection of Tales Written by Marko Cepenkov) | проф. д-р Наташа Аврамовска | Бр. 13- 330/5 од 29.12.2021 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ПРЕДВРЕМЕН ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, на седницата одржана на 17.1.2022 година (со Одлука бр.02-25/2 од 24.1.2022 година), нѐ именува за членови на Рецензентската комисија по пријавата на проф. д-р Александар Литовски, виш научен соработник во Одделението за историја на македонскиот народ 1941 – 1991 во ЈНУ Институт за национална историја, а по објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15. 12.2021 година, за избор во научното звање научен советник/редовен професор. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Јанчева, проф. д-р Катерина Мирчевска и проф. д-р Александар Симоновски, врз основа на темелно проучените материјали, доставени на увид од кандидатот, има чест на Советот на ЈНУ Институт за национална историја да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Проф. д-р Александар Литовски е роден 1967 година во Битола, каде што го завршил основното и средното образование. Во 1992 година, дипломирал на УКИМ – Филозофски факултет, група: историја. Во мај 2001 година, на УКИМ, Филозофски факултет, ја одбранил магистерската теза со наслов „Врските и соработката на македонските националноослободителни движења од сите делови на Македонија во 1943 година“, а во јануари 2007 година ја одбранил докторската дисертација со наслов „Македонската националноослободителна платформа во текот на Втората светска војна (1941 – 1944)“. Вработен е во ЈНУ Институт за национална историја, на работното место виш научен соработник/вонреден професор, во Одделението за нова и најнова историја. Долги години работеше како кустос-советник во Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола. Член е на Одделението за историско-географски науки и на Управниот одбор при Македонското научно друштво од Битола, како и член на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, согласно со Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија (до декември 2020).

Проф. д-р Александар Литовски е автор на повеќе научни трудови (монографии, статии, прилози, редакција на документи), рецензии на книги, рецензии на статии, изложби со историска тематика, новинарски колумни и есеи, соработува со разни весници и списанија и е член на Здружението на новинари на Македонија.

Од објавените научни трудови, евидентно е дека научната преокупација на проф. д-р Литовски е историјата на Република Северна Македонија (ДФМ, СРМ РМ), во потесна смисла на зборот, и историјата на регионот (Балканот) во текот на Втората светска војна и потоа, во поширока смисла на зборот.

Во извештајниот период, кандидатот проф. Литовски подготвил две монографии: Попатни паралипомени, Сојуз на антифашисти-Антифа, Битола, 2019, 223 и Историографски статии, Здружение за негување на антифашистичките традиции „19 Ноември“, Битола, 2021, 318. Уредил, редактирал и коментирал и два зборника на документи: Ослободувањето на Битола и Битолско октомври-ноември 1944 – документи, Здружение за негување

на антифашистичките традиции „19 Ноември“, Битола, 2020, 481 (коредактор) и Сеќавања на Цветко Узуновски и Ристо Бајалски, ДАРСМ, Скопје, 2021, 609.

Своите научни достигнувања кандидатот ги изнел и во повеќе научни статии објавени во научни списанија и зборници на трудови: Прилог за третманот на македонското национално прашање во егејскиот дел на Македонија во време на Втората светска војна (до АСНОМ), Зборник на трудови на НУ Завод и музеј –Битола, бр. 21, Битола, 2018, 117-128; Прилог за животот и делото на Стево Христовски-Патако, врз основа на спомените на Димитар Димитровски, Зборник на трудови на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, бр. 22, Битола, 2019, 83-100; Македонското прашање и Кралството СХС 1919-1923; Дан вредан века: 1. XII 1918. Београд : Музеј Југославије, 2017; Воените операции за ослободување на Битола и Битолско во 1944 година, сп. Историја, LV, Скопје, 2020, бр. 1, 81-92 (коавтор); Грчко-италијанската војна и почетното организирање на антифашистичката борба во егејскиот дел на Македонија низ спомените на Наум Пејов, Зборник на трудови на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, бр. 23, Битола, 2020, 25-38; Прилог за германските воени гробишта „Тотенбург“ во Битола, Гласник ИНИ, 64, бр. 1, Скопје, 2020, 121-126, (коавтор); Прилог за започнувањето и работата на првото македонско училиште во текот на НОАВМ во село Подвис, Зборник на трудови на Пелагониски културно-научни средби, бр. 16, Новаци, 2020, 224-232; Прилог за дефинитивното ослободување на Струмица (крај на октомври – почеток на ноември 1944 година. Балканот и Балканските народи - паралели во историјата и во современоста : [зборник на трудови Едиција Научни собири; кн. 5], Струмица : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2021, 181, (коавтор); Ревизионизмот и наспроти него, е-списание „Револуција“ бр. 4, Здружение за негување на антифашистичките традиции „19 Ноември“, 2021, 9-15; Големобугарската пропаганда и отпорот против неа во време на Антифашистичката војна низ сеќавањата на Ристо Бајалски, Гласник ИНИ, 65, бр. 1, Скопје, 2021 (во печат); Контакти и соработка меѓу антиокупаторските движења на Македонија и Албанија (1941 – средина на 1943 година)“, Зборник на трудови на националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Битола за 2021 година. (во печат); Воени дејствија на Вермахтот во западниот дел на Македонија и соработката на македонските и албанските партизани (септември-декември 1943 година), прилог поднесен на Научниот собир Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 година, Симпозиум МАНУ-ИНИ, 27 септември 2021 (коавтор), доставен до редакцискиот одбор за објавување.

Покрај објавените трудови, проф. д-р Литовски е дел од тимот на ЈНУ Институт за национална историја кој го реализира макропроектот „Терминолошки историски речник“, а тековно е вклучен и во сите активности на ЈНУ Институт за национална историја поврзани со постдипломските и докторските студии. Во текот на 2021 година, бил член на Рецензентската комисија за одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Павле Арсоски.

Кандидатот проф. д-р Литовски е автор и на повеќе рецензии на научни монографии и зборници на документи: Роберто Трајковски, Вермахтот и Егејска Македонија 2019; Роберто Трајковски, СС дивизијата Скендер бег“ 2020; Хроники на селата во Еницевардарско, Воденско, Кукушко, Драмско, Леринско и Костурско, том III, книга 1, со избор, предговор, вовед и редакција на д-р Катерина Мирчевска, д-р Димитар Љоровски и д-р Љубица Јанчева, ДАРСМ, Скопје, 2020, 299; Хроники на селата во Еницевардарско, Воденско, Кукушко, Драмско, Леринско и Костурско, том III, книга 2, со избор, предговор, вовед и редакција на д-р Катерина Мирчевска, д-р Димитар Љоровски и д-р Љубица Јанчева, ДАРСМ, Скопје, 2020, 351; Донка Барџиева Трајковска, “Бегство од наследството” (во печат), и автор а рецензии на повеќе научни статии објавени во научни списанија и зборници на трудови.

Автор е и стручен консултант и на повеќе музејски поставки и изложби со историска тематика: Евреите од Македонија во НОБ во 2019 (автор); Евреите од Битола во 2019 (автор); АСНОМ 2020 - Музеј на Македонија (учество со воведен текст и стручен

консултант); Деца бегалци од егејскиот дел на Македонија – 70 години (Скопје 2019) (автор); Сонцељубивите Македонски Сефарди (автор, Струмица, декември 2019).

Во стручно апликативниот дел од неговиот академски опус треба да се спомене и неговото активно учество како член во повеќе комисии и тела на државни органи, тела и здруженија: член на Рецензентска комисија за избор во стручни звања од музеологијата при Министерство за култура на РСМ, 2018 – 2020; член на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“, 2018 – 2021; член на Советот за филателија на Македонска пошта – Скопје (2020 – 2022); член на експертската мултидисциплинарна Комисија за историски и образовни прашања меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија (2018 – 2020); член на Здружението на новинари на РСМ. Дел од неговиот творечки опус, во овој стручно-апликативен дел, го сочинуваат и мноштво натписи/колумни, во електронски и печатени медиуми, како и промоции на монографски трудови кои не се вкалкулирани во табеларниот образец приложен кон рецензијата.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на гореизнесеното за научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на проф. д-р Александар Литовски, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека тој во изминатиот период покажал и постигнал значајни резултати во доменот на неговата научноистражувачка и стручно-апликативна работа. Комисијата констатира дека кандидатот, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни звања на Министерството за образование и наука, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање во ЈНУ Институт за национална историја, ги исполнува барањата и критериумите за избор во звањето научен советник. Затоа, имаме чест, на Советот на ЈНУ Институт за национална историја да му предложиме проф. д-р Александар Литовски да биде избран во звањето научен советник.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Љубица Јанчева, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Мирчевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Симоновски, с.р.**

## *ОБРАЗЕЦ*
### *КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ*

Кандидат: проф. д-р Александар Литовски
Институција: ЈНУ Институт за нацнонална историја
Научна област: историја
Научноистражувачка (НИ)
Наставно-научна дејност (НН)
Стручно-апликативна дејност (СА)

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија | 16 |
| 2. | Избор, подготовка, коментари/редакција на историски извори или архивска граѓа | 7,6 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание | 36 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународно значење | 10,8 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови со меѓународна редакција | 3 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир | 3,8 |
| 7. | Учество на национален научен собир со реферат | 1,8 |
| 8. | Учество во подготовка на научен проект (одобрен) | 1 |
| 9. | Рецензент на научна монографија | 15 |
| 10. | Рецензент на научен труд/статија | 24 |
| 11. | Член на редакциски одбор на научно списание | 1 |
| 12. | Учество во подготовка на музејска поставка | 5 |
| 13.<br><br>14. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br><br>Член во комисии и тела на државни и други органи/здруженија | 0,5<br><br>5 |
| Вкупно: | | 130,5 |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Љубица Јанчева, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Мирчевска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Симоновски, с.р.**